**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# НА
# МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**2015-2017 година**

**Скопје**

**2014**

***ПРОГРАМИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА***


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **ВОВЕД** | **5** |
| **1.1.** | **МИСИЈА** | **7** |
| **1.2.** | **ВИЗИЈА** | **7** |
| **1.3.** | **ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА** | **7** |
| **1.4.** | **СПЕЦИФИЧНОСТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ВО ОДНОС НА ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА** | **8** |
| **1.5.** | **СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА** | **10** |
| **1.6.** | **ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ** | **12** |
| **1.7.** | **ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА МТСП** | **12** |
| **1.8.** | **НАЧЕЛА НА МТСП** | **13** |
| **1.9.** | **ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА** | **15** |
| **1.10.** | **ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2013 ГОДИНА** | **24** |
| **1.10.1.** | **Пазар на трудот и одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа** | **24** |
| **1.10.2.** | **Социјална сигурност** | **30** |
| **1.10.3.** | **Еднакви можности и антидискриминација** | **47** |
| **1.10.4.** | **Усогласување со Европска унија и меѓународна соработка** | **49** |
| **1.10.5.** | **Тековно и инвестициono вложување-изградба, реновирање и опремување на објекти и информациско комуникациска технологија** | **54** |
| **1.10.6** | **Заеднички функции на МТСП за 2013 година** | **55** |
| **1.11** | **ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2014 ГОДИНА** | **61** |
| **1.11.1.** | **Пазар на трудот и одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност** | **61** |

| | | |
|---|---|---|
| | **и здравје при работа** | |
| **1.11.2.** | **Социјална сигурност** | **68** |
| **1.11.3.** | **Еднакви можности и антидискриминација** | **86** |
| **1.11.4.** | **Усогласување со Европска унија и меѓународна соработка** | **88** |
| **1.11.5.** | **Тековно и инвестиционо вложување-изградба, реновирање и опремување на објекти и информациско комуникациска технологија** | **96** |
| **1.11.6.** | **Заеднички функции на МТСП за 2014 година** | **98** |
| **1.12** | **ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2015-2017 ГОДИНА (ПРОГРАМИ И ПОТПРОГРАМИ)** | **104** |
| **1.12.1.** | **Пазар на трудот и одлучување по прекршоци од обласга на работните односи и безбедност и здравје при работа** | **104** |
| **1.12.2.** | **Социјална сигурност** | **112** |
| **1.12.3.** | **Еднакви можности и антидискриминација** | **134** |
| **1.12.4.** | **Усогласување со Европска унија и меѓународна соработка** | **138** |
| **1.12.5.** | **Тековно и инвестиционо вложување-изградба и опремување на објекти и информациско комуникациска технологија** | **146** |
| **1.13.** | **Развивање на заеднички функции на МТСП** | **152** |

Почитувани,

Министерството за труд и социјална политика, согласно со своите надлежности ги обединува политиките поврзани со вработувањето, работните односи, социјалната заштита, правата и заштитата на децата и нивните семејства, социјалната сигурност на пензионерите, заштита од дискриминација и сл.

Министертсвотото, активно и во континуитет подготвува, предлага и импелементира мерки, активности, закони и стратегии кои се однесуваат на регулирањето на работните односи и нивно подобрување, заштита на правата и сигурноста на вработените, решавање на проблемот на невработеноста, зголемување на мотивацијата за работа наспроти негативните влијанија на социјалните давања, јакнење на капацитетите на институциите на пазарот на трудот, јакнење на ефикасен и ефективен социјален дијалог на сите нивоа,

функционирање на ефикасни социјални институции, обезбедување на социјална сигурност на лицата во социјален ризик, пензионерите, обезбедување на поголема еднаквост помеѓу половите и заштита од секаков вид на дискриминација и сл.

Креирањето на политиките, мерките и активностите, се темелат на сеопфатни анализи, состојби и трендови, на меѓународните стандарди и позитивните искуства во Европската унија.

Стратешкиот план, е документ во кој се утврдени програми, потпрограми, проекти, мерки и активности кои треба да се остварат, имајќи ја во предвид јасно дефинираната мисијата и визијата на Министертсвото за труд и социјална политика.

Очекувам имплементацијата на Стратешкиот план за периодот 2015-2017 година, со целосна и поголем посветеност на вработените, во целост да се релизира, со што ќе се придонесе за подобрување на состојбите во областа на пазарот на трудот, усогласување на законодавството со законодавствоото на ЕУ, социјалната сигурност на сите граѓани, и исполнување на условите кои се поврзани со надлежностите на Министертсвото за труд и социјална политика за пристапување кон Европската унија.

Скопје, 2014 година

Министерство за труд и
социјална политика
Министер,
Диме Спасов

## 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика (МТСП[1]) за периодот 2015-2017 година, претставува пишан документ, општа рамка во кој се наведени главните карактеристики на МТСП, како што се: мисија, визија, задачи и обврски на органот, специфичности на органот, организационата структура на МТСП, организационите единици и органите во состав, приоритетните цели на МТСП, кои се во корелација со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2014 година. Исто така, направен е осврт на постигнатите резултати за 2013 и 2014 година. Во делот на матрицата се дефинирани основните програми, потпрограми и активности на МТСП. Стратешкото планирање, како сет од избор на активности, претставува организиран процес на колективни промени, кои опфаќаат цели, ресурси, критериуми за избор, структури, организациони, институционални и персонални односи, кои ја сочинуваат сржта на процесот.

Стратешкиот план, како основен инструмент, ги одразува приоритетите, целите и задачите на МТСП, кои се во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, за период на временска рамка од три години.

Овој стратешки план претставува водич на сите вработени во МТСП, во однос на исполнување на нивните задачи и обврски. Функцијата на самиот документ, имплицара потреба од анализа на програмите и потпрограмите, како и мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Консеквентно на тоа, се наметнува потреба од идни насоки за следните чекори кои треба да се преземат, со цел

[1] Во понатамошниот текст на Стратешкиот план ќе се користи акронимот МТСП.

постигнување на посакуваните резултати на МТСП, кои произлегуваат од стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија.

1. МТСП за фискалниот период 2015-2017 година, веќе втора година изготвува посебен Стратешки план на органот во состав за Управата за прашања на борците и воените инвалиди (УПБВИ) .

Стратешкиот план на овој орган во состав, е во корелација, согласно со приоритетите и целите на Одлуката на Владата на Република Македонија за 2015 година и МТСП.

Реализацијата на програмите, потпрограмите и активностите кои произлегуват од стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија ќе овозможат:

- ✓ Подобрување на состојбите на **пазарот на трудот**, учество на социјалните партнери во креирање и имплементација на политиките и хармонизација на домашното трудово законодавството со препораките и директивите на ЕУ. Постапување по акти во доменот на прашањата на пазарот на трудот и безбедноста и здравјето при работа, со цел воспоставување на еднакви пазарни механизми за сите актери во економијата;
- ✓ Имплементирање на развојна социјална сигурност, преку системите на **социјалната заштита, социјалната инспекција, пензиското и инвалидското осигурување,** ***заштитата на децата,*** **Декадата на Ромите, заштита на борците** и на воените инвалиди и на членовите на нивните семејства, согласно со постојните прописи на Република Македонија ( во натамошниот текст: РМ), консеквентно на современите текови на живеење, која е утврдена како дејност од јавен интерес, која ја остварува државата во согласност со начелото на социјална праведност. Имено, истата се имплементира преку систем на политики, мерки и активности за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот;
- ✓ Имплементирање на **еднакви можности** за мажите и жените, како и заштита, превенција од секаков вид на дискриминација;
- ✓ Апсорпција на претпристапните фондови на ЕУ (ИПА компонентите 4 и 1), програмите на Заедницата, како и на следењето на заштитата на човековите права и слободи, во согласност со стандардите утврдени со Европската социјална повелба на Советот на Европа;
- ✓ Развивање на објективни, ефикасни, ефективни и усогласени **стратешки** планови, политики, вертикални и хоризонтални активности во органот, согласно со буџетскиот лимит, кој произлегува од Законот за буџетите, со цел да се придонесе за остварување на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија; и
- ✓ Обезбедување на јакнење на административните и организациските капацитети во насока на спроведување на реформските процеси на јавната администрација и државните службеници, како и реформските активности кои се насочени кон постигнување на успех, подобрување на организациската ефикасност преку примена на внатрешната контрола, за обезбедување на регуларност, успешност во работењето, кое е усогласено со финансиското работење и законските прописи во државата.

## 1.1. МИСИЈА

Креирање и имплементација на политики за регулирање на односите на пазарот на трудот, обезбедување на социјална сигурност на граѓаните, еднакви можности, заштита и превенција од секаков вид на дискриминација, како и усогласување на законодавството, согласно со правото на Европската унија и меѓународните стандарди и принципи.

## 1.2. ВИЗИЈА

*Обезбедување на флексигурност на пазарот на трудот и социјален дијалог, проследена со проактивно-инклузивна социјална сигурност, еднакви можности без дискриминација за остварување на сите права на граѓаните на Р.Македонија,* како и усогласување на законодавството, согласно со правото на Европската унија и меѓународните стандарди и принципи.

## 1.3. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТОЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст:МТСП), својата мисија ја остварува преку спроведување на следниве надлежности и тоа:

- Регулирање на односите на пазарот на трудот;
- Обезбедување на проактивна инклузивна социјална сигурност и заштита на граѓаните на Република Македонија, која ги инкорпорира политиките за социјална заштита, социјална инспекција, пензиско и инвалидско осигурување, заштита на децата, Декада на Роми, заштита на борците, воените инвалиди и членовите на нивните семејства;
- Креирање на политики за еднакви можности, заштита и превенција од секаков вид на дискриминација;
- Водење хумана популациона политика, усогласена со економскиот и социјалнот развој;
- Развивање на административниот капацитет (финансиска служба, внатрешна ревизија, управување со човечки ресурси, ИТ и други административно - логистички функции), како и
- Развој и имплементација на ефикасни, ефективни, хоризонтално-вертикални стратешки план(ови), согласно со проектираниот буџет.

## 1.4. СПЕЦИФИЧНОСТ НА МТСП ВО ОДНОС НА ДРУГИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Специфичноста на МТСП во однос на другите органи на државната управа произлегува од фактот што креира единствени политики кои се однесуваат на:

- **<u>Прашањата од областа на трудот,</u>** кои ги опфаќаат работните односи, вработувањето, пазарот на трудот, активните политики за вработување, материјалното обезбедување на привремено невработените; системот на плати и животен стандард; колективните договори, социјалниот дијалог, еднаквоста и рамноправноста меѓу половите. Политиките од наведените прашања се креираат и имплементираат во соработка со: Агенцијата за вработување на Република Македонија; асоцијациите на работници и на работодавачи; Државниот завод за статистика на Република Македонија; Фондот на ПИОМ и Фондот за здравствено осигурување; меѓународните организации- УНДП; МОТ; УСАИД; Светската банка; Европската делегација, Секретаријатот за европски прашања; и др.

- **<u>Правата на осигурениците на пензиското и инвалидското осигурување и на корисниците на пензиски бенефиции,</u>** се остваруваат во соработка со ФПИОМ, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и здруженијата на пензионери;

- **<u>Заштитата на децата</u>** е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) за водење на рамномерна популациона политика. Дејноста е од јавен интерес, се остварува преку обезбедување на определени права (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете и партиципација), средства и облици за заштита на децата (згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација на децата и други облици за заштита на децата), преку установи за деца (јавни и приватни детски градинки и детски одморалишта и преку вршење одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од правни и физички лица);

- ***<u>Социјалната заштита</u>*** се остварува низ развој и унапредување на системот за обезбедување на социјална сигурност на социјално и материјално загрозени лица; на лицата со посебни потреби, цивилните инвалиди, азиланти и бегалци; ги покрива проблемите од правна природа во бракот, семејството и вонбрачните заедници, односите меѓу родителите и децата, старателството и посвојувањето; креира и развива проактивни мерки за социјално вклучување со кои се зајакнуваат потенцијалите и капацитетите на корисниците, а со тоа посредно се зголемуваат нивните можности за активно учество на пазарот на трудот, подобрување на општата добросостојба, со крајна цел, намалување на сиромаштијата; ги усогласува законските норми со актуелните социо-економски услови, во соработка со органите на државната управа; јавните установи (меѓуопштинските центри за социјална работа, установите за социјална заштита; Заводот за социјални дејности), УНИЦЕФ; УНДП; и други меѓународни институции;

- **<u>Активности на Управата за прашања на борците и воените инвалиди</u>** (во натамошниот текст: Управа), орган во состав на МТСП, се насочени кон обезбедување и остварување на правата на борците, воените инвалиди, на припадниците на безбедносните сили на РМ, на членовите на нивните семејства и на семејствата на паднатите борци, уредени со посебните прописи од областа на боречко инвалидската заштита. За потребите на овој орган на управа, во состав на МТСП, веќе втора година се пристапува кон изготвување на засебен стратешки план.

**Административниот капацитет** од кој зависи успешното функционирање на МТСП, опфаќа внатрешни функции од заеднички интерес за целото Министерство (стратешко планирање, финансиски прашања, правни, нормативни, општи и заеднички прашања, човечки ресурси и внатрешна ревизија), кои се развиваат низ соработка со Агенцијата за администрација; Агенцијата за вработување на РМ; Јавното правобранителство; Народниот правобранител; судовите; Државниот завод за ревизија; Управата за геодетски работи; органите на управата; јавните установи; физичките и правните лица итн.;

- Координација и имплементација на политиките од **Декадата на Ромите**.

## 1.5. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

МТСП согласно со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места , организациски е поделено на:

- 12 сектори
- 47 одделенија
- Проектна единица за спроведување на Оперативната програма “Развој на човечките ресурси”.

Во органот во состав, како организационен облик постои едно одделение.

Сектори во состав на МТСП се:

- Сектор за труд (составен од 4 одделенија);
- Сектор за пензиско и инвалидско осигурување (составен од 3 одделенија);
- Сектор за еднакви можности (составен од 2 одделенија);
- Сектор за социјална заштита (составен од 10 одделенија)
- Сектор за испекциски надзор над примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита (составен од 2 одделенија);
- Сектор за заштита на деца (составен од 3 одделенија);
- Сектор за европска интеграција (составен од 4 одделенија);
- Сектор за правни, нормативни, општи и заеднички работи (составен од 6 одделенија);
- Сектор за финансиски прашања (составен од 4 одделенија);
- Сектор за координација и техничка помош на министерот (составен од 3 одделенија);
- Сектор за стратешко планирање (составен од 2 одделенија);
- Сектор за прекршоци од областа на работните односи и областа на безбедност и здравје при работа (составен од 2 одделенија).

Покрај овие сектори, како **организациони единици** функционираат:

- Одделение за внатрешна ревизија и
- Одделение за управување со човечки ресурси

Министерството за труд и социјална политика има **15 државни советници**:

- Државен советник за стратешко планирање;
- Државен советник за правни работи;
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на трудот ;
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на пензиското и инвалидското осигурување;
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на социјалната заштита;
- Државен советник за испекциски надзор во социјалната заштита – генерален инспектор;
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на заштита на децата;
- Државен советник за инспекциски надзор од областа на заштита на децата – генерален инспектор;
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на еднакви можности;
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на недискриминација и човекови права;
- Државен советник за европски интеграции;
- Меѓуресорска, меѓусекторска координација, техничка подршка на министерот и организирање и коодинирање на ПВР процесот;
- Координација и техничка подршка на имплемнтација на Стратегијата и Декадата на Ромите
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на финансиските работи; и
- Државен советник за креирање и развој на прекршочни политики од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.

**Секторот за социјална заштита е одговорен за системот на социјална заштита кој го сочинуваат** јавните установи за социјална заштита (јавни установи, меѓуопштински центри за социјална работа); Заводот за социјални дејности; јавните установи за згружување на корисници; дневните центри за лица со ментална и телесна попреченост; дневни центри за деца на улица-улични деца; дневни центри за лица кои злоупотребуваат droги; центрите за времено сместување на жртви на семејно насилство; Прифатен центар за бездомници и дневни центри за стари и возрасни лица, во рамките на кои се обезбедува услуга за обезбедување на топол оброк за најзагрозените корисници**.**

МТСП врши надзор на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Законот за социјална заштита.

## 1.6. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

Согласно со Законот за организација на органите на државната управа, во состав на МТСП е органот за:

- **Управата за прашања на борците и воените инвалиди**, каде што постојат извршители во 29 општини и во општините во Градот Скопје ( составен од едно одделение ). За овој орган во состав на МТСП, за прв пат за фискалниот период 2014-2016 година, се пристапи кон изготвување на посебен стратешки план.

**Напомена:** *ДИТ (Инспекторатот) се стекна со својство на правно лице согласно со член 5 од Законот за изменување и дополнување на закон за инспекциски надзор (“Сл.весник на РМ” бр. 147/2013) и член 1 од Законот за изменување и дополнување на законот на инспекцијата на трудот (“Сл.весник на РМ” 164 /2013). Поради ова МТСП нема потреба да подготвува Стратешки план за инспекторатот.*

Со измените на актот за систематизација, предвидено е МТСП во својот состав да има орган со својство на правно лице, Државен инспекторат за труд. Со Државниот инспекторат за труд раководи директор. Актот за систематизација на работните места на Државниот инспекторат за труд, на предлог на директорот го донесува министерот за труд и социјална политика.

## 1.7. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА МТСП

Како државен орган со изградена хиерархиска организација, дисциплина, висока култура, транспарентност, свест и традиција, ги негува и надградува следниве принципи и вредности:

1. Ефикасно, ефективно креирање и имплементација на политиките од доменот на социјалната сигурност, согласно со основните меѓународни принципи и стандарди, пазарот на трудот, правата на работниците, социјалниот дијалог, еднаквите можности во интерес на сите граѓани во општеството итн.;
2. Стручност, компетентност и резултати од работата, ќе претставува единствен услов за градење на кариера во доменот на МТСП;
3. Техничко – технолошка опременост за подобра, навремена и целосна имплементација на политиките во МТСП и организационите облици (институции), кои се во надлежност на овој орган на државна управа;
4. Одговорност и мотивираност на вработените за постигнување на подобри резултати во работењето;
5. Адекватно и реално планирање, развој и едукација на човечките ресурси;
6. Негување и почитување на соодветна и правична застапеност на граѓаните од сите етнички заедници во Република Македонија;
7. Обезбедување на адекватни и соодветни услуги, согласно со надлежностите на МТСП, како сервис на граѓаните;
8. Бескомпромисна борба против корупцијата и сите облици на организиран криминал во доменот на МТСП и институциите кои се во негова надлежност;
9. Унапредување на меѓусектораската, меѓуинституционалната, регионалната и меѓународната соработка за креирање, имплементација и следење на политиките и активностите на МТСП и институциите кои се во негова надлежност;

11. Изградена структурирана хиерархија, етика и дисциплина за вработените во МТСП и институциите кои се во негова надлежност.

**1.8. НАЧЕЛА НА МТСП**

МТСП заедно со органите во состав и институциите од соодветните области, во своето работење ги има во предвид и се раководи од следниве начела:

- **Владеење на правото** подеднакво за сите, преку неселективна примена и спроведување на законите, на објективен начин без разлика на расна, национална, политичка, верска или полова припадност и независно од социјалниот статус на граѓанинот;
- **Ефикасност,** која претставува способност за идентификување и подобрување на социо-економската сигурност на граѓаните, подобрување на состојбите на пазарот на трудот, преку преземање на навремени и проактивни мерки, со цел за нивно брзо надминување и ублажување, без несакани поголеми последици по сигурноста, стандардот на поединецот, групата и заедницата во општеството;
- **Надзор над примената на законите** во трудовото законодавство, социјалната сигурност, пазарот на трудот и еднаквите можности за сите во општеството;
- **Заштита на човековите слободи и права,** заради примена и гаранција во остварување на фундаменталните слободи и права на човекот и граѓанинот, кои се гарантирани со Уставот и законите на Р. Македонија, како и со меѓународни документи;
- **Проактивност**, заради спречување на можните ризици, постојана надградба и развој на политиките во доменот на социјалната политика и односите на пазарот на трудот, со цел да се подобри социјалната сигурност за потребите на граѓаните во Р. Македонија;
- **Сеопфатна вертикална и хоризонтална поврзаност**, преку заедничко делување на сите чинители во државата, преку имплементација на сите законски расположиви политики, мерки и активности;
- **Професионалност**, која подразбира висок степен на стручност и компетентност на човечките ресурси за извршување на работите во доменот на МТСП, органите во состав и институциите кои се во негова надлежност;
- **Транспарентност,** што подразбира отвореност во работата, достапност на информациите, соработка со граѓанскиот сектор и компетентни институции (актери во процесите), меѓународни органи и интитуции, со цел да се креираат и имплементираат партиципативни политики, мерки и активности, кои се одраз на потребите на сите граѓани, кои се во надлежност на органите во состав и институциите на МТСП;
- **Кооперативност**, заради вертикална и хоризонтална соработка на сите актери кои се задолжени за подготовка и имплементација на законските, подзаконските акти, стратешките документи и следење на меѓународните текови и состојби;
- **Тимска работа и солидарност**, што подразбира свест за потребата од заедничко дејствување, преземање на заеднички обврски и заемна одговорност на сите вработени за политиките кои се креираат и имплементираат во надлежност на органите во состав и институциите под ингеренции на МТСП;
- **Работна дисциплина**, што подразбира навика за почитување на структурната хиерархиска поставеност и одговорно однесување кон работните задачи;

- **Висок морал**, што подразбира збир на морални вредности, принципи и правила, пропишани во Етичкиот кодекс на државната администрација и Правилата за однесување на државните и јавните службеници во согласност со важечките законски и подзаконски прописи;
- **Континуиран развој**, што подразбира постојана посветеноста на политиките, мерките и активностите што водат кон напредок во овој домен и
- **Отчетност**, што подразбира транспарентен однос во трошење на буџетските средства и одговорност за извршените услуги и задачи во надлежност на органите во состав и институциите под ингеренции на МТСП.

## 1.9. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

МТСП за следниот тригодишен период постави среднорочни цели, согласно со стратешките приоритети и целите кои произлегуват од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РМ за 2015 година (“Сл. Весник на РМ” бр. 137). Истите ги дефинираше врз основа на: потребите на главните корисници на услугите; анализата на внатрешното и надворешното опкружување; актуелната социо - економска состојба; извештаите на меѓународните организации; Извештајот на Европската унија за напредокот на РМ: Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) во областите за слободно движење на работници, труд и вработување, социјален дијалог,, пензиско и инвалидско осигурување, социјална заштита, социјална инклузија, антидискриминација, еднаков третман на жените и мажите, со цел исполнување на обврските за побрза интеграција на РМ во ЕУ; обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација; обврските произлезени од Партнерството за пристапување; обврски произлезени од меѓународни договори и др.

**Стратешките приоритети и цели на Владата на РМ за 2015 година, во кои се идентификуваше МТСП се:**

**1. Програма: Пазар на трудот и одлучување по прекршоци од областа на работни односи и безбедност и здравје при работа** произлегува од Стратешките приоритети утврдени во Одлуката на Владата на Република Македонија за 2015 година:

1. Зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот и
2. Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото.

Како и приоритетните цели од Одлуката:

- Политика насочена кон вработување и отворањето на нови работни места;
- Натамошно подобрување на деловното опкружување и креирање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници на економските процеси;
- Обезбедување на рамномерен развој, преку поттикнување на конкурентноста и развојот на планските региони и на општините;

- Спроведување на активни политики за вработување  и отворање на нови работни места;
- Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор  и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политики и
- Јакнење на владеењето на правото.

**2. Програма:** **Социјална сигурност** произлегува од Стратешките приоритети утврдени во Одлуката на Владата на Република Македонија  за  2015 година:

1. Зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот;
2. Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото;

Како и  приоритетните цели од Одлуката:

- Обезбедување на сигурност во снабдувањето на потрошувачите со сите видови на енергија и енергенси;
- Унапредување на процесот на децентрализација;
- Обезбедување на рамномерен развој преку поттикнување на конкурентноста и развојот на планските региони и на општините;
- Промовирање на семејството и креирање на политики  за поддршка на семејството;
- Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор  и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политики;
- Продолжување на реформските процеси во пензиското и инвалидското осигурување и обезбедување на социјална сигурност на пензионерите;
- Јакнење на борбата против корупцијата и организираниот криминал;
- Создавање на систем  за заштита и почитување на човековите права и слободи;
- Јакнење на владеењето на правото;
- Градење на доверба и заемно разбирање  меѓу заедниците во Република Македонија;
- Интегрирано, ефикасно и модерно работење на администрацијата и обезбедување  на услуги целосно приспособени на потребите на граѓаните  и бизнис заедницата и
- Создавање на компетентна администрација-сервисно и услужно ориентирана  кон одржлив социјален и економски развој на земјата.

**3. Програма:** **Еднакви можности и антидискриминација** произлегува од Стратешките приоритети утврдени во Одлуката на Владата на Република Македонија  за 2015 година:

1. Одржување добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и подеднаков третман на сите пред законот

Како и приоритетните цели од Одлуката:

- Натамошно подобрување на деловното опкружување и креирање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници на економските процеси;
- Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политики;
- Создавање на систем за заштита и почитување на човековите права и слободи и
- Градење на доверба и заемно разбирање меѓу заедниците во Република Македонија

**4. Програма:** **Усогласување со правото на Европска унија и меѓународна соработка** произлегува од Стратешките приоритети, утврдено во Одлуката на Владата на Република Македонија за 2015 година:

1. Интеграција на Република Македонија во Европската унија и НАТО;

Како и приоритетните цели од Одлуката:

- Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план;
- Обезбедување на повисоко ниво на апсорпција на инструментот на прет-пристапна помош (ИПА) во услови на децентрализиран систем на управување, преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите финансирани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции;
- Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување кон Европската унија и
- Европски демократски вредности во процесот на пристапување.
-

**5. Програма:** **Тековно и инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти и информациско комуникациска технологија,** произлегува од Стратешките приоритети утврдени во Одлуката на Владата на Република Македонија за 2015 година:

1.Инвестирање во образованието, иновациите и информатичката технологија, како клучни елементи за креирање општество базирано на знаење.

Како и приоритетните цели од Одлуката:

- Унапредување на процесот на децентрализација;
- Обезбедување на рамномерен развој преку поттикнување на конкурентноста и развојот на планските региони и на општините и
- Развој и примена на информатичките технологии  во сите сегменти на живеењето.

Цели кои произлегуваат согласно со оваа одлука, а се применливи и за МТСП  се:

***Приоритети и цели од НПАА:***

  - *Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување;*

- *Потпоглавје 3.19.1 Трудово право;*
- *Потпоглавје 3.19.3 Социјален дијалог;*
- *Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд;*
- *Потпоглавје 3.19.3 Социјален дијалог;*
- *Поглавје 3.19.2. Здравје и безбедност при работа;*
- Поглавје 3.02 Слободно движење на работници;
- 3.19.6 Социјална заштита
- Поглавје: 3.22. Регионална политика и координација на структурни инструменти
- Поглавје 32.1  Јавна внатрешна финансиска контрола и внатрешна и надворешна ревизија;
- Пензиско и инвалидско осигурување
- *Подрачје 2 Координација на системот на социјална сигурност;*
- *П1 Координација на системот на социјална сигурност со земјите членки на ЕУ,  со кои не се склучени спогодби за социјално осигурување (согласно со член 46 ССА);*
- *П1 Ц1 Заокружување на правната рамка во областа на координација на системот на социјална сигурност со земјите членки на ЕУ, со кои не се склучени спогодби за социјално осигурување (согласно со член 46 ССА);*
- *Поглавје 3.09 Финансиски услуги;*
- *Подрачје 2 Осигурување и пензиско*

- *П1 Ц2 Развивање на доволен административен капацитет за спроведување на прописите на Заедницата за координација на програмите за социјално осигурување;*
- *П2 Усогласување на правната рамка во областа на социјалната сигурност;*
- *П2 Ц1 Заокружување на правната рамка во областа на социјалната сигурност;*
- *П1 Заокружување на правната рамка и усогласување со aquies во областа на слободен пристап на пазарот на труд;*
- *Поглавје 3.09 Финансиски услуги;*
- *Подрачје 2 Осигурување и пензиско;*
- *П2 Јакнење на капацитетите за спроведување на супервизија врз работењето на субјектите на осигурителниот пазар;*
- *П2 Ц1 Имплементација на стандардите за супервизија на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС);*
- *П2 Јакнење на капацитетите за спроведување на супервизија врз работењето на субјектите на осигурителниот пазар;*
- *П2 Ц1 Ефикасно, навремено и адекватно спроведување на супервизија врз работењето на субјектите на осигурителниот пазар*
- *ЕПП број 2006.0900.08222;*

*Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА), всушност во Стратешкиот план на МТСП и органите во негов состав, детално се разработуваат резултатите и активностите кои се предвидени во НПАА, односно се обезбедува усогласеност на овие два акта.*

***Стратешките приоритети и цели кои произлегуваат од органот на државната управа – МТСП:***

**Програма: Пазар на трудот и одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа**

*1. Приоритет на органот на државната управа (МТСП):*

- Креирање и имплементација на инклузивни закони на пазарот на трудот-усогласени со правото на ЕУ, ефикасни активните политики за вработување, со кои се делува врз знаењето, вештините на понудата на работна сила и подобрување на структуралната невработеност;

*Цели на на органот на државната управа (МТСП):*

- Зголемување на стапката на вработеност;

- Постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство во областа на трудот со законодавството на ЕУ и подобрување на капацитетите за негова имплементација;
- Да се продолжат напорите за интегрирање на секторот на сива економија во формална економија;
- Јакнење на системот за проценка на влијанието на регулативата и
- Зајакнување на администрацијата за користење на претпристапниот инструмент на ЕУ.

2. **Програма: Социјална сигурност**

*Приоритет на органот на државната управа (МТСП):*

- Унапредување на социјалната сигурност на лицата кои се наоѓаат во социјален ризик и подобрување на животниот стандард на сите категории на граѓани.

*Цели на на органот на државната управа (МТСП):*

- Унапредување на системот, правата, услугите од социјална заштита за корисниците и намалување на социјалната исклученост на лицата во социјален ризик;
- Подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на граѓаните (во социјален ризик, пензионери, деца, Роми и др.);
- Доследно почитување на човековите права;
- Надзор над примената на законите и други прописи од областа на социјалната заштита;
- Достоинствен живот и социјална сигурност на корисниците на пензија;
- Имплементација и продолжување на реформските процеси во пензиското и инвалидското осигурување;
- Јакнење на системот за проценка на влијанието на регулативата во пензиското и инвалидското осигурување;
- Надзор над примената на законите и други прописи од областа на пензиското и инвалидското осигурување;
- Поддршка на руралниот развој преку учество во инвестирање во изградба на објекти во системот на заштита на децата како и отворање на групи во други просторни услови и основање на детски градинки;
- Креирање на политики за зголемување на стапката на наталитетот, одржлив демографски развој и одржлива стапка на фертилитет во Р. Македонија;

- Креирање на краткорочни/среднорочни и долгорочни политики, за подобрување на демографските трендови и развој во Република Македонија и
- Борба против корупција и судир на интереси.

**3. Програма: Еднакви можности и антидискриминација**

*Приоритет на органот на државната управа (МТСП):*

- Воспоставување на еднакви можности на жените и мажите и превенција и заштита од сите форми на дискриминација.

*Цели на органот на државната управа (МТСП):*

- Унапредување на заштитата на фундаменталните човекови права;
- Намалување на стереотипите и предрасудите во сите сфери на општественото живеење и
- Креирање на родово сензитивни политики, програми и буџети.

**4. Програма: Усогласување со правото на Европска унија и меѓународна соработка**

*Приоритети на органот на државната управа (МТСП):*

- Управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската унија, обезбедување на повисоко ниво на апсорпција на инструментот за прет-пристапна помош (ИПА) во услови на децентрализиран систем на управување преку поефикасна подготовка и спроведување на проекти финансирани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции.

*Цели на органот на државна управа (МТСП):*

- Зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на Европската унија (acquis communautaire), согласно приоритетите утврдени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија;
- Јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со Европската унија;
- Усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ и
- Зајакнување на администрацијата за користење на претпристапниот инструмент на ЕУ.

**5. Програма: Тековно и инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти и информациско комуникациска технологија**

*Приоритет на органот на државната управа (МТСП):*

- Подобрување на деловната клима, зголемување на инвестиционите вложувања во опремување на објекти од доменот на социјалната политика и во информатичката технологија.

Цели на органот на државната управа:

- Зголемување на инвестиционите вложувања во опремување на објекти од доменот на социјалната и детската заштита и
- Подобрување на ИТ услугите во домените кои ги покрива МТСП.

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2013 ГОДИНА

### 1.10.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Оваа програма е составена од четири потпрогарми и тоа:

- Политики за вработување;
- Трудово право;
- Социјален дијалог и
- Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.

**I.Политики за вработување**

Имајќи ја во предвид сосојбата на пазарот на трудот во Република Македонија, политиките за вработување беа во насока на зголемување на учеството на пазарот на трудот и намалување на структурната невработеност, преку стимулирање на побарувачката на пазарот на трудот и промовирање на претприемништвото, усогласување на понудата и побарувачката на работната сила, согласно со потребите на пазарот на трудот, подобрување на понудата на работната сила, олеснување на процесот на трансформација од училиште на работа, како и намалување на сивата економија.

Во јануари 2013 година изготвен е Извешај за имплементација на Националниот акциски план за вработување на Република Македонија 2011-2013 година, кој беше разгледан и усвоен од Владата на Република Македонија.

Во јануари 2013 година усвоен е Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2013 година, со кој се планира да се опфатат 9.226 невработени лица, за кои се планирани да се потрошат 593.083.950,00 милиони денари (околу 9,6 милиони евра). Со програмите се обезбедува поддршка за вработување, поттикнување на вработувањето и подобрување на вештините на невработените лица.

Продолжи со имплементација и Проектот „Самовработување со кредитирање" .

Во февруари 2013 година, Владата на РМ усвои и нов Акциски план за намалување на сивата економија за 2013 година.

Во мај 2013 година заврши со имплементација Twinning проектот за „Поддршка на националните политики за вработување. Во рамките на овој проект, подготвени се методологија и прирачници за мониторинг и евалуација на политиките за вработување, Прирачник за постапката за евалуација и План за евалуација 2013-2015.

Во 2013 година, подготвена е и методологија за спроведување на евалуација на Програмата за практиканство и се обезбеди поддршка за нејзино спроведување, за што е подготвен и Извештај од спроведената евалуација. Направена е пресметка на дел од програмите за натамошно подобрување на системот на известување во однос на НАПВ и обука на вработените за подобрување на аналитичките вештини на пр. вршење cost-benefit analysis на мерките за вработување).

Продолжија со имплементација и активностите содржани во Акцискиот план за вработување на млади 2015 година, за што беше подготвена Информација за периодот јануари - јули 2013 година. Направена е и првична оценка на реализацијата на планираните активности, по што следеше и постапка на ревидирање на истиот.

Исто така, се продолжи со имплементација на активностите содржани во Акцискиот план за намалување на сивата економија за 2013 година, редовно се следи неговата имплементација, за што беше изготвен и полугодишен извештај. Во соработка со Министерството за образование и наука и Националната федерација на агенции за привремени вработувања и во текот на 2013 година беа спроведени обуки наменети за средношколците од техничките училишта, со цел запознавање со негативните страни од сивата економија.

Во периодот од август до октомври 2013 година, се имплементираше и посебен Проект „Форуми со работодавачи", во соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РМ, работодавачите и единиците за локална самоуправа, кој имаше за цел да придонесе за прилагодување на националните политики за вработување во согласност со потребите на работодавачите. Во рамките на овој проект, беа одржани трибини во 28 општини, на кои присуствуваа 451 работодавачи.

Посебно внимание се посвети на мотивирање и анимирање на невработените лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, за што се реализираа посебни мотивациони обуки за долгорочно невработените лица (повеќе од 10 години) и заклучно со 30.9.2013, со овие обуки се опфатени 5,390 лица.

Во периодот од септември 2011 до јули 2013, година се имплементираше Твининг проектот за „Поддршка на националните политики за вработување" (ИПА Компонента 4). Со експертска поддршка во рамките на овој проект, изработен е модел за долгорочно предвидување на пазарот на трудот во РМ и направени се првични проекции за негова примена. Се организираа серија обуки за вработените во одделението за пазар на труд во МТСП за развој на нивните вештини за економетриско моделирање, во функција на

креирање поадекватни и поефикасни политики и мерки во оваа област. Се разработија елементите на системот за мониторинг и евалуација на политиките за вработување, а се развија и индикатори за мерките од Националниот акциски план за вработување 2011-2013 година. Спроведени се обуки на вработените во МТСП, Министерството за образование и наука и други институции за пресметка на индикаторите од Националниот акциски план за вработување и за оценка на политиките.

Во текот на годината, се имплементираа и бројни активности за јакнење на капацитетите и за модернизација на работата на Агенцијата за вработување на РМ. Со поддршка обезбедена преку проектот „Понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување“ (ИПА Компонента 4), се разработи методологија и процедури за воведување на стандардни услуги за невработените лица на пр. кариерно советување, профилирање, подготовка на индивидуални планови за вработување и сл.) и за работодавачите во сите центри за вработување. Изработени се предлози за поедноставување на дел од процесите во Агенцијата и за подобрување на начинот на планирање, следење и известување на активностите на Агенцијата. Поголем дел од препораките веќе се интегрирани во секојдневното работење на Агенцијата за вработување. Капацитетите на вработените во Агенцијата беа значително подобрени преку одржаните 29 обуки на 8 различни теми за 647 вработени во Агенцијата и локалните центри за вработување.

Се отпочна со изработка на Индивидуални планови за вработување (ИПВ)[2] и заклучно со 31.12.2013 година изработени се 127.008 ИПВ, од кои со статус вработени се 22.114 лица.

Постојано се подобруваше и дополнуваше и софтверската апликација за целокупното работење на Агенцијата за вработување, во согласност со потребите.

## II.Трудово право

Во 2013 година, беа реализирани значајни активности поврзани со процесот на подобрување на трудовото законодавство, врз основа на искуствата од имплементацијата и укажувањата од страна на социјалните партнери. Имено, извршени се измени и дополнувања на:

- Законот за работните односи („Сл. весник на РМ“ бр.13/13 и 25/13), и се изврши подобрување на законското уредување на забраната за дискриминацијата на жените работнички поради бременост, раѓање и родителство и дополнително се зајакна заштитата на жените од овој облик на дискриминација, во однос на времетраењето и видот на работниот однос, пристапот до вработување, условите за работа, откажувањето на договорот за вработување. Направени се и измени на Законот со кои дополнително се регулираат прашањата во врска со сезонската работа, како и измени за зајакнување на надлежностите на Државниот трудов инспекторат за подобрување на заштитата на работниците во делот на заснования на работен однос и почитување на работното време од страна на работодавачите;
- Во Законот за агенциите за привремени вработувања, направени се измени и дополнувања („Сл. весник на РМ“ бр.13/13), во делот на условите и начинот на основањето и работењето на агенциите за привремени вработувања и нивното лиценцирање. По усвојувањето на измените издадени се 14 лиценци на агенции за привремени вработувања. Покрај тоа, согласно со Законот за

[2]Индивидуални планови за вработување ( во натамошниот текст: ИПВ).

вработување и осигурување во случај на невработеност, издадени се 8 лиценци на агенции за посредување при вработување во земјата и странство со наплата;

- Подзаконски акти за имплементација и примена на ново воспоставениот начин на водење на посебни регистри на лицата кои бараат работа во Агенцијата за вработување; и
- Законот за заштита од вознемирување на работното место („Сл. весник на РМ“ бр.79/13), со кој се уредуваат правата, обврските и одговорностите на работодавачите и на вработените во врска со спречувањето на психичкото и половото вознемирување на работното место, мерките и постапката за спречување и заштита од вознемирување на работното место и постапката на судска заштита.

Ратификувани се неколку конвенции на Меѓународната организација на трудот и тоа Конвенцијата за колективното договарање 1981 (C154), Конвенцијата за трудова администрација 1978 (C150) и Конвенцијата за работни односи (во јавните служби) 1978 (C151), а поднесени се и извештаи за имплементацијата на 13 конвенции на МОТ.

**III.Социјален дијалог**

Економско-социјалниот совет во 2013 и 2014 година, одржа вкупно 7 седници на кои се разгледуваа повеќе законски прописи за одделни прашања во врска со работните односи, меѓу кои Законот за работните односи, Законот за заштита од вознемирување на работното место Законот за детска заштита, Законот за безбедност и здравје при работа, предлогот за изменување на Законот за социјална заштита, Законот за мирно решавање на работните спорови , Декларацијата за билатерална соработка помеѓу МТСП и Министерството за труд на Кралството Белгија, разгледана е и Информацијата за Националното координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата. Согласно со своите надлежности, Економско-социјалниот совет, даде мислење и за висината на минималната плата за 2013 година, а покрај тоа на посебна конференција која се одржа во октомври 2013 година во соработка со Меѓународната организација на трудот и Економско социјалниот совет, се разгледаа првичните влијанија од воведување на минималната плата во Република Македонија.

Претставници на социјалните партнери учествуваа на годишната конференција на МОТ во Женева.

На локално ниво, формирани се економско-социјални совети во неколку општини (Штип, Гостивар, Битола, Прилеп, Тетово, Струмица и Општина Гази Баба-Скопје). Во текот на годината, се реализираа активности за промоција, поддршка и развој на економско-социјалните совети на локално ниво, за што во текот на јуни, беше одржана и посебна конференција посветена токму на предизвиците и неопходноста од ефикасно функционирање на локалниот економско-социјален дијалог.

Во март 2013 година во Брисел се одржа седмиот состанок на Заедничкиот консултативен комитет на граѓанското општество на ЕУ и Република Македонија, на кој учесниците дискутираа за состојбите во образованието и младите во ЕУ и во Република Македонија, а покрај тоа членовите беа запознаени и со состојбата и остварениот напредок во рамки на Поглавјето 19 „Социјална политика и вработување“. Ова тело во октомври 2013 година го одржа осмиот состанок на кој се разгледа Извештајот на Европската комисија за напредокот на РМ за 2013 година, погледите во врска со слободата на изразување и предизвиците во врска со вработувањето на младите.

Продолжи и процесот на бипартитниот социјален дијалог, при што во овој период, во Регистарот на МТСП, запишан е Колективен договор за хемиската индустрија, Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија, две спогодби за изменување и дополнување на колективните договори и тоа спогодбата за кожарската и чевларската индустрија и спогодба за изменување и дополнување на колективниот договор на текстилната индустрија. Покрај тоа, регистрирани се 18 колективни договори на ниво на работодавач.

Поради истекот на важноста на издадените решенија за репрезентативност (3 години), започната е постапка на утврдување на репрезентативноста на синдикатите и работодавачите на национално и на гранско ниво, при што се донесени решенија за утврдување на репрезентативноста на 12 синдикати.

Во континуитет, се работеше на подобрување на капацитетите на социјалните партнери и тоа во однос на мониторинг и евалуација и долгорочно планирање на политиките за вработување, имплементација на политиките за вработување финансирани од Европската унија и сл.

Во делот на јакнење на капацитетите, во рамките на Twinning проектот „Поддршка на националните политики за вработување" во февруари 2013 година се реализираше обука за социјалните партнери за нивната улога во планирањето, мониторингот и евалуацијата на политиките за вработување, а во март 2013 годна истите беа вклучени во подготовката на повеќегодишниот план за евалуација на политиките за вработување 2013-2015.

## *IV.* Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедноста и здравје при работа

Во оваа потпрограма влегуваат:

*Прекршочни комисии во областа на работните односи; и*

*Прекршочна комисија од областа на безедност и здравје при работа*

*Двете прекршочни комиси од областа на работните односи, во тековната 2013 година имаат:*

- Добиено 461 барања за поведување прекршочни постапки, сите процесуирани со доставување на исто толку известувања до сторителите на прекршоците за нивно изјаснување по наводите во барањата;
- Изречени 641 прекршочни санкции - глоба, во вредност од 112.542.560,00 ден., со изготвување на исто толку записници за советување и гласање на комисиите по наводите во барањата и на исто толку решенија.Висината на доброволно наплатените средства е 103.380,00 ден Ефикасноста на изречените прекршочни санкции-глоба, во однос со висината на доброволната наплата на средства од истите е 18.7%. Ефикасноста на изречените прекршочни санкции-глоба, во однос со висината на доброволната наплата на средства од истите е 0,09 %.
- Изготвени се 421 одговори на тужби и со целокупната документација се испратени до Управниот суд на нивна понатамошна надлежност;

- Изготвени се 56 решенија по пресудите на Управниот суд во случаевите кога со пресудата оптуженото решение е вратено на повторно одлучување;
- Изготвени се 153 барања до разни институции ( Централен регистар, МВР и сл.) за добивање одредени подаци заради мериторно одлучување по барањата.

Прекршочната комисија од областа на безбедност и здравје при работа, во тековната 2013 година има:

- Добиено 49 барања за поведување прекршочни постапки, сите процесуирани со доставување на исто толку известувања до сторителите на прекршоците, за нивно изјаснување по наводите во барањата;
- Изречени се 39 прекршочни санкции- глоба, во вредност од 901.130,00 ден., со изготвување на исто толку записници за советување и гласање на комисиите по наводите во барањата и соодветни решенија. Висината на наплатените средства е 168.420,00 ден. Ефикасноста на изречените прекршочни санкции-глоба, во однос со висината на наплата на средствата од истите е 18.7 %;
- Изготвени се 12 одговори на тужби и со целокупната документација испратени се до Управниот суд на нивна понатамошна надлежност;
- Изготвени се 21 решенија по пресудите на Управниот суд во случаите кога со пресудата туженото решение е вратено на повторно одлучување;
- Изготвени се 83 барања до разни институции ( Централен регистар, МВР и сл.) за добивање одредени податоци, заради мериторно одлучување по барањата.

### 1.10.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

Оваа програма е составена од следниве шест потпрограми:

- Социјална заштита;
- Инспекциски надзор над остварување на материјално социјалните права и услуги од социјалната заштита;
- Пензиско и инвалидско осигурување;
- Заштита на децата;
- Поддршка на развојот на Ромите и
- Поддршка на демографскиот развој на Република Македонија.

*Во 2013 година, во рамките на потпрограми се реализирани следниве активности:*

## I. Социјална заштита

Социјалната заштита, како дејност од јавен интерес, опфаќа работи кои се однесуваат на: системот, организацијата, функционирањето и развојот на социјалната заштита, социјалната инклузија, семејно правната заштита и сл. , живеење со поддршка на одредени категории на граѓани и др..

Спроведени активности во 2013 година:

Подобрена е нормативната рамка, со донесување на следниве акти:

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалнта заштита ("Сл. весник на РМ" бр. бр.15/13), со кој пропис се врши зголемување на висината на правото на парична помош за студирање на лицата кои имале статус на дете без родители и родителска грижа, со цел за поголем стимул да го продолжат високото образование. Висината е зголемена од од 9.000 на 12.000денари за лицата кои користат стан за социјално домување, односно од 18.000 на 24.000 денари за лицата кои не користат ваков стан.
Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Сл. весник на Р М" бр. 79/13), се прошируваат видовите на згрижувачките семејства и тоа како општо, специјализирано, интервентно и привремено згрижувачко семејство. Се дополнуваат правата на парична помош од социјална заштита со ново право на парична помош за згрижувач. Се изврши измена на ангажирањето на корисниците на социјална парична помош за јавни работи, со зголемување на периодот на ангажирање до 90 дена во една календарска година. Воедно, се обезбедува сигурност за ангажираните работници, преку потпишување на договор за вработување, а за периодот на ангажирањето правото на социјална парична помош мирува.
Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Сл. весник на Р М" бр.164/13), се уреди полагањето на стручен испит во постапката за издавање и обновување на лиценци за работа на стручните работници во установите за социјална заштита, со што ќе се овозможи транспарентност и објективност во процесот на лиценцирање на стручните лица кои работат во областа на социјалната заштита.
Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Сл. весник на Р М" бр.187/13), се воведе ново право на додаток за глувост, во номинален месечен износ од 4.000 денари, усогласен со порастот на трошоците на живот за претходната година. Правото на додаток за мобилност се предвиде да се обезбедува и за лицата со квадриплегија над 26-годишна возраст. Воедно, се овозможува правото на мобилност и слепило да го користат и лицата кои се згрижени во установа за социјална заштита, со решение на центарот за социјална работа. Се воведе ново право на парична помош, кое може да го оствари самохран родител којшто ќе се грижи за своето дете коешто има пречки во развојот во континуитет од 15 години, без истото да биде сместено во установа за социјална заштита, кој е невработен и не користи право на пензија, по навршени 62 години на живот (жена) односно 64 години на живот (маж), а висината на паричниот надоместок ќе изнесува 8.000,00 денари. Предвидено е и зголемување на висината на социјалната парична помош и постојаната парична помош за 5%, сметано од 1 март 2014 година.
Донесена е Програма за условен паричен надоместок за средно образование за 2012/2013 учебна година ("Сл. весник на РМ" бр. 1 04/12)

Донесена е Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2013 година ( “Сл. весник на РМ” бр. 4/13)

Донесени се следниве подзаконски акти:

- Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице (“Сл. весник на РМ” “ бр.15/13 ) и
- Правилник за нормативи и стандарди за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанци и прекурзори и поблиски услови за начинот на остварување и спроведување на Програмата за социјална ресоцијализација во терапевтската заедница (“Сл. весник на РМ” бр.117/13).

Административните процедури за остварување и користење на правата на парична помош од социјална заштита, се спроведуваат преку воспоставен систем на размена на информации по службена должност со институциите кои водат база на податоци, за што се изменија и дополнија следниве подзаконски акти:

- Правилник за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот, имотните права и потребната документација за остварување на право на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа ( “Сл. весник на РМ” бр.53/12 и 56/13 );
- Правилник за право на парична помош за социјално домување за лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно по престанување на старателството, а најмногу до 26 годишна возраст (“Сл. весник на РМ” бр.53/12 и 56/13 );
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за водење на евиденција на посвоените лица и за определување на документи за посвојувањето ( „Сл. весник на РМ” бр.61/13 );
- Правилник за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош (“Сл. весник на РМ” бр.54/13) ;
- Правилник за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото на постојана парична помош, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа (“Сл. весник на РМ” бр.58/13) и
- Правилник за начинот на остварување на правото на еднократна парична помош и потребната документација за остварување на ова право (“Сл. весник на РМ” бр.58/2013).

*Донесени се и се спроведуваат следниве програми и стратешки документи од областа на социјалната заштита:*

- Програма Д-10 за вработување на лица кои до 18-годишна возраст имале статус на дете без родители и без родителска грижа за 2013 година ("Сл. весник на РМ" бр.3/13), согласно со која се вработени 83 лица во МТСП.

- Реализиран е Оперативниот план за спроведување на мерки и активности за 2013 година за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година.

- Спроведена е Програмата за условени парични надоместоци за средно образование за учебната 2012/2013 година.

- Спроведена е Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2013 година, согласно со која со субвенции се стекнаа 7.331 домаќинства, на кои им се исплатени вкупно 48.139 месечни субвенции во износ од 700,00 денари.

- се реализираше Акцискиот план за отворање на нови дисперзирани одделенија во центрите за социјална работа и отворени се 14 одделенија во рурални средини. Отворени се вкупно 32 подрачни одделенија, како посебни организациони единици во рамките на центрите за социјална работа.

- Во периодот септември-ноември 2013 година, се реализираше и проектот „Отворени денови за социјална заштита во рурални средини", со кој се овозможи приближување на социјалната заштита и социјалната работа до жителите во руралните средини, се обезбеди подобра превенција и рано откривање на изложеноста на социјален ризик, како и навремена интервенција од страна на центрите за социјална работа. Во рамки на овој проект, се опфатија 662 рурални средини во 75 општини на територија на РМ, со учество на околу 3.850 граѓани.

- Паралелно, продолжија и континуираните активности за зајакнување на капацитетите на стручните лица во системот на социјална заштита и издадени се 771 лиценца за работа на стручни работници во установите за социјална заштита. Се реализира и Програмата за континуиран професионален развој на стручните лица во системот на социјална заштита, во рамките на која беа спроведени обуки за вкупно 432 вработени во установите за социјална заштита, а беа изготвени и стандарди и процедури за постапување на стручните лица во центрите за социјална работа за давање на услуги од социјална заштита.

- Во делот на реализаицција на Оперативниот план за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, меѓу другото, се спроведоа активности насочени кон јакнење на капацитетите на локалните самоуправи за развој на социјалните услуги на локално ниво, при што во неколку општини се спроведе обука за врботените во општинската администрација, центрите за социјална работа и невладиниот сектор за мапирање на категории на граѓани изложени на социјални ризици, утврдување на нивните потреби и достапните ресурси во локалната заедница, воспоставување на координирана соработка помеѓу сите релевантни субјекти и формирање на координативни тела за социјална заштита и итн.

- Усвоен е Оперативен план за 2013 година за имплементација на Националната стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010/2020 година.

- Имплементација на  Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година.
- Спроведени се активностите од Акцискиот план за заштита на децата од улица 2013-2015 година во РМ.
- Усвоен е Оперативен план за 2014 година и Извештај за преземени мерки и активности за 2013 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година.
- Продолжи процесот на деинституционализација со функционирањето на двете служби за поддршка на домувањето во заедницата (Неготино и  Скопје со вкупно 14 станбени единици), во кои организирано живеат 66 лица со попреченост во менталниот развој над 18 години. Во  ноември 2013 година, отворени се две нови станбени единици во Неготино, како почеток на воспоставување на трета служба за поддршка на домувањето во заедницата во која, во текот на 2013 и 2014 година беа сместени 10 корисници. Услугата од социјална заштита организирано живеење со поддршка ја обезбедуваше здружението избрано на јавен конкурс  за 2014 година.
- Во 2013 година, ЈУ Завод за социјални дејности, во соработка со МТСП ја реализираше „Програмата за едукација на лицата кои даваат поддршка на корисниците во станбените единици за организирано живеење“ со која беа опфатени сите лица кои се вклучени во давање поддршка на корисниците во службите за поддршка на домувањето во заедницата.

*Во текот на 2013 година, мрежата на установи за социјална заштита е проширена со отворање на следните установи за вининституционална социјална заштита:*

- Отворени се три  народни кујни во руралните среднини (Карбинци, населеното место Чешиново и населеното место Облешево).
- Отворено е Советувалиште за сторители на семејно насилство во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.
- Отворен е Дневен центар за стари лица во Вевчани.

**II. Инспекциски надзор над остварувањето  на материјалните социјални  права и услуги од социјалната  заштита**

*Согласно со програмата за работа, Секторот за инспекески  надзор во социјалната заштита во периодот од ј ануари до декември 2013 година спроведе:*

- 16 редовни,
- 33 контролни и
- 83 вонредни инспекциски надзори

Надзорите се спроведени во 30 центри за социјална работа , 1 Јавна установа и 3 приватни установи за стари лица, со што прегледани се вкупно 11.800 предмети.

Имајќи ги предвид ефектите од надзорите, постигнати се спогодби за враќање на средста во износ од 4.301.723,00 денари или зголемен е бројот на корисници за 1.220 по разни основи.

## III. Пензиско и инвалидско осигурување

*Во 2013 година во оваа потпрограма преземени се следниве активности:*

Донесени се измени и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Сл. Весник на РМ" бр.170/2013), со кој се утврди усогласување на пензиите во висина од 5% почнувајќи од февруарската исплата на пензиите за 2014 година. Воведена е нова категорија на осигуреници членови на управен одбор и одбор на директори во трговско друштво

Во 2013 година продолжи да се реализира проектот бањско-климатска рекреација, преку кој 5.076 корисници ја искористија услугата.

Започна да се реализира активноста финансиска едукација на членовите на вториот пензиски столб, преку презентации на системот на вториот пензиски столб за учениците и студентите. Опфатени се 62 средни училишта и 3 факултета.

Во септември 2013 година, започнаа преговорите за склучување на договор за социјално осигурување со Република Словачка, а во ноември 2013 година, стапи во сила Договорот за потврдување на периоди на осигурување меѓу Република Македонија и Република Косово.

## IV. Заштита на децата

*Реализирани се следниве активности во 2013 година:*

Донесен е Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" бр.23/13), во кој се прецизира новиот концепт за доградба на системот на заштита на децата, организацијата и начинот на обезбедување на услови за заштита на децата, како дејност од јавен интерес во современи услови и со признавање на плуралните односи во вршењето на дејноста. Ваквото законско решение значи приближување кон законодавството на земјите од Европската унија, како и определби поврзани со Конвенцијата за правата на децата и други документи кои се насочени кон заштитата на децата.

Со законски решенија се обезбедува доследно респектирање на правата на децата, на обврските на родителите и на локалната и државната власт, во однос на семејството и на заштитата на децата, се обезбедува заштитата на децата, заштита на нивниот ран развој и запознавање со современите концепти на подигање на нивото и квалитетот на развојот. Уредено е и прашањето на зајакнување на контролните механизми за спречување на секакви злоупотреби на децата и институционално јакнење на инспекциите, стручниот надзор и контрола, создавање на пазарни можности и сл.

Воведено е лиценцирање на стручниот кадар, заради подигнување на квалитетот на услугите.

Со воведување на информационен систем се обезбедуваат дневни извештаи за бројната состојба и за потребите на децата, информирање на родителите за активностите кои се спроведуваат во градинките и центрите за ран детски развој и др.

Покрај другото, целта на донесувањето на Законот беше и воспоставување на систем на згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст во функција на раниот детски развој на детето, кој ќе претставува поддршка на: целокупен развој и добробит на детето од предучилишна возрас, преку овозможување на услови и поттикнување на развојот на неговите капацитети, проширување на искуствата и градењето на сознанија за себе, другите луѓе и светот; воспитната функција на семејството; понатамошното воспитување и образование и вклучување во општествената заедница; развивање на потенцијалот на детето како претпоставка за понатамошен развој на општеството и негов напредок.

Донесени се и подзаконските акти, кои беа предвидени со Законот и тоа:

- Правилник за поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата („Сл. весник на РМ" бр. 62/2013);
- Правилник за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата ( „Сл. весник на РМ" бр. 70/2013);
- Правилник за формата и содржината на барањето за донесувања на решение од директорот на центарот за социјална работа ( „Сл. весник на РМ"бр. 61/2013);
- Правилник за начинот на водење на евиденцијата и документацијата, содржината и формата на евиденцијата за правата за заштита на децата („Сл. весник на РМ" бр. 62/2013);
- Правилник за поблиските услови и начинот на вршење на работите на агенцијата, за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, односно до поаѓање во основно училиште и деца на возраст до десет години живот („Сл. весник на РМ"бр. 61/2013);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденција на корисниците на услугите, како и на дадените услуги на агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст („Сл. весник на РМ" бр. 61/2013);
- Правилник за формата и содржината на службената легитимација, на лица ангажирани на повик од агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст („Сл. весник на РМ"бр. 61/2013);
- Правилник за поблиските услови, критериуми и начинот на вршење на одредени работи, од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, како професионална дејност на физички лица („Сл. весник на РМ" бр. 62/2013);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на корисниците, дадените услуги од страна на физичко лице, кое самостојно врши одредени работи, од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност („Сл. весник на РМ" бр. 62/2013);
- Правилник за формата и содржината на образецот, начинот на издавање, употреба и одземање на службената легитимација, евиденцијата на издадените и одземените службени легитимации на инспектори за вршење надзор („Сл. весник на РМ" бр. 61/2013);

- Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација на овластено лице, начинот на нејзиното издавање, употреба, одземање и евиденција на издадените и одземените легитимации на овластени лица на општините, на општините во градот Скопје, односно на градот Скопје за вршење на инспекциски надзор („Сл. весник на РМ" бр. 62/2013);
- Правилник за начинот на работа и обезбедување на услови за остварување на педагошко - методската практика на студентите од соодветните студии за предучилишно воспитание и други соодветни факултети во јавните установи за деца („Сл весник на РМ" бр. 61/2013);
- Правилник за поблиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето за деца и родители во јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој („Сл. весник на РМ" бр. 62/2013);
- Правилник за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца („Сл. весник на РМ"бр. 61/2013);
- Правилник за начинот на давање на услугите на јавната детска градинка во други просторни услови („Сл. весник на РМ" бр. 61/2013);
- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација („Сл. весник на РМ" бр. 62/2013);
- Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа („Сл. весник на РМ" бр.62/2013);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Централниот регистар на установи за деца, регистарот на јавните установи за деца основани од општината и општината во градот Скопје, регистарот на агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, регистарот на физички лица кои самостојно вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност („Сл. весник на РМ" бр. 61/2013);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа ( „Сл. весник на РМ" бр. 64/2013);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Сл. весник на РМ" бр. 87/2013);
- Досие_на_детето_(Развојно_портфолио) ;
- Правилник за индикаторите за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст- усогласен со Секретаријат за законодавство („Сл. весник на РМ" бр. 87/2013);
- Правилник за начинот на водењето на евиденцијата, како и содржината и формата на евиденцијата во установа за деца („Сл. весник на РМ" бр. 88/2013);
- Правилник за изменување на Правилникот за форма, содржина и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и Центар за ран детски развој ( „Сл. весник на РМ" бр.154/2013) и

- Правилник за изменување *и* дополнување на Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа („Сл. весник на РМ,“ бр.154/2013).

*Донесени се:*

- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2013 година, која ги опфаќа пропишаните мерки и активности за заштита и развој на дејноста за заштита на децата, („Сл. весник на РМ” број 4/2013);
- Уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца-детски градинки по општини за 2014 година (“Сл. весник на РМ“ бр.168/2013 ) и
- Одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела” во времето од 7 до 13.10. 2013 година.

Редовно се подготвуваа информации за состојбите, активностите и предлози за подобрување на состобите, како и предлози за стимулирање на отворање на приватни детски градинки.

Донесени се и одделни акти како :

- Дадени се решенија за вршење на дејност и отпочнување со работа на: ЈОУДГ „Ѕвездички” во Општина Чешиново-Облешево; објектот „Ѕуница” с. Драчево во состав на ЈДГ „8 Март” Општина Кисела Вода; објектот “Морковче“ во состав на ЈОУДГ „25 Мај“ Општина Гази Баба ги исполнува условите за вршење на дејноста и отпочнување со работа; ЈОУДГ Праскичка “ Општина Росоман и
- Дадени се согласности за формирање на групи на јавни општински установи за деца -детски градинки, за вршење на дејност згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, во други просторни услови/ во рурални средини на следните општински детски градинки: „Павлина Велјанова” - Кочани; “Фемо Кулаков” - Неготино; ”11 Септември” – Ресен; - „Гоце Делчев” - Виница; “Детелинка” - Крива Паланка; “Наша Иднина“ –Прилеп; “Јасна Ристеска“ – Охрид и “Димче Мирчев“ – Велес.

Извршени се вкупно 29 инспекциски надзори од кои: во ЈОУДГ 11 редовни инспекциски надзори и 7 вонредни, а во приватните детски градинки извршени се 2 редовни инспекциски надзори; и во центрите за социјална работа извршени се 9 редовни инспекциски надзори.

Врз основа на доставени барања, за основање на приватни детски установи, дадени се одобренија за основање и решенија за отворање на приватни детски установи- детски градинки, за што е:

- донесена одлука и решение за вршење на дејноста на приватната детска градинка„Сент Пол”-Скопје ;

- дадено е решение *за* вршење на дејноста и отпочнување со работа на приватната детска градинка ИПС ГРУП , Скопје;

-донесена е одлука за основање на приватната детска градинка „СНЕЖАНА БЛАНШНЕЖ” Скопје;

-донесена е одлука за основање на „Гулдесте” во Гостивар и дадено е решение за вршење на дејноста и отпочнување со работа

-донесена е одлука за основање на приватната детска градинка „ЦРВЕНКАПА” во Скопје;

-донесена е Одлука за основање на приватната детска градинка „ЛИЛИПУТ” во Скопје и

-донесена е Одлука за основање на приватната детска градинка„ГРИН ХАУС” во Скопје.

Во 2013 година реализирани се и следниве проекти:

- Дадена е согласност на Европската медицинска студентска асоцијација на Македонија (ЕМСА Македонија), за реализацијата на проектот „Мече Болница”, со цел за подигање на свеста и подобрување на животот кај најмладата популација од предучилишна возраст (од 3-6 години) во јавните установи за деца -детски градинки во РМ;
- Дадена е согласност за спроведување на проект „Бесплатни очни прегледи-скрининг”, за деца од предучилишна возраст, од јавни општински детски градинки (во почетокот од општински детски градинки во општините во Градот Скопје);
- Дадена согласност за реализација на проектот (како вонинституционална активност на општински јавни установи за деца - детски градинки на подрачјето на општините во Градот Скопје) „Скопје низ детските очи”;
- Програма за седум дневен одмор на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за сезоната лето 2013 година и зима 2014 година; (1000 деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток упатени се на зимување, а 2000 деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток се упатени на летување);
- Извршено е зголемување со фондот на логички плочки и сложувалки во 300 групи во 56 Јавни установи за деца-детски градинки и
- Обезбедени се согласности за вработување на 306 лица во ЈОУДГ.

Капацитетот за предучилишна возраст во 2013 година е зголемен за 895 деца, а во приватните детски градинки за 530 деца.

## V. Поддршка на развојот на Ромите

*Вклучување на деца Роми во јавните предучилишни установи во РМ во 2013 година.*

Во 2012 /2013 год. се вклучија 459 деца, а 477 деца во учебната 2013 /2014 . Во рамките на овој период, беа ангажирани 17 негувателки во 18 детски градинки.

*Ромски Информативни Центри (РИЦ)*

Во 2013 година во 12 РИЦ се обратија вкупно 4.883 лица од ромската заедница кои побарале поддршка за: права на социјална заштита, здравствена заштита, образование, вработување, вадење на лични документи, антидискриминација, домување и др. Од страна на ОБСЕ, спроведена е и обука на тема поврзана со проблемите на трговијата со луѓе, на која учествуваа ромските информативни центри и ромските невладини организации кои работат на овие прашања. Исто така, во соработка со ОБСЕ, спроведена е обука за јакнење на РИЦ за промовирање на правото на соодветно домување за Ромите преку "Проектот за зајакнување на РИЦ" за промоција на правото за соодветно домување на Ромите. Во рамките на проектот, во јануари 2013 година, направено е мапирање на состојбата во областа на домувањето на Ромите во пилот општините Прилеп и Штип. Подготвени се прирачници наменети за РИЦ-овите, со упатства според кои РИЦ-овите, соодветно пружаат информации во однос на правата и обврските на граѓаните од областите на домување и вработување.

*Проект за правна помош на ромската заедница*

Во 2013 година продолжи функционирањето на мобилните правни канцеларии во Скопје, Тетово, Гостивар, Делчево, Штип и Кочани. Истите се наменети за правна помош на ромската заедница (правни совети, барања, жалби). Во мобилните правни канцеларии, ангажирани се 3 правни советници од страна на ОБСЕ и 4 волонтери, подржани од МТСП. Во 2013 година во мобилните правни канцеларии, вкупно 200 лица се обратиле за правна помош.

*Активни мерки за вработување на Роми*

Ромите како целна група, се вклучени во активните програми и мерки за вработување, кои се имплементираа согласно со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2013 година.

*Во 2013 година состојбата за вклученоста на Ромите во активните програми за вработување е следна:*

- Одобрени се 6 гранта во рамките на Програмата за самовработување;
- 12 лица се вработени согласно со Програмата за субвенционирање на вработување;
- 14 лица добија сертификат, согласно со Програмата за обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот;
- Склучени се 3 договори за самовработување со кредитирање и
- 1 лице е вклучено во Прграмата за анкета за слободни работни места.

*Национално координативно тело за имплементација на Стратегијата за Ромите во РМ и Декадата за вклучување на Ромите 2005 - 2015*

Во почетокот на март 2013 година, одржан е редовен тримесечен состанок на Националното координативно тело, на кој се информираше за реализираните активности заклучно со јануари 2013 година од страна на ресорните министерства и институции во рамките на Стратегијата за Роми во Република Македонија и националните акциски планови од Декадата за вклучување на Ромите 2005-

2015. Исто така, се информираше за подготовките за реализација на четвртата работна средба за инклузија на Ромите и Ромите бегалци и за состојбата со визната либерализација и зголемениот број на Роми баратели на азил во земјите на ЕУ.

*Други активности*

Во насока на јакнење на капацитетите вработените од одделението и претставници од неколку РИЦ на 26 и 27 март 2013 година, учествуваа на работилница на која беа презентирани мерки за подобрување на пристапот до пазарот на трудот на ромската заедница, со поддршка од Европската комисија во рамките на програмата ТАИЕХ.

Во рамки на програмата МТМ (Making the Most of EU Funds for Roma) од Будимпешта, од април 2013 до јуни 2014 год, се спроведуваше проектот за "Унапредување на имплементацијата на Стратегијата за Роми" и националните акциски планови во РМ, преку подобрување на стратешките и оперативните процеси на менаџирање на национално и локално ниво. Во рамките на проектот, се ревидираше Стратегијата за Роми за период 2014-2020 год.

*Во согласност со Декадата и Стратегијата за Роми, реализирани се повеќе проекти и активности:*

- Активности за подобрување на пристапот на Ромите до здравствените услуги и опфатот на ромското население во системот на здравствена заштита и реализација на програмата за ромски здравствени медијатори во 8 општини;
- Реализација на Проект за стипендирање и менторство на средношколци Роми;
- Отворен е нов РИЦ во Општината Берово;
- Реализација на активностите во рамки на координираната акција за идентификација на лицата коишто не се евидентирани во матичните книги (идентификација, собирање и обработка на податоци од терен, постапување по предмети од страна на надлежните институции, вршење на ДНК анализа, запишување во матична книга на родени итн.) и
- Организирање и одржување на редовните полугодишни работни средби за следење на Акцискиот план за инклузија на Ромите и Ромите бегалци.

## VI. Поддршка на демографските политики и борба против корупцијата во социјалната и детската заштита во РМ

Подготвен е извештај за реализирани мерки и активности и тоа:

- Од вкупно 89 предвидени мерки, се спроведени/се спроведуваат 58 или околу 86% реализираност. За 12 мерки има предлози да се отстранат од Стратегијата, бидејќи до сега не се спровеле активности поврзани со нив, или истите се само во фаза на иницијативи со мали шанси за спроведување во блиска иднина и изразено во проценти изнесува 14%;
- Спроведена е Национална конференција за отпочнување на процесот на ревизија на Стратегијата;

- МТСП во соработка со УНФПА организираше и одржани се 3 работилници на теми:

1) Миграциски трендови во РМ,

2) Политики фокусирани на фертилитетот, семејството и репродуктивното здравје во РМ и
3) Процес на стареење и политики за постарите лица во РМ.

Со цел запознавање на клучните чинители за текот на ревизијата на документот, идентификување на предлози и инцијативи за развој на демографски политики, нивно инкорпорирање во новиот нацрт ревидиран документ, со вклучување на сите засегнати страни, чинители и јакнење на капацитетите за истите .

- Подготвен е извештај од одржаните работилници во однос на новиот/ревидираниот документ за демографски политики. Во рамките на истиот претставени се приоритетите, препораките за мерки за подготовка на нацрт текст на ревидирана Стратегија за демографски развој 2008-2015, со нов нацрт наслов Стратегија за демографски политики 2014-2024 година.

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Фондот за население на Обединетите нации во Република Македонија во текот на 2013 година презеде активности за ревизија на постојната „Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008-2015", со претставници од сите релевантни институции, национални и меѓународни експерти со фокус на подрачја на делување и тоа за: семејни политики, миграциски политики и политики за активно стареење и меѓугенерациска солидарност. Во рамките на процесот,беше развиена Методологија за ревизија на постојната стратегија, согласно која беше спроведен и изготвен преглед на спроведувањето на мерките од „Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008-2015". Во текот на процесот на ревизија беше подготвен Извештај за остварените досегашни резултати од истата и споделен со сите вклучени во самиот процес. Се организираа работилници со основна цел прибирање, идентификување на предлози и иницијативи за развој на идните политики за демографски развој, како и за јакнење на капацитетите и координацијата во областа на демографскиот развој. На работилниците произлегоа препораки за започнување на процес на подготовка на нова стратегија за демографски политики, која треба да се соочи со новите демографски трендови во РМ.

Во рамките на целокупниот процес се идентификувани приоритети и препораки за подобрување на постојните демографски трендови врз основа на кој е подготвена предлог Стратегијата за демографски политики на Република Македонија 2015 – 2024. Во рамките на процесот на подготовка на овој стратешки документ Министерството за труд и социјална политика со поддршка на Фондот за население на Обединетите нации во Република Македонија организираше завршни работилници за финализирање на предлог приоритетите и политиките на делување во нацрт текстот на овој стратешки документ. На овие работилници активно учество зедоа сите релевантни институции, граѓански организации, како и домашни експерти, за изготвување на Стратегијата за семејство на Република Македонија 2013 година.

**1.10.3. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА**

Оваа програма е составена од две потпрограми:

- Унапредување на родовата еднаквост
- Превенција и заштита од сите форми на дискриминација

*Постигнати резултати во рамките на двете потпрограми во 2013 година*

Согласно со  Законот за еднакви можности на жените и мажите, Владата на РМ ја формираше интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, составена од функционери/раководни државни службеници, претставници на граѓански организации, здруженија на работодавачи, експерти, претставници на локалната самоуправа, синдикатите и други субјекти.

Интер-ресорската група  е должна да го промовира концептот на вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции; да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области; да го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија и европските стандарди во областа на родовите прашања; да учествува во подготовката и да дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост  и да ги следи периодичните извештаи од институциите.

Со цел ефективна имплементација на стратешките документи од областа на родовата еднаквост, еднаквите можности и превенцијата од дискриминација, изготвени се:

- Оперативен план за имплементација на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација по основа на пол, возраст, етничка припадност, ментална и телесна попреченост и
- Оперативен план за 2013 за имплементација  на Стратегијата за родово одговорно буџетирање 2012-2017 со цел креирање на родово одговорни политики, насочени кон намалување на нерамноправноста и промовирање на еднаквите можности.

Во текот на 2013 година, канцеларијата на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, во постојана координација со обучени социјални работници од центрите за социјална работа, трудовите инспектори, Министерството за внатрешни работи/Единицата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, како и со здруженијата на граѓани, во континуитет ги спроведуваше Стандардните оперативни процедури за постапување со жртвите на трговија (СОП), со што се овозможи помош и заштита на 15  жртви на трговија со луѓе, преку еден сеопфатен приод, заснован врз човековите права на жртвите. Канцеларијата на НМУ/МТСП, во текот на 2013 година, координирани се постапки за назначување на старател за 68 деца  илегални мигранти од вкупно 80 сместени во Прифатниот центар за странци.

Се имплементира Проектот **„**Обезбедување на поддршка и услуги за жртвите на трговија со луѓе и ранливите групи на локално ниво" и истиот  има за цел преку 6 мобилни тимови (претставници од ЦСР и ЗГ) Битола, Гостивар и Куманово, да ја подобри идентификацијата, помошта, поддршката на жртвите и на трговијата со луѓе, нивно вклучување во процесите на ресоцијализација и реинтеграција, како и нивна социјална инклузија и превенција од ре-трафикинг.

Исто  така, реализирани се :

- 3 дводневни специјализирани семинари за старатели на деца жртви на трговија со луѓе на кои се обучени 60  стручни лица од центрите за социјална работа;
-два семинари за вклучување на здравствените работници во превенција и заштита на жртви на трговија со луѓе ( 50 учесници);
- За подигање на јавната свест, МТСП ги поддржува активностите кои се во рамките на Програмата што ја спроведува ГИЗ од планираната кампања за 2013 година;
- караван со пантомима во Дебар, Пробиштип (2 настана) и во Скопје за одбележување на „18 ти Октомври, европскиот ден за борба против трговијата со луѓе„ и

- одбележување на „Неделата за борба против трговија со луѓе„ организирана од ЦИР и невладините организации во соработка со НК за БТЛ и ИМ. Кампањата беше насочена кон спречување на трговијата со деца, со цел трудова експлоатација и питачење.

### 1.10.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Оваа програма е составена од четири потпрограми и тоа:

- Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка;
- Инструмент за претпристапна помош
- Развој на човечки ресурси (IPA Компонента IV)
- Транзиционска помош и институционална надградба (IPA Компонента I)

Во доменот на поддршката на процесот за европска интеграција, во текот на 2013 година се преземени следниве активности:

- *Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) - имплементација, редовно следење и известување*

Во МТСП се работеше на имплементацијата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА)-ревизија 2013 и на НПАА-ревизија 2014. Во овој дел, континуирано се реализираа предвидените мерки и активности за усогласување на националното со европското законодавство за поглавјата кои се во надлежност на МТСП, т.е. Поглавје 3.02. Слобода на движење на работници и Поглавјето 3.19. Социјална политика и вработување за што се доставуваа месечни и квартални извештаи.

Во текот на март и април 2013 година, беше изготвен редовниот годишен Извештај за остварениот напредок во процесот на пристапување на РМ кон ЕУ, и во истиот беа наведени сите реализирани активности и остварени резултати во процесот на Европски интеграции на РМ за периодот од септември 2012 до април 2013 година. Во текот на август, се подготви и дополнувањето на Придонесот на РМ кон годишниот Извештај на Европската комисија, со кое беше опфатен и периодот од мај до август 2013 година.

Во текот на годината редовно се известуваше за спроведувањето на активностите од Патоказот за реализација на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво помеѓу ЕУ и РМ, а во февруари 2013 година, беше подготвен Преглед на статусот во спроведувањето на приоритетните активности од Пристапниот дијалог на високо ниво.

- *Ревидирање на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ*

Кон крајот на 2013 година се работеше на ревизијата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА-ревизија 2014) за поглавјата и областите во надлежност на МТСП, т.е. Поглавје 3.02-Слободно движење на работници и 3.19-Социјална политика и вработување.

Беа утврдени краткорочните (за 2014 година) и среднорочните (2015-2016) приоритети, како и конкретните мерки и активности со роковите за нивно реализирање.

Кон крајот на 2013 година, во согласност со утврдените приоритети од Пристапниот дијалог на високо ниво помеѓу РМ и ЕУ, се изготви и нов Акциски план за клучните приоритети во процесот на пристапување во ЕУ, во кој се содржани конкретни мерки и активности што треба да се реализираат во текот на 2014 година, а се во насока на исполнување на клучните приоритети во процесот на пристапување кон ЕУ, како и надминување на наодите од Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2013 година, во делот на политичките и економските критериуми.

- *Инструмент за претпристапна помош (IPA) - Оперативна програма „Развој на човечки ресурси 2007-2013"*

<u>Завршени проекти и постигнати резултати</u>

Во 2013 заврши спроведувањето на следниве проекти во областите вработување и социјално вклучување:

- Техничка помош за „Понатамошна модернизација на АВРМ"во висина од 1,38 милиони евра. Проектот се имплементираше во периодот 9.1.2012 - 9.10.2013;
- Проектот за „Поттикнување на социјална инклузија и инклузивен пазар на труд" во висина од 1,46 милиони евра. Проектот се имплементираше во периодот 19.12.2011 – 18.8.2013;
- Проектот „Зајакнување на капацитетите за интеграција на маргинализираните жени на пазарот на трудот, со посебен фокус на жените од етничките малцинства" во висина од 0,48 милиони евра. Проектот се имплементираше во периодот 10.9.2012 - 10.12.2013;

До крајот на 2013 беа постигнати следниве резултати во рамки на Оперативната програма:

- 7177 невработени лица (млади луѓе на возраст до 27 години, долгорочно невработени и жени) се стекнале со прво работно искуство или со општи, односно стручни вештини (37% од нив биле вработени во мај 2014);
- Дадена е поддршка за вработување на 1162 припаднички од немнозинските етнички заедници -Ромки, Албанки, Турчинки, Бошњачки (2,6% се вработени).
- Разработена е методологија и процедури за воведување на стандардни услуги за невработените на пр. кариерно советување, профилирање, подготовка на индивидуални планови за вработување и сл.) и за работодавачите во сите центри за вработување. Изработени се предлози за поедноставување на дел од процесите во АВРМ и за подобрување на начинот на планирање, следење и известување на активностите на Агенцијата.

- Се организираа обуки за 642 вработени во Агенцијата за советување при вработување и индивидуални планови за вработување, кариерно советување при вработување, управување со индикатори, комуникација со клиентите, напредни курсеви по англиски јазик и excel.
- Подобрена е стручноста на 331 стручни работници во  центрите за социјална работа, Агенцијата за вработување, граѓанскиот сектор за давање услуги наменети за лицата во неповолна положба на пазарот на трудот. Во согласност со развиената Програма за обука која содржеше 8 модули, се спроведоа обуки за работа со ранливите групи, работна терапија, основи на социјалната економија, разработка на бизнис план и воспоставување на локални партнерства.
- Дизајниран е систем на долгорочно предвидување на пазарот на трудот во Република Македонија (т.н. HERMAC модел) и направени се првични проекции на пазарот на трудот.
- Обучени се преку 300 лица од граѓанскиот сектор, локалната самоуправа, социјалните партнери за подготовка и спроведување на проекти од областа на социјалното вклучување.

Проекти во тек

Се спроведуваа следниве проекти:

- втората фаза на проектот „Зајакнување на релевантните актери за социјална инклузија на локално ниво“ во висина од 0,18 милиони евра. Проектот се имплементира во периодот 18.3.2013 - 18.6.2014 и
- Седумте гранта на невладините организации за поддршка на вработување на жените од немнозинските етнички заедницио Вкупната вредност на седумте гранта изнесуваше 1,5 милиони евра. Проектите се имплементираа во периодот од ноември 2012 до април 2014 година.

Подготовка на нови проекти

За преостанатите финансиски алокации од Оперативната програма “Развој на човечките ресурси“, во делот вработување и социјална инклузија во износ од 23,3 мил. евра, беа предложени проекти од секторите и институциите корисници и од социјалните партнери .

Беше договорено да се подготви поширока листа на планирани проекти за максимално искористување на преостанатите алокации од периодот 2007-2013 година, согласно со правилото н+3. По изготвувањето на пошироката листа на проекти, се одржаа два консултативни настани, од кои еден со граѓанските организации и еден со донаторската заедница. На 14.1.2014 година, Владата на РМ ја усвои Листата на планирани проекти за преостанатите алокации од ИПА компонента 4. За проектите кои беа доволно зрели, започна подготовката на Обрасци за идентификација на операции.

*Инструмент за претпристапна помош - Компонента „Помош три транзиција и институционална надградба“ (IPA компонента I)*

- Спроведени се  активности поврзани со техничката имплементација и подготовка на тендерските досиеја во однос на планираните проекти во рамки на Националните програми за 2010 и 2011;
- Спроведени се  активности (техничка помош) во однос на подготовка на тендерска документација за проектот од Националната програма за 2010 година за поддршка на институциите кои спроведуваат релевантни политики за  немнозинските заедници (договор за услуги). Исто така, се спроведе и постапката за избор на твининг партнер и се подготвуваше работниот план и нацрт твининг договорот за проектот за координација на системите за социјална сигурност, слободно движење на работници и ЕУРЕС (твининг договор);
- Во однос на планираниот договор за градба од Националната програма за 2011 година, за поддршка на процесите на локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи, се обезбеди техничка помош преку Рамката за подготовка на проекти (ППФ) и
- Во однос на планираниот твининг договор од Националната програма за 2011 година, за поддршка на имплементацијата на родовата рамноправност, се спроведоа активности за подготвка и финализирање на твининг фишето и негово понатамошно одобрување од страна на ДЕУ.

- *Инструмент за претпристапна помош 2014 – 2020 (IPA 2)*

Во 2013 започна и планирањето за Инструментот за претпристапна помош за периодот 2014 – 2020 (ИПА 2).

Приоритетите се интегрирани во секторот „Образование, вработување и социјални политики“ на повеќегодишниот Национален стратешки документ (Country strategy paper).

- *„ПРОГРЕС – Програма на Унијата за вработување и социјална солидарност 2007-2013”*

И во последната година од имплементација на Програмата „ПРОГРЕС“, МТСП презеде активности за запознавање на јавноста и заинтересираните субјекти со јавните повици. Во 2013 година започна да се имплементира проектот „Од норма до пракса“ Преставници од РМ учествуваа на Третата конвенција на Европската платформа за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост.

- *Меѓународна соработка*

Согласно со обврските преземени од Европската социјална повелба (ЕСП) на Советот на Европа, се изготви и се достави до Советот на Европа, годишен извештај на РМ во кои се опфатени правата од областите вработување, обука и еднакви можности, здравје, социјална сигурност и социјална заштита, како и правата од работен однос.

Се работеше на подготовка на прviот Извештај на Република Македонија за реализација на обврските преземени со ратификацијата на ревидираната Европска социјална повелба.  Овој извештај се однесуваше на членовите од третата тематска група

„Права од работни односи“, т.е. членовите 2, 4, 5, 6, 21, 26, 28 и 29 од ревидираната Европска социјална повелба, за референтниот период 2009-2012 година.

Во текот на годината, редовно се спроведуваа активности за координација и поддршка на имплементацијата на Програмата за соработка за периодот 2012-2014 година со ГИП Интернационал (Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог) на Франција.

Потпишан е Договор за соработка од областа на трудот, социјалната сигурност и вработувањето, помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

Се прошири билатералната соработка на МТСП, со потпишување на Заедничка декларација за соработка во областа на трудот со Федералната јавна служба за труд, вработување и социјален дијалог на Кралството Белгија. Заедничката декларација се потпиша на 21 јануари 2013 година во Брисел, Кралството Белгија.

Се вршеа активности за усогласување на содржината на Меморандумот за соработка помеѓу МТСП на РМ и Министерството за социјални прашања на Република Естонија, во областите на трудот, вработувањето и социјалната политика.

Исто така, се вршеа активности со цел усогласување на содржината на Меморандумот за соработка помеѓу МТСП на РМ и Министерството за труд, вработување и социјална политика на Република Србија, во областите на трудот, вработувањето и социјалната политика.

### 1.10.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

*Оваа програма е составена од две потпрограми и тоа:*

- Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти и
- Развој на информатичката технологија.

**I. Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти**

*Изградени објекти и детски градинки во 2013 година, во следниве општини:*

- Општини: Росоман и Јурумлери-опрема обезбедена од страна на МТСП;
- Групи во други просторни услови во рурални средини: селата:Јанковец, Тополчани, Градско, Ранковце, Бели, Криволак , Пепелиште, Тремник, Јурумлери, Трсино и Чешиново-Облешево .

*Дневни центри за социјално вклучување во општините во Република Македонија и тоа:*

- Центар за аутизам-Скопје;

- Ентериерно уредување на советувалиште за превенција од дрога-Шуто Оризари;
- Дневен центар за лица со попреченост – Кратово ;
- Шелтер центар за семејно насилство Авто команда-Скопје;
- Промена на столарија во детска градинка Вевчани;

Реновирање на ЈУ МОЦСР во Р. Македонија: Свети Николе, Ресен и Пробиштип.
Изведба на пристапни рампи во ЈУ МОЦСР во Р. Македонија: Кичево и Демир Хисар.

**II. Развој на информациско комуникациска технологија**

*Во 2013 година реализирани се следниве активности:*

- Замена на нефункционален хардвер и потреба од нов

Во текот на извештајниот период, набавени се 14 компјутери, 5 лаптопи, 1 ласерски печатар., овие активности ќе продолжат и во 2014 година.

- “Web Buider” систем за управување со веб содржини

Во 2013 година надграден е системот за ажурирање на веб сајтот: mtsp.gov.mk.

### 1.10.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МТСП ЗА 2013 ГОДИНА

*Во доменот на заедничките функции на МТСП во 2013 година, реализирани се следниве активности и тоа:*

***Извршување на буџетот и управување со средства***

Извршувањето на буџетот е со предвидената динамика, спрема планот и распределбата на Буџетот со решенија донесени од страна на министерот.

Извршувањето на буџетот во МТСП, со предвидена динамика, се реализираше во 2013 година за редовни исплати на надоместоците според програми и потпрограми, врз основа на кои е донесен и усвоен Буџетот на МТСП и тоа:

- Администрацијата која работи во областа на борците и воените инвалиди, кои се органи во состав при МТСП;
- Државен инспекторат за труд;
- Установи за заштита на децата;
- Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита-развојна потпрограма;

- Средствата се наменети за функционирање на 30 јавни установи-центри за социјална работа и Заводот за социјални дејности; средства за поддршка на невладините организации за социјална заштита, согласно со Законот за социјална заштита, народни кујни и итн.;
- Установи за институционална социјална заштита;
- Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите;
- Условени парични трансфери;
- Опремување и одржување на објекти за социјална заштита.

Вршени се исплати на повеќе видови на надоместоци и тоа за:

- Социјална заштита;
- Цивилни инвалиди;
- Заштита на деца;
- Борци и воени инвалиди;
- Заштита на бегалци, азиланти и внатрешно раселени лица;

Вршени се различни трансфери по основа на:

- Трансфери до Фондот за ПИОМ и АВРМ;
- Транзициски трошоци по основа на пензиската реформа;
- Пренесување на надлежностите на ЕЛС;
- Поттикнување на вработувањето;
- Борба против корупцијата и организираниот криминал -владина потпрограма и
- Помош при транзиција и институционална надградба-владина потпрограма и развојна потпрограма.

***Управување со човечки ресурси***

Во текот на 2013 година, во областа на персоналниот менаџмент, беа реализирани активности поврзани со: вработување и селекција на потенцијалните кандидати за државен службеник, со соодветен степен и вид на образование.

Во текот на годината беа реализирани дваесет и шест (26) постапки за вработувањ и тоа:

- пет јавни огласи за вработување на десет извршители;
- еден интерен оглас за двајца извршители;
- десет постапки за вработување по пат на преземање со спогодба и

- два огласи за вработување на четри извршители по одредбите од Законот за работни односи, за проектната единица ИПА.

Вработувањата на извршителите е реализирано во следниве звања:

- Државен советник – два извршители ;
- Раководител на сектор –еден извршител ;
- Помошник раководител на сектор - еден извршител;
- Раководител на одделение – пет извршители;
- Советник- два извршители;
- Виш соработник- два извршители;
- Соработник - два извршители;
- Помлад соработник– тројца извршители;
- Самостоен референт - два извршители;
- Виш референт - два извршители;
- Помлад референт – еден извршител;
- Возач - еден извршител и
- Проектна единица ИПА- четири извршители.

*Во насока на рационално користење на расположливите ресурси, беа направени прераспоредувања (хоризонтална мобилност)* .

Во делот на *развојот на човечките ресурси,* беа реализирани активности поврзани со:

а)*Управување со перформанс* ата

б) *Обука и стручен развој на државните службеници*

Реализираните обуки се во согласност со донесената Годишна програма за обука на државните службеници во МТСП од јули 2012 година, за која има добиено позитивно мислење- согласност од Министерство за информатичко општество и администрација. Обуките се на следниве теми:

- Антикорупциски мерки и етика во државната служба (организатор МИОА) (раководители на одделение- 2 извршители);
- Обуката за имплементација на системот на управување заснован на компетенции во државна и јавна администрација (организатор МИОА) –еден советник;
- Управување со човечки ресурси ( организатор МИОА) -самостоен референт и помлад соработник;
- Конзистентна примена на Законот за јавни набавки (организатор МИОА)-раководител на одделение;

- Управување со квалитетот во државниот сектор (организатор МИОА)-раководител на одделение;
- Управување со проектен циклус (организатор МИОА)-раквoдител на одделение и помлад соработник;
- Менторство и воведна обука (организатор МИОА)-10раководни државни службеници;
- Заштита на лични податоци (организатор МТСП) -10 стручни, пет раководни и 10 стручно административни;
- Борба против корупција и судир на интереси (организатор МТСП)-27 советници, 1 раководител на одделение, 1 раководител на сектор, 1 државен советник;
- Изготвување на закони-1 (организатор МИОА)-советник -2 извршители;
- Административно работење- (организатор МИОА )-самостоен референт -2 извршители;
- Обука за евалуација на јавните политики: Учење од компаративни искуства (РЕСПА)-државен советник;
- Обука за успешно управување со програми (РЕСПА)- пом соработник;
- Развој на управувачки способности- организатор МИОА-раководител на одделение;
- Обука за развој на тимови (организатор МТСП)-25 стручни лица;
- Документ менаџмент систем (интерна обука)-15 извршители – стручни и стручно административни;
- Основи на Европска унија- (организатор МИОА)- еден советник и
- Обука на тема медијација во РМ основни принципи, можности и предности- (организатор МИОА)-советници двајца извршители.

***Управување со информациски технологии***

Во текот на 2013 година, се изврши замена на дел од нефункционалниот и застарен хардвер и надграден е системот за ажурирање на веб сајтот mtsp.gov.mk.

***Внатрешна ревизија***

Во 2013 година, извршени се 6 ревизии за кои се изготвени и конечни ревизорски извештаи, и тоа:

1. Ревизија на системот на внатрешна контрола во ИПА структурата, за IV компонента во МТСП. Дадени се 2 препораки за подобрување на системот на внатрешна контрола;
2. Ревизија на системот за внатрешна контрола со процесите на реализацијата на договори во секторот за финансиски прашања. Дадени се 3 препораки за подобрување на системот на внатрешна контрола;
3. Ревизија на регуларност при спроведување и водење постапка за прекршоци од областа на работни односи во секторот за прекршоци од областа на работни односи и областа на безбедност и здравје при работа.

Дадена е една препорака за подобрување на системот на внатрешна контрола;

4. Спроведена е ревизија на следење на препораки во ЈУ Прифатен центар за баратели на право на азил-Визбегово Скопје. Од спроведената ревизија е констатирано дека дел од препораките во целост се спроведени, а дел од нив делумно се спроведени.

5. Ревизија на системот на внатрешна контрола со процесите на воспотавување, реализација и следење во ЈУ МЦСР Прилеп на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Дадени се 7 препораки за подобрување на системот на внатрешна контрола.

6. Внатрешна ревизија за начинот на користење на приходите од игра на среќа и од забавни игри во 2012 и 2013 година, во Националниот совет на инвалидски организации на РМ. Дадени се 8 препораки за подобрување на системот на внатрешна контрола.

Бројот *на* дадени препораки во ревизорскитете извештаи *во* 2013 година, изнесува вкупно *21* препораки.

***Правни општи и заеднички работи***

Давана е стручна подршка на органите во состав и секторите во МТСП од доменот на правните работи, подготовка на акти, правилници , полномошна и други работи кои се во надлежност на секторот.

Освен изготвување на правни акти (правилници, решенија, договори), водена е евиденција за издадени волонтерски книшки, согласно со Законот за волонтерство во РМ, подготвувани се договори за ангажирање на волонтери во МТСП и давана е правна помош на други правни лица за подготвување програми за волонтирање, договори и барања за подигање на волонтерски книшки .

Постапувано е по судски спорови, платни налози, жалби, претставки, предлози, вршени се работи во обласа на архивското, канцелариското работење, следење градби и реконструкции, процес на легализација на бесправни објекти и запишување на имотот кој го користи МТСП во јавните книги во Катастарот на недвижност, водена е евиденција за недвижниот имот кој е даден на користење на МТСП или кој е во сопственост на МТСП. Се постапува по заклучоците на Владата на РМ, кои се однесуваат на детските одморалишта, легализација на објектите, подготвување одлуки за продажба, информации за прогрес на изградбата на нови детски градинки, во соработка со општините во државата, како и реконструкции и адаптации на детските градинки, отворање на детски градинки во други просторни услови во адаптирани простори во училишта, или други објекти, чиј сопственик е РМ или општината.

## 1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2014 ГОДИНА

### 1.11.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Оваа програма е составена од четири потпрограми и тоа :

- Политики за вработување;
- Трудово право;
- Социјален дијалог и
- Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.

Во 2014 година, претставено по потпрограми, се реализирани следниве активности , и тоа:

Преземени активности во 2014 година, во следниве потпрограми:

**I.Политики за вработување**

Во однос на состојбите на пазарот на труд во РМ, во овој период, се забележуваат следниве основни статистички показатели :

| | 2012 | 2013 | 2013 (Q3) | 2014 (Q3) |
|---|---|---|---|---|
| Стапка на невработеност (15-74) | 31.0% | 29.0% | 28.7% | 27.9% |
| Стапка на активност (15-64) | 63.9% | 64.9% | 65.1% | 65.2% |
| Стапка на вработеност (15-64) | 44.0% | 46.0% | 46.3% | 46.9% |

Извор: Државен завод за статистика

Согласно со утврдената динамика, продолжи интензивната имплементација на програмите и мерките предвидени во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување (ОП), во рамките на кој се обезбеди поддршка и поттик при вработување и подобрување на вештините на невработените лица, заради нивна поголема конкурентност на пазарот на трудот. Планираниот опфат со ОП за 2014 година е 10.314 невработени лица, за што се планирани 553,322,983 денари.

Се продолжи со имплементацијата и активностите содржани во Акцискиот план за вработување на млади - 2015 година и се изработи Информација за ревизија на прогресот.

Исто така, се продолжи со имплементација на активностите содржани во Акцискиот план за намалување на сивата економија за 2014 година.

Се имплементираше и проектот - „Форуми со работодавачи“, во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија, работодавачите и единиците за локална самоуправа, кој имаше за цел прилагодување на националните политики за вработување, согласно со потребите на работодавачите. Во рамките на имплементацијата на истиот, одржани се трибини во 30 општини, на кои присуствуваа 667 работодавачи.

Од септември до декември 2014 година, продолжи имплементацијата на проектот Инфо средби со млади, во рамките на кој се одржаа средби во 30 општини и се опфатија 1.170 невработени млади лица кои се информираа за можностите за (само) вработување преку активните програми и мерки на ОП за 2014 година.

Во насока на олеснување на пристапот на услугите до работодавачите и невработените лица, се имплементираа седум регионални саеми за вработување (Скопје, Неготино, Штип, Охрид, Струмица, Битола и Куманово).

Се продолжи со мотивационите обуки, со кои се опфатија 15.622 лица, Програмата за субвенционирано вработување со кои се опфатија 427 лица, како и Програмата за субвенционирано вработување на корисници на социјална парична помош, со која се опфатија 92 лица.

Направени се измени на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со кои се овозможува ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување на млади лица до 29 години во период од 12 месеци, а работодавачот е должен да го задржи лицето уште 12 месеци, по истекот на периодот во којшто е ослободен од плаќање придонеси од задолжително социјално осигурување. Со оваа законска мерка, од почетокот на имплементацијата до 31 декември, ја искористија и се вработија над 5.707 лица.

За намалување на неформалното вработување кај младите лица, покрај даночното олеснување кај младите лица до 29 години, воведувањето на оданочувањето кај слободните соработници т.е независните професионалци и донесувањето на новиот Закон за забрана и спречување на нерегистрирана дејност се имплементираа и превентивни мерки преку Проектот – Одбиј работа на црно, со којшто се опфатија млади лица и професори во 99 училишта и 34 општини. Исто така, во тек се подготовки за измени во трудовата легислатива, со кои ќе се овозможи вршење на инспекциски надзор на непријавени работници од други државни орган кои вршат инспекциски надзор, покрај Државниот инспекторат за труд.

Со проектот Интернет портал на Агенцијата за вработување, заинтересираните невработени лица можат да ги проверат тековните огласи за слободни работни места, а работодавачите имаат увид за состојбата и структурата на невработените лица по одделни општини. Исто така, мошне корисна е и алатката Е-работа, преку која невработените лица можат да креираат и да оставаат своја работна биографија, да имаат увид во својот работен стаж, а работодавачите имаат можност да ги пребаруваат оставените работни биографии, како и да вршат електронско пријавување и одјавување од работен однос, со поседување на валиден сертификат (само за приватниот сектор).

Покрај подобрување на електронските услуги, АВРМ во 2014 година отвори 6 нови дисперзирани канцеларии (Кривогаштани, Новаци, Долнени, Гази Баба и Богданци, Старо Нагоричане) и вкупниот број на дисперзирани канцеларии е 20, со што се олеснува физичкиот пристап до основните услуги (регистрација, информирање за услугите и правата) на невработените лица и работодавачите. Исто така, се отворија и 4 инфо клубови на универзитетите, со што студентите ќе можат да се информираат за состојбите на пазарот на трудот, можностите кои ги нудат активните мерки за вработување и сл.

Проектот мобилна апликација PRV.MK (практикантство, работа, волонтирање) кој започна во 2014 година, со мобилната апликација, лицата кои бараат работа, можат да добиваат информации за нови работни места, обуки, пракси, можности за волонтирање, како и сите новости директно на нивниот мобилен телофон.

Отворени се четири инфоклубови (Економски факултет во Скопје- Универзитет Св.”Кирил И Методиј”, во Тетово ДУТ – Ректорат, инфоклубот во Штип при Универзитет “Гоце Делчев” и инфоклубот во Битола- Универзитет Св. “Климент Охридски”).

Во рамките на услугите на АВРМ во 2014 година, изработени се над 216.759 индивидуални планови за работа.

Со проектот СМС известувања, на невработените лица, преку СМС им се испраќаат информативни пораки и покани за учество во активните програми и мерки за вработување, за посредување при вработување, советување и други услуги на АВРМ ,

Со проектот "Инсертер во дневен печат" се направи промоција на активните програми и мерки и отворените работни места во приватниот сектор. Истиот е објавен на 7.6.2014 година во дневниот весник „Дневник‘‘. Направени се измени на Законот за вработување и работа на странци, со што се намалија роковите во кои АВРМ треба да постапува во однос на поднесено барање и се создадоа услови за зголемување на мобилноста на странците кои имаат засновано работен однос во компании во Македонија, односно можност за префрлување од една во друга компанија, се прошири опсегот на краткотрајните услуги кои се даваат од странците и се зголеми временскиот период во кој овие услуги можат да се даваат и воедно се допрецизира услугата за итни случаи, обезбедена од странски даватели.

***II.Трудово право***

Реализирани се значајни активности поврзани со процесот на подобрување на трудово законодавство, врз основа на искуствата од имплементацијата и укажувањата од страна на социјалните партнери. Имено, извршени се измени и дополнувања на:

-Законот за работните односи ("Сл. весник на РМ" бр.113/14), со цел обезбедување на поголема транспарентност при јавното објавување на слободни работни места, во делот на престанокот на договорот за вработување поради возраст на работникот, а се утврди и обврската за посебните договори, работодавачот да исплаќа придонеси од задолжително социјално осигурување;

-Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Сл. весник на РМ" бр.39/14, 44/14 и 113/14), со кои се утврди нова мерка за субвенционирано вработување на невработени лица - корисници на социјална парична помош од страна на работодавач од приватниот сектор, а се воведе и мерка за ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување за работодавачите од приватниот сектор кои ќе вработат млади невработени лица - до 29 годишна возраст. Беа направени и измени во насока на усогласување со Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност, кои имаа за цел да овозможат поефикасна и поедноставна управна постапка и намалување на административните бариери за граѓаните во остварувањето на нивните права и правни интереси. Последната измена на овој закон беше направена за негово усогласување со останатите закони од областа на социјалното осигурување, со кои во задолжително социјално осигурување се опфаќаат и лицата кои остваруваат приходи по основа на договор за дело или авторски договор;

-Законот за агенциите за привремените вработувања («Сл. весник на РМ" бр.38/14), во насока на усогласување со Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност, односно целта на овие измени е овозможување на поефикасна и поедноставна управна постапка, како и намалување на административните бариери за граѓаните во остварувањето на нивните права и правни интереси;.

- Закон за мирно решавање на работни спорови ("Сл. весник на РМ" бр.27/14), со кој се воведени промени во институционалниот модел на решавање на работните спорови, односно мирното решавање ќе го вршат надворешни лиценцирани помирувачи и арбитри, кои ги исполнуваат законски пропишаните услови;

-Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата ("Сл. весник на РМ" бр. 33/14), со кој се проширува временската рамка за опфатот на лицата. Со измените на Законот се обезбеди паричен надомест и здравствено осигурување на невработените лица на кои им престанал работниот однос по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок, да го остварат и оние лица на кои работниот однос им престанал заклучно со 31.12.2013 година, поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, наместо до 31.12.2004 година, како што беше предвидено со основното решение. Согласно со измените на Законот, заклучно со 1.5.2014 година донесени се 1.724 позитивни решенија и

- Закон за именување на Законот за минимална плата во РМ ("Сл.весник на РМ" бр. 30/14, 180/14), со кој се обезбеди зголемување на минималната плата , сметано од јануари 2016 година, и таа ќе изнесува 10,080 денари во нето износ. Со Законот се утврди и висината на минималната плата и за 2014 и 2015 година (8.800 и 9.590 денари). Со вторите измени се зајакнуваат глобите за работодавачите кои не исплатуваат минимална плата. Со законските измени се предлага глоба во износ од 8.000 до 9.000 евра во денарска противвредност, за прекршок на работодавач, доколку исплаќа плата пониска од минималната плата.

Донесен е Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност ("Сл.весник на РМ" бр. 199/14), со кој се уредуваат прашањата во врска со тоа што е нерегистрирана дејност, кои се исклучоците, кој се смета за соучесник во вршењето на нерегистрираната дејност, надлежните органи за постапување при спречување и заштита на појавата на нерегистрирана дејност, инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон, управните мерки за заштита, како и прекршочните одредби.

Согласно со член 19 од Уставот на Меѓународната организација на трудот, земјите членки имаат обврска да поднесуваат извештаи до Меѓународната организација на трудот во Женева, во однос на нератификуваните конвенции и препораки. Во оваа смисла, беше изготвен и испратен извештајот во однос на Конвенцијата за правото на здружување во земјоделството, 1921 (C 11), Конвенцијата за организации на рурални работници, 1975(C 141) и Препораката за организациите за рурални работници, 1975 (C 149).

Во периодот од 1.6.2014-1.9.2014 година, во кој се врши известување за имплементацијата на ратификуваните конвенции на Меѓународната организација на трудот, до оваа организација испратени се следните 20 извештаи, за коишто, согласно со утврдената временска рамка, требаше да се извести во 2014 година: за Конвенцијата за бело олово (бојадисување), 1921 (C13), за Конвенцијата за подземни работи (жени), 1952 (C45), за Конвенцијата за агенцијата за вработување, 1948 (C88), за Конвенцијата за еднакво наградување, 1951 (C100), за Конвенцијата за дискриминација (при вработување и занимање), 1958 (C111) , за Конвенцијата за чување на машините, 1963 (C119), за Конвенцијата за работничките претставници, 1971 (C135), за Конвенцијата за бензен, 1971 (C136), за Конвенцијата за професионално заболување од рак, 1974 (C139), за Конвенцијата за трипартитна консултација (меѓународни трудови стандарди), 1976(C144), за Конвенцијата за работното опкружување (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977(C148), за Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 (C155), за Конвенцијата за престанок на работниот однос, 1982 (C158), за Конвенцијата за професионална рехабилитација и вработување (за инвалидни лица), 1983 (C159), за Конвенцијата за службите за безбедност и здравје при работа, 1985 (C161), за Конвенцијата за азбест, 1986 (C162) и првите извештаи за Конвенцијата за работа дома, 1996 (C177), Конвенцијата за приватните агенции за вработување, 1997 (C181), Конвенцијата за заштита на мајчинството, 2000 (C183) и за Промотивната рамка за безбедност и здравје при работа, 2006 (C187).

**III.Социјален дијалог**

Развивањето на социјалниот дијалог на трипартитно и бипартитно ниво, е една од заложбите на Владата на РМ. Во 2013-21014 година, се утврдија гранкови репрезентативни синдикати (29 грански) и работодавачи ( еден работодавач на нацонално ниво ).

Претставници на социјалните партнери во јуни 2014 година, учествуваа на годишната конферација на МОТ во Женева.

Во текот на септември 2014 година, започна со реализација Проектот "Промовирање на социјалниот дијалог". Оржана е првата седница на Управниот одбор. Истиот е добиен како директен грант од МОТ и со финансиски средства од ИПА, а ќе се реализира во период од две години со помош на МОТ. Целта на Проектот е зајакнување на капацитетите на социјалните партнери и на трипартитниот социјален дијалог на национално ниво и тоа: зголемување на бројот на локално економско социјалните совети, обуки на социјалните партнери во делот на колективните договори, односно зацврстување на бипартитниот социјален дијалог.

Во овој период, продолжи процесот на колективното договарање.

Во рамките на колективното договарање, продолжени се преговорите за усогласување и потпишување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ.

Потпишана е Спогодба за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството.

Истовремено, во текот на 2013 и 2014 година, беше извршено усогласување на 6 грански колективни договори, а потпишани беа 18 колективни договори на ниво на работодавач.

***IV.Прекршочните комисии од одбласта на работните односи и безбедност и здравје при работа во 2014 година имаат помал број на постапки.***

Двете прекршочни комиси од обласа на работните односи, во 2014 г., ги имаат реализирано следниве активности:

- Добиени се 361 барања за поведување прекршочни постапки
- Процесуирани се 126 известувања до сторителите на прекршоците за нивно изјаснување по наводите во барањата;
- Донесени се 679 решенија со изречени прекршочни санкции- глоба,
- Изготвени се 679 записници за советување и гласање.
- Изготвени и проследени се 7 известувања до надлежните институции за запирање на постапката поради истекот на апсолутниот рок за водење на прекршочна постапка
- Изготвени се 396 одговори на тужби и со целокупната документација испратени до Управниот суд на нивна понатамошна надлежност;
- Изготвени се 512 барања до разни институции ( Централен регистар, МВР и сл.), за добивање одредени подаците заради мериторно одлучување по барањата;
- Изготвени се 99 одговори на жалби до Вишиот управен суд и
- Изготвени се 197 барања за дополнување на прекршочните барања, поднесени од овластените подносители.

Прекршочната комисија од областа на безбедност и здравје при работа, во тековната 2014 година, ги има реализирано следниве активности:

- Добиени се 65 барања за поведување прекршочни постапки;
- Процесуирани се 65 известувања до сторителите на прекршоците за нивно изјаснување по наводите во барањата;
- Донесени се 83 решенија со изречени прекршочни санкции- глоба, .
- Изготвени се 83 записници за советување и гласање.
- Изготвени и проследени се 7 известувања до надлежните институции за запирање на постапката поради истекот на апсолутниот рок за водење на прекршочна постапка
- Изготвени се 25 одговори на тужби и со целокупната документација испратени се до Управниот суд на нивна понатамошна надлежност;
- Изготвени се 89 барања до разни институции ( Централен регистар, МВР и сл.) за добивање на одредени податоци, заради мериторно одлучување по барањата;
- Изготвени се 5 одговори на жалби до Вишиот управен суд и
- Изготвени се 12 барања за дополнување на прекршочните барања поднесени од овластените подносители.

### 1.11.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

Оваа програма е составена од следниве потпрограми:

- Социјална заштита;
- Инспекциски надзор над остварувањето на материјалните социјални права и услуги од социјална заштита;
- Пензиско и инвалидско осигурување;
- Заштита на децата;
- Поддршка на развојот на Ромите и
- Подршка на демографскиот развој на Република Македонија.

*Во 2014 година, претставено по потпрограми, се реализирани следниве активности во доменот на социјалната сигурност, и тоа во:*

**I Социјална заштита**

*Спроведени активности во 2014 година :*

Со измените и дополнувањето на Законот за социјалната заштита („ Сл. весник на РМ” бр.38/14), се создадоа услови за вработување на корисниците на социјална парична помош, преку субвенции за приватните работодавачи, согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Со измени и дополнување на Законот за социјалната заштита („Сл. весник на РМ” бр.44/14), се уредија групите, подгрупите, нивоата на административните службеници, давателите на услуги во јавниот сектор и помошно-техничките лице. Се уредија прашањата кои се однесуваат на класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на учинокот и други прашања во врска со работниот однос на давателите на јавни услуги во областа на социјалните работи во јавните установи за социјална заштита.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РМ“ бр.116/2014) се прецизираа условите и начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, додатокот за слепило, мобилност или глувост со цел за правилно таргетирање на корисниците. Се воведе и комисија за ревизија. Во однос на правото на еднократна парична помош се утврди лимит на средствата за оваа намена во зависност од бројот на жители на територијата на надлежните центри за социјална работа.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РМ“ бр.180/2014), се уреди обезбедувањето на исхраната во установите за институционална социјална заштита и се зголеми висината на социјалната парична помош и постојаната парична помош за 5%.

Со измените и дополнувањата на Законот за семејството („Сл. весник на РМ ” бр.38/14 ), се доуреди постапката за давање на дозвола за склучување на брак помеѓу малолетни лица, се доуреди делот кој се однесува на тоа што се смета за злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности, односно со дополнувањето како злоупотреба или грубо занемарување, се смета и наведувањето на детето на питачење или користењето на детето за питачење и истото се смета за кривично дело и се утврдија глоби за непостапување на центарот за социјална работа.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството („Службен весник на РМ „ бр.115/14) направени се измени во делот на посвојувањето, со цел унапредување на условите за посвојување на деца.

Донесен е Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство заштита („Службен весник на РМ“ бр.138/2014).

Донесена е Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2014 година („Сл. весник на РМ” бр.8/14), согласно со која се продолжува со субвенционирање на потрошувачката на енергија за социјално најзагрозените домаќинства, во висина од 700 денари за секоја платена месечна сметка.

Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2013/2014 година ( „Сл. весник на РМ” бр.44/14 ) се спроведе, преку процедури кои ги спроведуваат центрите за социјална работа, во соработка со средните училишта. Со оваа програма, опфатени се околу 7.000 корисници – деца од домаќинства корисници на социјална парична помош.

Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2014/2015 година ( „Службен весник на РМ” бр.116/14 ), се имплементира сметано до 1 септември 2014 година

Донесена е Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2015 година („Службен весник на РМ“ бр.194/14). Со оваа програма се продолжува со субвенционирање на потрошувачката на енергија за социјално најзагрозените домаќинства, во висина од 700 денари за секоја доставена платена месечна сметка од 1 јануари до 31 јуни 2015, а висината се зголемува на 800 денари за секоја доставена платена месечна сметка од 1 јули до 31 декември 2015.

Во овој период, донесени се следниве подзаконски акти:

1. Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства, потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита - центар за давање помош во домашни услови („Службен весник на РМ“ бр.113/14),

2. Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита - дневен центар за стари и возрасни лица („Службен весник на РМ“ бр.113/14),

3. Правилник за формата и содржината на конзилијарното мислење со наодот, медицинската документација, како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење со наод за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице („Службен весник на РМ“ бр.150/14),

4. Правилник за начинот на вршење на ревизија на наодот, оцената и мислењето за потребата од помош и нега од друго лице, конзилијарното мислење и наод за додаток за слепило и мобилност и додаток за глувост („Службен весник на РМ“ бр.150/14),

5. Правилник за начинот на остварување на правото на додаток за глувост, потребната документација, составот на лекарите специјалисти за давање на конзилијарно мислење и наод во прв и втор степен за потребата од остварување на ова право, формата и содржината на конзилијарното мислење, како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење („Службен весник на РМ“ бр.150/14),

6.Правилник за начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице („Службен весник на РМ“ бр.150/14),

*7.* Правилник за начинот за остварување на правото на мобилност и слепило, потребната документација, составот на лекарите специјалисти за давање на конзилијарно мислење и наод во прв и втор степен за потребата од остварување на ова право, формата и содржината на конзилијарното мислење, како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење („Службен весник на РМ“ бр.150/14) и

8. Правилник за начинот на бодирање на првиот (теоретски дел) и на вториот (практичен пример) на стручниот испит за издавање и обновување на лиценца за работа на стручен работник во установа за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр.167/14),

Во делот на активностите насочени кон јакнење на капацитетите на локалните самоуправи за развој на социјалните услуги на локално ниво, се формираа центри за социјални услуги во четири пилот општини ( Пробиштип, Кочани, Дебар и с.Старо Нагоричане).

Истите работат на препознавање на ранливите групи и идентификацијата на лицата во социјален ризик, нивните социјални проблеми и потреби од социјална заштита.

Формирани се координативни тела за социјална заштита во три општини (Пробиштип, Кочани и Дебар), со цел да се воспостави меѓусекторска соработка на сите релевантни чинители во заедницата, за кои е обезбедена и обука за изготвување на процедури и протоколи за работа, постапување, координација и менаџмент на телото.

Усвоен е Оперативен план за 2014 година за имплементација на Националната стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010/2020 година.

Во февруари 2014 година, отворено е Советувалиште за родители и деца во Прилеп.

Во март 2014 година, отворена е народна кујна во Општина Ранковце.

Во февруари 2014 година, отворен е Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови во Општина Гази Баба.

Во март 2014, отворен е Дневен центар за стари лица во населено место Тимјаник - Општина Неготино.

На почетокот од март 2014 година, ставен е во функција реконструираниот Дом за стари лица „Сју Рајдер"-Битола.

Со донесувањето на Законот за правда на децата, се истакна потребата од проширување на мрежата на формирање на посебни соби за работа со деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела и заради таа цел се отворија пријатни простории за работа со деца во ризик во ЦСР Гостивар и ЦСР Кавадарци.

Во првиот квартал на 2014 година, се организираа обуки за работа со семејство, со деца, вклучително и работа со деца на улица за вкупно 118 вработени во установите за социјална заштита.

Во октомври 2014 година, отворени се народни кујни во Општина Центар Жупа и Општина Демир Капија, а започнати се активностите за отворање на народните кујни во Општина Зрновци и Општина Кичево - населено место Другово.

Отворено е Советувалиште за сторители на семејно насилство во Кичево.

Отворен е Дневен центар за стари лица во Општина Чешиново Облешево.

**II.Инспекциски надзор над остварувањето на материјалните социјални права и услуги од социјална заштита**

Согласно со годишната Програма за работа за 2014 година, во делот на инспекцискиот надзор спроведени се:

- 28 редовни надзори,

- 36 контролни надзори и
- 78 вонредни надзори.

Надзорите се спроведени  во 18 центри за социјална работа, 4 јавни установи и 1 приватни установи за стари лица.

Во оваа насока,  прегледани  се околу 12.500 предмети. За констатираните неправилности од страна на инспекторите, против 44 стручни работници од јавните установи се поднесени иницијативи за поведување на дисциплинска постапка. Спроведени се едукации на 38 стручни работници од 5 центри за социјална работа и 10 стручни работници од 2 јавни установи.

Како ефект од извршените инспекциски  надзори и дадените мерки  за преиспитување на предметите  на корисниците каде што е констатирана неоснована  исплата, односно оствариле право на противправен начин, центарот за социјална работа  склучил спогодби за враќање  на средствата.

## III. Пензиско и инвалидско осигурување

*Во  2014 година донесени се следниве акти  и преземени се следнве активности:*

На почетокот на 2014 година, донесени се измени и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (“Сл. весник на РМ” бр. 43 и бр. 44 /2014) и Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со кои се изврши усогласување со Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор.

Во февруари 2014 година, се одржа средба на експертско ниво меѓу Република Македонија и Унгарија, на која се усогласи текстот на договорот за социјално осигурување. Во јуни /јули  2014 година, се одржа втор круг на преговори со делегација на Република Словачка, со кои целосно се усогласи текстот на Договорот за социјално осигурување.

Договорот за социјално осигурување и социјална сигурност меѓу Република Македонија и Унгарија, е потпишан на 20.11.2014 година, а Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Словачка Република, е потпишан на 21.11.2014 година.

Во 2014 година продолжи да се реализира проектот бањско-климатска рекреација, преку кој 4.450  корисници ја искористија услугата, заклучно со јуни 2014 година. Проектот за 2015 година ќе опфати 5.274 коисници.

Се изврши изменување и дополнување на Законот на пензиското и инвалидското осигурување, со кој во задолжително социјално осигурување, ќе се вклучат и лица кои примаат надомест за авторски договор/ договор за дело.  (“Сл. весник на РМ” бр. 113/2014)

## IV. Заштита на децата

Реализирани се следниве  активности  во  2014  година:

Направени се измени на   Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.12/14, 44/14 и 144/14 ), во насока на подобрување на финансиската состојба на самохраните родители корисници на право на посебен додаток за дете со специфични потреби, кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот и зголемен е износот на посебниот додаток за 50% , како и усогласување на Законот  со Законот за вработените во јавнот сектор.

За добивање на лиценца за работа, воведена е обврска за полагање на стручен испит за директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негуватели во установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст; физички лица кои вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во сопствениот дом и во домот на родителите на детето; лица вработени во агенциите за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, како и на лица кои се заинтересирани да се вклучат во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Покрај тоа, со законските измени се уреди вршењето на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст за време на државни празници и други празници утврдени со закон и во неработни денови, во случај на вонредни состојби ( природни непогоди, епидемии и друго), како и во случај на прекин на работата и неможност за континуирано извршување на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст заради штрајк во јавните установи за деца и начинот на обезбедување на работници.

Кон крајот на 2014 година, во собраниска процедура се достави Предлог за изменување на Законот за заштита на децата, со кој ќе се овозможи остварување на право на посебен додаток и за децата со Даунов синдром и подобрување на финансиската состојба на материјално необезбедените родители корисници на социјална парична помош и постојана парична помош, кои имаат дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот, со зголемување на износот на посебниот додаток за 25%. Покрај тоа, со измените на Законот, се дава можност згрижување и воспитание на децата да се организира во детска градинка/центар за ран детски развој во состав на правни лица за потребите на вработените, како и во образовна институција за образование на стручен кадар за предучилишно воспитание, како и можноста во состав на јавна детска градинка, односно детска градинка во приватна сопственост, да се формира центар за ран детски развој како објект.

Се воведува електронска апликација на барање за остварување на правото на детски додаток (со примена од 1 декември 2016 година). Покрај тоа, се утврдуваат условите кои треба да ги исполни директорот на приватна установа за деца - детска градинка /центар за ран детски развој, приватна установа за деца – детско одморалиште и раководно лице во организациона единица во состав на правно лице.

Во функција на подобрување и подигнување на здравата исхрана на децата во установите за деца, со Законот се предвидува во Стандардите и нормативите за вршење на дејноста, да се утврдат и стандарди за исхрана и оброци.

Се уреди постапката за основање на установи за деца во насока на олеснување при основањето на установите за деца, како и скратување на постапката при промена на седиштето/ просторните услови на установите за деца, како и начинот на претставување на прирачниците и детските списанија и изборот на истите од страна на родителите во установите за деца.

Донесена е Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2014 година, која ги опфаќа пропишаните мерки и активности за заштита и развој на дејноста за заштита на децата („Сл. весник на Р М” број *8/2014).*

Донесена е Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2015 година („Сл. весник на РМ“ бр.202/2014) и Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца -детски градинки по општини за 2015 година („Сл. весник на РМ“ бр.202/2014) .

Донесена е Одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела” во времето од 6 до 12.10.2014 година („Службен весник на Р М“ бр.145/2014)

*Донесени подзаконски акти во 2014 година:*

- Правилник за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца („Сл. весник на РМ“, бр.19/2014);
- Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (“Сл. весник на РМ” бр.28/2014, 40/14 и 136/14);
- Програма за рано учење и развој („Сл. весник на РМ“ бр.46/14);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правата за заштита на децата (Службен весник на РМ, бр.51/2014);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата („Сл весник на РМ “ бр.51/2014);
- Програма за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна („Сл. весник на Р М“ бр.98/14) ;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој (“Сл.весник на РМ”, бр.127/14) .

Врз основа на доставените барања, продолжи постапката за основање на приватни детски установи за што се дадени решенија за вршење на дејноста на : „Снежана Бланшнеж“ во Скопје; “Лилипут“ во Скопје и “Црвенкапа” во Скопје, Гевгелија- с.Богородица, Кривогаштани, Демир Капија, Ѓорче Петров-Скопје, Кисела Вода, Виница, во Истибања, Дојран, населено место Нов Дојран, Битола, Василево и Дебар.

По барање на основачот на детската градинка “Поинт“ во Гостивар, донесено е решение за одземање на решение за вршење на дејноста на приватна установа за деца – детска градинка. Покрај тоа, донесени се одлуки за давање на одобренија за основање на приватни детски градинки и донесени се решенија за завршење на дејност на: „Абецедар”-Охрид; „Спирит” во Скопје; „Бушава азбука -кидс”-Скопје; „Интернационална детска академија ”-Скопје;„Детско царство”-Скопје; „Мали генијалци”-Битола.

Одлуките за давање на одобрение за основање, се доставени на :„Предучилишен центар “НОВА“ и „Ведра“ во Скопје.

Издадено е решение за вршење на одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца и тоа чување и нега на деца од предучилишна возраст, како и чување и нега на деца на возраст над шест години, односно од поаѓање во основното училиште до десет години живот, на повик, на Агенцијата за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст „Бејбиситинг сервис“ во Скопје.

Донесени се решенија со кои се утврдува дека се исполнети условите за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и отпочнување со работа на приватна установа за деца-Центар за ран детски развој „М-Едукативен центар“ во Скопје и „Мали генијалци-Битола.

Донесено е решение со кое се утврдува дека се исполнети условите за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и отпочнување со работа на Центар за ран детски развој „СЛОНЧЕ“ во состав на Јавната установа за деца-детска градинка „Буба мара“ во Општина Аеродром, кој се наоѓа во подрачното основно училиште „ Гоце Делчев“, Скопје во с. Долно Лисиче, од основачот Советот на општина Аеродром.

Во текот на годината се пристапи кон подобрување на капацитетите за што дадени се согласности за вработување на 197 лица во ЈОУДГ.

Дадени се согласности за реализација на проекти кои имаат за цел: унапредување на воспитниот процес и поттикнување на љубовта кон театарските претстави кај децата, развој на македонскиот литературен јазик на интересен и забавен начин, развој на говорот кај децата, надградување на воспитно-образовната работа, примена на вежбите за говор и за вежбите за внимание, подигнување на јавната свест за нарушувањата на растењето кај децата од страна на родителите, како и на стручни лица кои се грижат за децата од предучилишна возраст и во детските градинки, подигнување на свеста на родителите за рационална употреба на антибиотиците кај децата, како и создавање на креативна атмосфера каде што децата преку игра ќе се едуцираат за важноста на здравата храна и здравите продукти, односно подобрување на вештините и знаењата за домашно зготвена здрава храна.

Реализирани се активности за зголемување на капацитетите за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, во јавните установи за деца–детски градинки, капацитетот е зголемен за опфат на 498 деца од предучилишна возраст, а во приватните детски градинки капацитетот е зголемен за опфат на 237 дете од предучилишна возраст .

Во текот на 2014 година, реализирани се 16 редовни инспекциски надзори и 37 вонредни надзори во однос на примената на законските и други прописи од областа на заштитата на децата. Покрај тоа извршени се и 44 стручни надзори во 44 јавни установи за деца - детски градинки.

Во соработка со УНИЦЕФ во Јавните установи за деца – детски градинки, реализирани се следниве работилници (обуки) на следниве теми: **„**Иновативен пристап во унапредување на раниот детски развој преку“„Примена на Стандардите за рано учење и развој во возрасна група на деца до две години“„Воведување на почит кон различности и мултикултурализам во раниот детски развој“,. „Почитување на различностите и мултикултурализмот во градинка“ .

Организирање на 5 еднодневни регионални семинари за запознавање на градоначалниците и одговорните лица од општините со важноста на раниот детски развој, со улогата и обврските на општините во секторот за ран детски развој, и пред се со можностите кои новиот закон им ги дава на општините за отворање на нови центри за ран детски развој.

Во 2014 година со лиценца за работа се стекнале 3.466 лица.

**V. Поддршка на развојот на Ромите**

Реализирани активности во 2014 година:

Во 2014 година, невработени Роми и работодавачи се вклучени во активните програми и мерки за вработување.

Вклучувањето на Ромите во програмите и мерките од Оперативниот план, се реализира во соработка со Агенцијата за вработување и Ромските информативни центри.

До крајот на септември 2014 година, состојбата по одделни програми/мерки е следна:

- во однос на Програмата за "Самовработување", 11 лица се селектирани за обука, а потпишани се договори со 9 лица;
- во однос на Програмата за "Субвенционирање на вработување", склучени се договори со 12 лица Роми;
- во однос на Програмата "Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот" потпишани се договори за следење на обуките со 25 лица, а истите ги завршиле 17 лица Роми;
- во однос на Програмата "Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот од сообраќајната струка", аплицирале вкупно 14 лица Роми, но нема потпишани договори;
- во однос на мерката "Практична работа -практикантство" се пријавиле вкупно 12 лица Роми, но нема склучено договори;
- во однос на мерката "Мотивациони обуки", опфатени се вкупно 215 лица Роми;
- во однос на Програмата за "Самовработување со кредитирање", има одобрение за 11 лица од страна на Управниот одбор, а 9 склучиле договори и
- во однос на Програмата "Општинско-корисна работа", договори се потпишани со 10 лица Роми.

***Вклучување на деца Роми во јавните предучилишни установи во Македонија***

Во јуни 2014 година, подготвен е двогодишен проект, којшто е поднесен за одобрување до РЕФ за 2014/ 2015 и 2015 /2016 година, во којашто се планира да бидат вклучени околу 1.290 деца. на возраст од 3-5,8 години.

Заклучно до крајот на јуни 2014 година, заврши реализацијата на проектот (за 477 деца Роми) за учебната 2013 - 2014 година.

Во текот на септември 2014 година, од страна на РЕФ одобрена е нова апликација за проектот за период кој опфаќа две учебни години (септември 2014 – август 2016 година).

Подготвен е план за имплементација и мониторинг на проектот за учебните 2014/2015 и 2015/2016 година.

Од септември 2014 година, повторно започна спроведување на проектот "***Вклучување на деца Роми во јавните предучилишни установи во Македонија"*** во 18 општини (за 635 деца Роми) за учебната 2014 - 2015 година. Во рамките на проектот повторно се опфатени деца Роми на предучилишна возраст од 3.8 до 5.7 години.

Проектот повторно се спроведува во соработка со Ромскиот едукативен фонд, општините и јавните предучилишни установи.

***Ромски Информативни Центри (РИЦ)***

Во 12-те РИЦ-ови се обратиле вкупно 2.328 лица, кои побарале помош за различни потреби и услуги, од кои најчесто за добивање на информации, логистичка поддршка, совети за остварување на одредени права и обврски, поврзани со образованието, домувањето, вработувањето, здравството, социјалната заштита и обезбедување на лична документација.

Во јануари 2014 година, спроведен е координативен работен состанок со локалните самоуправи и сите чинители во процесот, насочен кон интеграција на ромската заедница, во рамки на проектот "Најдобри практики за интеграција на Ромите (БПРИ)", кој е финансиран од страна на Европската унија, имплементиран од Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР). На работната средба учествуваа претставници од 5 РИЦи (Берово, Кочани, Прилеп, Штип и Гостивар).

Во март 2014 година, спроведени се дводневни информативни средби/работилници со претставници од единиците на локалната власт – во рамките на програмата РОМЕД 2, и претставниците на локалните акциски групи (РИЦи, претставници од заедницата Роми и ромски медијатори). Во тој период спроведени се работилници во општините Виница, Штип, Битола, Прилеп, Гостивар и Тетово.

Во текот на април, РИЦ-овите спроведоа информативни средби/работилници со ромските заедници и:

- претставниците од подрачните единици на Агенцијата за вработување на Република Македонија 6 општини (Тетово, Гостивар, Прилеп, Кочани, Делчево и во Тоопана, Скопје); и
- претставниците од поддрачните центри за социјална работа во 10 општини (Тетово, Гостивар, Прилеп, Кочани, Делчево,Тоопана – Скопје, Битола, Берово, Виница и Куманово).

На 27 Мај , во просториите на ОБСЕ мисија во Скопје, се одржа координативна средба на Националната информативна ромска мрежа, во која присуствуваа информаторите од РИЦи од Берово, Битола, Гостивар и Делчево.

Во јули и август, подготвен е оперативен план за работа на РИЦ-овите, за периодот септември-декември 2014 година.

Во август, во рамките на РОМЕД 2 програмата реализирани се и работни состаноци со локалната акциска група (РИЦ-овите) и вработените во општините за утврдување на приоритетните активности во согласност со потребите на заедницата во рамките на општината.

Во текот на декември, вработените во РИЦ-овите, работеа на активности за потребите на спроведувањето на акцијата за идентификација на лицата коишто не се евидентирани во матичните книги.

РИЦ-овите во текот на декември учествуваа на две работилници одржани во Скопје (на првата работилница се разгледуваа тековните активности и проблеми фокусирани на лицата без документи, додека на втората се разгледуваа информациите и можностите за подобрување на правата на децата Роми).

РИЦ-от во Тетово организираше промоција на проектот Зајакнување на правата на социјално загрозените групи во Западен Балкан (со фокус на Македонија), со поддршка на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ).

Во соработка со УНДП, односно со заедничка иницијатива на УНДП и МТСП за унапредување на работата и ефикасноста на Ромските информативни центри, започнато е спроведување на 3 иновативни проекти. Во рамките на оваа соработка, реализирани се 4 тематски модули за 20 учесници од Скопје - Топаана и Куманово, наменети за млади лица за градење на капацитет за комуникација со ромската заедница. Целта на обуките беше да се обучат млади волонтери коишто ќе бидат контакт лица во РИЦи, ромската заедница и јавноста во споделувањето на информации поврзани со младите. Подготвен е информативен портал со основни информации и документи коишто им се достапни на НВО-и и институциите.

Функционирањето на РИЦ-овите, продолжува и понатаму.

***Бесплатна правна помош за ромската заедница***

Од страна на МТСП, во јуни,е потпишан Меморандумот за соработка со ОБСЕ за продолжување на имплементацијата на проектот "Бесплатна правна помош за ромската заедница".

Во согласност со Меморандумот, продолжи имплементацијата на проектот мобилна правна помош за ромската заедница во ромските невладини организации во Скопје. Според утврдената динамика на спроведување на проектот, се отвори мобилна правна канцеларија во Битола.

***Национално координативно тело за имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите 2005 – 2015***

Во текот на 2014 година, одржани се четири редовни состанока на Националното координативно тело. На состаноците, генерално се информираше за реализираните активности за изминат тримесечен период од страна на ресорните министерства и институции, во рамки на Стратегијата за Роми во Република Македонија и националните акциски планови од Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015.

***Спроведување на акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги на родените***

Во однос на идентификуваните проблеми за запишување на лица во матичната книга на родените, во текот на јануари 2014 година, направена е ДНК анализа на 30 лица за кои што им било потребно и решени се 13 нови предмети.

Подготвен е Акциски план со конкретни активности и одговорности за секоја институција во решавањето на проблемите за идентификација на лицата коишто не се евидентирани во матичните книги на родените.

На 11-12 септември, одржана е дводневна работилница за подготовка на Оперативен план за спроведување на мерките и активностите од АП - подготвен е Оперативен план (учесници - НВО, РИЦи и претставници од ресорните министерства и институции, членови на работната група).

На 26-27 септември, одржана е уште една дводневна работилница, на која се работеше на подготовката и дополнување на прашалник за идентификација на лицата без документи.

Заклучно со декември 2014 година, вкупниот број на лица кои не се запишани во матичната книга на родени изнесува 550 предмети, од кои 281 се машки и 269 се женски лица.

Вкупен број кои се запишани во матичната книга на родени од почеток на акцијата до декември 2014 година изнесува 130 лица.

Во процедура на решавање се 39 предмети, за коишто е потребен дополнителен упис во матичната книга на родени, додека пак за 30 нови случаи во тек е ДНК анализа.

***Проект за Унапредување на имплементацијата на Стратегијата за Роми и НАП***

Во рамки на процесот на подготовка на Национална стратегија за Ромите во согласност со Агендата за социјално вклучување на Ромите со насоките на ЕУ 2020, оддржани се 4 состаноци за интерактивна ревизија со работните групи по тематските области – образование, здравство, домување и вработување.

Подготвен е ToR за Националното координативно тело, кој е искористен за подготовка на Правилник на НКТ. За јакнење на капацитетите на НКТ, како и за подобрување на соработката со НВО-и во текот на март/април 2014 година, реализирани се 4 дводневни обуки/работилници за управување со проектен циклус, подготовка на проектни апликации за ЕУ грантови/проекти, имплементација на релевантни документи насочени кон развој и социјална инклузија на ромската заедница во Република Македонија на тема стратешка контрола на имплементацијата на стратешките документи насочени кон развој и социјална инклузија на ромската заедница во Република Македонија, лобирање и застапување.

Во текот на јуни беше завршено и Поглавјето 2 од нацрт – Стратегијата за Ромите 2014 – 2020.

Се финализира Стратегијата, како стратешки документ на 29.7.2014 година, кој се усвои од Владата на Република Македонија.

***Други активности***

На 12-ти март 2014, во Владата на Република Македонија беше одржана петтата работна средба за Инклузија на Ромите и Роми бегалци.

Од страна на претставници на канцеларијата на УНДП и ОБСЕ во Скопје, се презентираа резултатите од досегашниот тек на спроведување на проектот “Регионална поддршка на капацитетите за постигнување на реален напредок во вклучувањето на Ромите во

општеството” и презентација на истражување – проценка на негативните ефекти од процесот на легализација / со фокус на ромската заедница.

***Ромски здравствени медијатори***

Министерството за здравство и невладиниот сектор, продолжуваат со имплементацијата на проектот "Ромски здравствени медијатори". Покрај постоечките медијатори кои функционираат во шест општини на територијата на Република Македонија, а планирана е и втора фаза од проектот. Новите медијатори ќе бидат ангажирани во нови четири општини (Ѓорче Петров, Гази Баба, Куманово и Делчево).

Подготвен и ставен во употреба е софтвер за евиденција на работата на ромските здравствени медијатори (РЗМ), и спроведена е обука за работа со истиот. Новиот софтвер ќе овозможи да се изготви годишен Извештај за работата на РЗМ, опфатот на ромска популација со нивни услуги, условите во кои Ромите живеат и бројот на здравствени услуги кои Ромите ги добиле како резултат на работата на РЗМ.

***РОМЕД Програма***

Продолжи програмата РОМЕД – концепт на медијаторство поддржана од Советот на Европа и Европската комисија, којашто се спроведува во 6 општини:Тетово, Гостивар, Прилеп, Битола, Штип и Виница.

***Зајакнување на правата на социјално загрозените групи во Западен Балкан (со фокус на Македонија)***

Проектот се спроведува со поддршка на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), во заедничка соработка со Министерството за труд и социјална политика, преку ромските информативни центри во период од октомври 2014 година до јуни 2015 година. Со проектот се предвидува да се подобрат децентрализираните советодавни услуги за особено загрозените групи и етничките малцинства (ромската заедница) и да се зајакнат капацитетите на Ромските информативни центри во однос на пристапот до социјалните услуги за локалните ромски заедници.

Овој проект ќе се имплементира во три пилот општини во Република Македонија: Куманово, Кочани и Тетово.

***Помош на жртвите од холокаустот – хуманитарна и правна помош***

Во рамките на Проектот за помош на жртвите од холокаустот - хуманитарна и правна помош за лица од 65 години, кој се спроведуваше во 2013 и 2014 година, спроведени се едукативни активности, правна помош за целната група, вклучуивајќи и здравствена и хуманитарна помош.

Од септември 2014 отпочна новиот проект за инклузија на децата во предучилишното образование.

**VI. Поддршка на демографските политики и борба против корупцијата во социјалната и детската заштита во Република Македонија**

*Во оваа потпрограма се преземени следниве активности во 2014 година, и тоа:*

- Изготвен е нацрт текст на ревидираната Стратегија за демографски политики на Р.Македонија 2014-2024 година. Оваа нацрт стратегија, е основен документ со кој се идентификуваат приоритетните областите и задачите во формулирањето на демографската политика.
- Со помош на меѓународна експертиза од страна на УНФПА, а преку Одделот за економски и социјални прашања на Обединетите нации (УНДЕСА) и Одделението за социјална политика и развој (DSPD) на крајот на мај, со тим од МТСП, се подготви детален план на активности за потребите на МТСП за:

1) Техничка поддршка за совети и препораки во врска со сеопфатното мапирање на потребите на постарите луѓе во земјата и
2) Обука на државните службеници и партнерите на оваа стратегија за Мадридскиот меѓународен план за стареење, подигнувањето на свеста за потребата за долгорочна нега и грижа, споделување на искуства од други земји во врска со видовите на бенефиции за корисниците на пензии, критериумите и условите за сместување на старите лица во пензионерски домови.

Изготвен е нацрт текст на ревидираната Стратегија за демографски политики на Р.Македонија 2015-2024 година. Оваа нацрт стратегија, е основен документ со кој се идентификуваат приоритетните области во формулирањето на демографската политика.

Изготвен е преглед за спроведените мерките од „Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008-2015" и Извештај за остварените досегашни активности од истата.

Организирани се работилници, со основна цел за прибирање, идентификување на предлози и иницијативи за развој на идните политики за демографски развој, како и за јакнење на капацитетите и координацијата во областа на демографскиот развој.

Идентификувани се приоритети за подобрување на постојните демографски трендови, врз основа на кои е подготвена предлог Стратегијата за демографски политики на Република Македонија 2015 – 2024.

Во рамките на процесот на подготовка на овој стратешки документ, Министерството за труд и социјална политика, со поддршка на Фондот за население на Обединетите нации во Република Македонија, организираше работилници за финализирање на приоритетите и политиките на делување. На овие работилници, активно учество зедоа сите релевантни институции, граѓански организации и домашни експерти кои се носители на Стратегијата за семејство на Република Македонија 2013 година.

Направена е обука за државните службеници за запознавање и примена на основниот концепт и препораките од Меѓународниот мадридски план за акција и

Изработен е преглед за сегашниот систем за собирање и миграција на податоци, согласно со планот на УНФПА- за септември /октомври 2014.

### 1.11.3. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

Оваа програма е составена од две потпрограми:

- Унапредување на родовата еднаквост
- Превенција и заштита од сите форми на дискриминација

*Во рамките на двете потпрограми, реализирани се следниве активности:*

Во март заврши проектот „Зајакнување на капацитетите за концептот на еднакви можности и недискриминација“ во соработка со Британскиот совет, наменети за различни целни групи, како што се социјални и здравствени работници, трудова инспекција, судии и јавни обвинители, во рамките на кој се реализирани над 38 обуки. Со обуките беа опфатени над 800 лица државни и јавни службеници, вработени во судската администрација, социјалните партнери и граѓански организации за идентификување и за делување во случаи на дискриминација.

Изработени се оперативните планови за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост и Стратегијата за родово одговорно буџетирање.

До Владата на РМ, доставена е Информација за унапредување на општествената состојба на Ромките.

Усвоена е и Методологија за родово одговорно буџетирање и истата е доставена до надлежните институции.

Изработен е Извештајот за имплементација на Пекиншката платформа и Платформата за акција (1995), по повод 20 годишнината од донесувањето на истата.

Во ноември е донесен Законот за измени и дополнувања на Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Сл. весник на РМ” бр.166/14).

Во септември е доставен Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост. Правната основа за донесување на Стратегијата и Националниот план за родова еднаквост, се содржани во членот 9 став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Сл. весник на РМ” бр 6/12 ).

Во соработка со Македонското женско лоби, започнаа активностите за јакнење на капацитетите на механизмите за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа. Во рамките на овие активности, одржани се подготвителни состаноци со десетина општини.

Во рамки на Оперативниот план за родова еднаквост за 2014 година, спроведена е работилница за запознавање со концептот на еднаквост и недискриминација, наменета за вработените во трудовата инспекција. Целта на работилницата е разбирањето на овие два концепта, како и препознавање на елементите кои доведуваат до дискриминација.

Исто така, спроведена е работилница со механизмите за родова еднаквост на локално ниво, поточно со комисиите за еднакви можности на жените и мажите и координаторите. Целта на оваа работилница беше за запознавање со концептот на родова еднаквост, обврската и значењето за формирање на комисии за еднакви можности на жените и мажите, нивните надлежности и обврски во унапредувањето на родовата еднаквост на локално ниво.

Секторот еднакви можности во соработка со УН жени, спроведоа работни состаноци со координаторите и комисиите за еднакви можности на жените и мажите, со цел инкорпорирање на родовата перспектива при креирање на локалните акциски планови за економски развој и програми, како и во буџетите на единиците на локална самоуправа. Реализирани се работни средби со 10 општини.

Изработена е оперативна програма за имплементација на препораките на CEDAW Комитетот и во однос на истата е одржана јавна собраниска расправа.

Реализирани се 4 јавни дебати во Тетово, Битола, Скопје и Пробиштип, за програмите за ресоцијализација и реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе и деца.

Направена е обука за волонтерите на Црвениот крст за преземање на превентивни активности за трговија со луѓе.

Изработени и финализирани се индикаторите за идентификација на жртвите на трговија со луѓе (ЖТЛ) и до Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција доставени се подготвените индикатори за идентификација.

Одржани се две обуки за имплементација на Програмата за ресоцијализација на жртвите на трговија со луѓе во Куманово и Дебар.

Во знак на европскиот ден за борба против трговија со луѓе, во Битола е одржана работна средба со мобилните тимови кои работат со жртви на трговија со луѓе.

### 1.11.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Ова програма е составена од четири потпрограми и тоа:

- Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка;
- Инструмент за претпристапна помош
- Развој на човечки ресурси (IPA Компонента IV)
- Транзициона помош и институционална надградба (IPA Компонента I)

Во делот на овие четири потпрограми за усогласување со ЕУ и меѓународната соработка во 2014 година се реализираа следниве активности:

- **Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА)** - *имплементација, редовно следење и известување*

По усвојувањето на ревидираната Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА-ревизија 2014), од почетокот на годината, започнаа и интензивните активностите во МТСП за нејзина практична имплементација.

Во текот на март и април 2014 година, се изготви и се достави до Секретаријатот за европски прашања, редовниот годишен Извештај за остварениот напредок во процесот на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, т.е. придонесот на РМ кон годишниот извештај на Европската комисија за 2014 година, во кој беа прикажани реализираните активности и остварените резултати во процесот на Европски интеграции за периодот од септември 2013 до април 2014 година. Во текот на јули и август, се подготви и дополнувањето на придонесот кон годишниот Извештај на Европската комисија, со кое се опфати и периодот од мај до август 2014 година.

Во согласност со веќе воспоставениот механизам за континуирано следење и ажурирање на реализацијата на НПАА во рамките на Министерството, во текот на годината навремено беа изготвувани и доставувани редовните (месечни и квартални) и потребните

вонредни извештаи и информации за реализираните активности и остварените резултати од значење за процесот на европската интеграција.

Исто така, во текот на годината се одвиваше и редовното следење, ажурирање на статусот и известување за спроведувањето на активностите од Акцискиот план за клучните приоритети во процесот на пристапување во ЕУ за 2014 година, согласно со утврдените приоритети од Пристапниот дијалог на високо ниво помеѓу Република Македонија и Европската унија.

- ***Ревидирање на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ***

Следејќи ја утврдената динамика на ревидирање на овој стратешки документ во рамки на подготовките на Република Македонија за пристапување кон Европската унија, во периодот октомври-декември, во МТСП се подготви и ревизија на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА - ревизија 2015), за поглавјата и областите што се во надлежност на ова министерство. Согласно со методологијата, при подготовката на ревизијата на Националната програма, во предвид се земаа приоритетите утврдени во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво помеѓу Република Македонија и Европската унија и секако, наодите, забелешките и препораките од редовниот годишен Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, како и заклучоците и препораките од одржаните состаноци на телата формирани, согласно со Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија.

- ***Инструмент за претпристапна помош (IPA) - Оперативна програма „Развој на човечки ресурси 2007-2013“***

Завршени *проекти*

Во 2014 заврши спроведувањето на следниве проекти во областите вработување и социјално вклучување:

- втората фаза на проектот „Зајакнување на релевантните актери за социјална инклузија на локално ниво“;
- Седумте гранта на невладините организации за поддршка на вработувањето на жените од немнозинските етнички заедници.

*Проекти во тек*

Започна имплементацијата на:

- твининг проектот „**Поддршка на Агенцијата за вработување на РМ, за имплементација на активни мерки и услуги за вработување“** во висина од 1,2 милиони евра, со цел да се подобрат капацитетите на АВРМ за дизајнирање и имплементација на активните мерки, во согласност со потребите на пазарот и карактеристиките на невработените;
- техничката помош **„Поддршка на борбата против непријавената работа’’** во висина од 1,16 милиони евра, со цел справување со појавата на непријавената работа и зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд;
- набавката на опрема и тоа компјутери, мебел и возила за Државниот инспекторат за труд;

- директниот грант на Меѓународната организација на трудот **„Унапредување на социјалниот дијалог“,** во висина од 1,37 милиони евра (83,9% ИПА, 16,1% МОТ), за зајакнување на бипартитниот и трипартитниот социјален дијалог, како и за заживување на системот за мирно решавање на работните спорови;
- вториот грант на Агенцијата за вработување „**Справување со невработеноста на младите, жените и долгорочно невработените II“**,во висина од 2,02 милиони евра за поддршка на 4730 невработени лица со практична обука, обуки за странски јазици и компјутери и/или стручни вештини;
- Доделување на неповрати средства (грантови) „Социјална инклузија и вработување “во висина од 3,8 милиони евра. Постапката за евалуација е во завршна фаза, и до крајот на декември 2014, се очекува извештајот да се одобри, а договорите со избраните гранд корисници да се склучат во текот на јануари /февруари 2015 година. Операцијата се состои од:
  - програма за доделување на грантови за интеграција на лицата кои се социјално исклучени и дискриминирани (на пр. Ромите) на пазарот на трудот и општеството во целина и
  - техничка помош за корисниците на грантови.
- техничката помош за зајакнување на финансискиот менаџмент и внатрешните контроли во Агенцијата за вработување во висина од 0,25 милиони евра;
- повеќе проекти како техничка помош на Оперативната структура за имплементација на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси“.

*Проекти во подготовка*

Се спроведе тендерска постапка за проекти во висина од 4 милиони евра за реновирање на 12 центри за вработување и 30 објекти на центрите за социјална работа и за набавка на опрема во центрите за вработување.

Се спроведе постапката на оценка на проектите предложени од невладините организации, социјалните партнери, локалната самоуправа, центрите за социјална работа, и сл., во врска со јавниот повик во висина од 3,6 милиони евра за доделување на околу 30 грантови насочени кон лицата кои се наоѓаат во положба на социјален ризик. Обезбедена е и техничка помош на корисниците на грантови за времетраењето на проектите.

За преостанатите финансиски алокации од Оперативната програма „Развој на човечките ресурси“, МТСП подготви обрасци за идентификација на новите операции во областите вработување и социјално вклучување. Операции кои се одобрени од Делегацијата на ЕУ и се спроведуваат постапки на јавна набавка и евалуација на понуди се следниве:

- Техничка помош „**Развој на алтернативни услуги за згрижување на децата**“ во висина од 1.3 милиони евра. Со оваа операција, која се очекува да започне во 2015, ќе се разработат и промовираат алтернативните облици на згрижување на децата за активно вклучување на родителите, а особено на жените на пазарот на трудот. Се спроведе постапката на јавна набавка .
- Техничка помош „**Промоција и услуги на социјална инклузија**“ во висина од 1,7 милиони евра. Со оваа операција која се очекува да започне во 2015 година, ќе се развијат и воведат стандардизирани услуги за професионална рехабилитација и професионална асистенција на лицата со посебни потреби и ќе се надгради базата на податоци за социјалните услуги. Се спроведе постапката на јавна набавка.

  -Доделување на неповрати средства (грантови) **„Социјална инклузија и вработување на локално ниво**“во висина од 2,2 милиони евра. Повикот е објавен на 25.9.2014, а рокот за поднесување на понудите беше 14.11.2014. Во тек е процес на евалуација. Операцијата се состои од:

  - Програма за доделување на грантови за интеграција на лицата кои се социјално исклучени и дискриминирани (на пр. Ромите) на пазарот на трудот и општеството во целина и
  - Техничка помош за корисниците на грантови.
- Техничка помош„**Поттикнување на социјалното претприемништво**“ во висина од 0,8 милиони евра. Проектната документација е во фаза на одобрување и овој проект се очекува да започне во август 2015, во времетраење од 18 месеци.

Со тоа, програмирањето на преостанатите алокации во секторот „Социјално вклучување“ е завршено. Во секторот „Вработување“, во тек е усогласувањето со ДЕУ на следниве операции, предложени од МТСП, кои се во фаза на одобрување:

- **„Поддршка на вработувањето на младите“** (трет директен грант на АВРМ за финансирање на мерки за вработување на младите)
- Техничка помош за „**Развој на човечките ресурси во приватниот сектор“** ( овој проект е на резервна листа)

*Зајакнување на капацитети на ИПА структурата*

Преземени се и активности за понатамошно зајакнување на административните капацитети за спроведување на ИПА. Во МТСП беа дополнително ангажирани 4 лица во двете одделенија за ИПА. Во моментов, во МТСП 10 лица работат на оваа проблематика, со тоа што едно лице во октомври 2014 ја напушти работната позиција и од 22. 12 2014 позицијата ИПА Координатор/СПО е испразнета.

Twinning проектот „**Поддршка на мониторингот и контролата врз операциите финансирани од Оперативната програма “Развој на човечки ресурси 2007-2013”** се имплементираше од март до номеври 2014 и опфати ревизија на внатрешните постапки, упатствата за корисниците на грантовите и обуки за вработените кои работат на мониторинг на ИПА проектите.

- ***Инструмент за претпристапна помош - Компонента „Помош при транзиција и институционална надградба“ (IPA компонента I)***

Од почетокот на 2014 година, во МТСП продолжи спроведувањето на активностите поврзани со техничката имплементација и подготовка на тендерските досиеја во однос на планираните проекти во рамки на Националните програми за 2010, 2011 и 2012.

Во однос на планираниот проект од Националната програма за 2010 година, за **поддршка на институциите кои имплементираат политики релевантни за немнозинските заедници**, Во однос на овој проект, се исполнија бараните услови за вработувања во институциите корисници на проектот во јуни 2014 година Процесот на евалуација на понудите и составување на куса листа се спроведе во периодот јуни – окомвври 2014 год., но и покрај преземените активности за скратување на рокот за доставување на понуди, со цел договорот да се склучи до 30.11.2014 тендрската постапка се прекина за што на 9.12.2014 год. ЦФЦД објави известување дека тендерот се откажува и предвидените финансиски средства од ТАИБ Националната програма за 2010 во износ од 1,8 милиони евра повеќе не се на располагање.

Во тек е имплементацијата на твининг договорот за „**Координација на системите за социјална сигурност, слободно движење на работници и ЕУРЕС“**. Проектот се спроведува согласно со твининг работниот план.

Во однос на планираниот договор за градба од Националната програма за 2011 година, за „**Поддршка на процесите на локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи“,** се обезбеди техничка помош преку Рамката за подготовка на проекти (ППФ) и проектот за подготовка на тендерска документација започна да се спроведува на 7.7.2014 година и ќе се спроведува 12 месеци (заклучно со 7.7.2015). Договорот за градба, со цел поддршка на активностите за инвестиција преку обезбедување на подобри услови за живот на раселените лица – изградба на 100 станбени единици во Општина Сарај, се очекува да се објави во март 2015, а со градежните работи се очекува да се започне во август 2015 година. Исто така, во рамки на ова проектно фише е предвидена техничка помош (договор за услуги), со цел да се поддржи процесот на локална интеграција и вклучување на раселените лица (бегалците и внатрешно раселените лица) и малцинските групи (Роми), преку зајакнување на капацитетите на државната администрација и капацитетите за имплементација и поголема одржливост. Тендерската документација е подготвена во декември 2014 год. и започната е постапка за одобрување на истата. Процесот на евалуација се очекува да започне во февруари /март 2015, а договорот за услуги да се склучи во март/април 2015 година.

Во текот на 2014 година, во однос на планираниот твининг договор од Националната програма за 2011 година, за **поддршка на имплементацијата на родовата рамноправност**, твининг фишето се одобри од страна на ДЕУ и во текот на мај-јули 2014 се спроведе процесот на аплцирање од страна на земјите членки на ЕУ. Процесот на селекција на твининг партер кој започна во средината на септември заврши во ноември 2014 год., како твининг партер се селектираше конзорциумот Велика Британија- Романија-Портругалија. Се подготви на 23.12.2014 год. и се достави нацрт верзија на Твининг договорот, буџетот и првото оперативно писмо ( работен план за првите шест месеци). Твининг партнерите во декември одржаа мисија и состанок со ДЕУ, ЦФЦД и МТСП, во однос на поединостите од твининг договорот и проектот со имплементација се очекува да започне април/мај 2015 година.

Исто така, во текот на јуни 2014 година, во однос на планираниот твининг договор од Националната програма за 2012/2013 година, за **поддршка на превенцијата и заштитата од дискриминација,** се направи модификација на типот на договорот, т.е. твининг договорот

е променет во договор за услуги со иста сума на планиран буџет за проектот (1.105,827 евра). Процесот на одобрување на тендерската документација е започнат во декември и се очекува во првиот квартал на 2015 документите да се одобрат и да започне постапката на тендирање. Исто така, активностите за подготовката на нацрт рамковниот договор за консултантска поддршка, при подготовка на техничката спецификација за набавка на опрема за Комисијата за заштита од анти-дискриминација се во тек, кои се планирани во рамки на секторското фише од НП 2012/2013, во соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда.

***Инструмент за претпристапна помош 2014 – 2020 (IPA 2)***

Започна процесот на програмирање во секторот „Образование, вработување и социјални политики", за утврдување на приоритетите и проектите, се организираа консултации со граѓанскиот сектор, социјалните партнери и донаторската заедница. Од Делегацијата на Европската унија се обезбеди техничка помош за поддршка на процесот на подготовка на секторски документ за планирање 2015-2017 за секторот вработување и образование и Акциски документ 2015. Постапката за селекција на консултанти се спроведе во текот на декември 2014 и нивниот ангажман треба да започне во текот на јануари 2015 година..

- ***„EaSi – Програма на Унијата за вработување и социјални иновации 2014-2020"***

Се презедоа активности за потпишување на меѓународен договор (спогодба) помеѓу ЕУ и РМ за учество во новата програма „Вработување и социјални иновации" (т.н. EaSi), која ќе се имплементира во периодот од 2014 до 2020 година. Учеството на РМ ќе започне во 2015.

Министерството за труд и социјална политика, во текот на септември го усогласи со Генералниот директорат за вработување, социјални прашања и вклучување на текстот на Спогодбата, со тоа што се предвиде учество во столбовите „Прогрес" и „Микро-финансирање" и "Социјално претприемништво", во рамки на годишниот износ на влезниот билет за учество во оваа програма од 200.000 евра. На седницата на 21.12, ВРМ Владата на Република Македонија го разгледа и прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Европската унија и Република Македонија, за учество на Република Македонија во програмата на ЕУ „Вработување и социјални иновации" и го определи министерот за труд и социјална политика на Република Македонија, во име на Владата на Република Македонија, да ја потпише Спогодбата. Се очекува Спогодбата да се потпише во јануари 2015.

- ***Меѓународна соработка***

Согласно со воспоставената пракса и динамика на доставување на националните извештаи по Европската социјална повелба на Советот на Европа, се работеше на подготовка на вториот Извештај за имплементацијата на Ревидираната европска социјална повелба, во кој се опфатени членовите од Четвртата тематска група „Деца, семејство, мигранти", т.е. членовите 7, 8, 16, 17, 19 и 27 ( референтен период 2010-2013), кои ги има прифатено РМ со ратификацијата на Ревидираната ЕСП. Владата на Република Македонија го усвои Извештајот, истиот е преведен на англиски јазик и доставен до Генералниот секретар на Советот на Европа.

Во втората половина на 2014 годината, успешно заврши спроведувањето на Програмата за соработка за периодот 2012-2014 година со ГИП Интернационал (Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог) на Франција и подготвена е нова Програма за периодот 2015-2016 година.

На 2 септември 2014 година, е потпишан меморандумот за соработка помеѓу МТСП на РМ и Министерството за социјални прашања на Република Естонија во областите на трудот, вработувањето и социјалната политика.

Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за труд и социјална политика на Република Бугарија, на 25.11.2014 година, во Софија, потпишаа Меморандум за соработка на полето на трудовото право, пазарот на труд и борбата против непријавената работа .

Во тек се подготвителни активности за потпишување на Изјава за намери за соработка на полето на социјалната политика помеѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за семејство и социјални политики на Р. Турција. Исто така, во тек е билатералното усогласување на текстот на Договорот помеѓу Министерството за национална одбрана на Р. Турција и Министерството за труд и социјална политика на РМ за воени гробишта.

Текстот на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за труд, вработување и социјална политика на Р. Србија, за соработка во областите на трудот, вработувањето и социјалната политика е усогласен, во тек се преговори за одредување на датум за потпишување на истиот.

Билатералното усогласување на текстот на Меморандумот за соработка во областите на трудот, вработувањето и социјалната политика помеѓу Министертсвото за труд и социјална политика на РМ и Министерството за труд и социјална грижа на Црна Гора, е во тек. По усогласувањето на тесктот на документот, ќе се пристапи кон одредување на датум за потпишување на истиот.

Покрената е иницијатива за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за социјална политика и млади на Р. Хрватска. Во тек е билатералното усогласување на тесктот на Меморандумот за соработка помеѓу двете министерства во областа на социјалната политика.

### 1.11.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

*Оваа програма е составена од две потпрограми и тоа:*

- Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти и
- Развој на информатичката технологија.

Во потпрограмата Тековно – инвестиционо вложување, изградба, реновирање и опремување на објекти *2014 година,* се во тек или се завршени и пуштени во функција објекти на детски градинки - групи во други просторни услови и дневни центри за стари лица и лица со пречки во развојот во следниве општини и села:

- Дневен центар за лица со пречки во развој –Струмица;
- Дневен центар за стари лица –Тимјаник- Неготино;
- Детска градинак-група во други просторни услови-Село Долно Оризари-Битола.
- Детска градинка – Нов Дојран;
- Детска градинка –Сарај ( изградбата е во тек);
- Детска градинка – Липково (Општината треба да обезбеди струја, вода и партерно уредување);
- Детска градинак-група во други просторни услови- Боговиње;
- Детска градинка –група во други просторни услови- Село Могорче-Дебар;
- Детска градинка-Василево;
- Детска градинка-Село Моноспитово-Општина Босилево (опремувањето е во тек);
- Детска градинка-Село Оризари-Кочани (градежните работи се во тек);
- Детска градинка-Карбинци (опремувањето е во тек);
- Детска градинка-Кривогаштани;
- Детска градинка- Ѓорче Петров,
- Детска градинка-Јагуновце (јавната набавка е во тек)
- Детска градинка- Чешиново-Облешево; (во Чешиново е пуштена ЈУДГ, а во Облешево градежните работи се во тек)
- Детска градинка-Истибања-Виница;
- Детска градинка- Демир Капија;
- Детска градинка-Црниче-Кисела Вода;
- Детска градинка-Припор-Кисела Вода ;
- Детска градинка –група во други просторни услови-Мешеишта-Дебарца (градежениот дел ќе се обави во 2015г);
- Дневен центар за лица со посебни потреби – Липково (јавната набавка за опрема е во тек);
- Дневен центар за деца на улица-Прилеп;
- Дневен центар за стари лица- Чешиново-Облешево (во тек се градежните работи);
- Дневен центар за деца со аутизам-Штип (градежните работи се завршени, во тек е опремување);
- Дневен центар за лица со интелектуална попреченост, постари од 18 години-Скопје (градежните работи се во тек);
- Дневен центар за деца со посебни потреби-Валандово ( градежните работи се во тек);
- Дневен центар за стари лица-Истибања- Виница
( завршени се градежните работи) и

- Дневен центар за деца со оштетен вид- Скопје.

Во потпрограмта -Развој на информатичката технологија во текот на 2014 година, шест процеси се ставени во ДМС системот, а 14 дотраени персонални компјутери се заменети.

### 1.11.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МТСП ЗА 2014 ГОДИНА

*Во 2014 година, се реализирани и планирани следниве активности:*

Реализацијата на Буџетот се одвиваше со предвидена динамика на реализација на заостанатите и преземени обврски од 2014 година, реализација на редовните исплати на надоместоците според програмите и потпрограмите врз основа на кои е донесен и усвоен Буџетот на МТСП на прва и втора буџетска линија.

***Извршување на Буџетот и управување со средства***

Реализацијата се одвиваваше со предвидена динамика на преземени обврски во тековната 2014 година и тоа:

- Социјалните и детските права;
- Трансферите кон ПИОМ и АВРМ;
- Трансферите за Фондот за здравство;
- Поврат на придонесите од плати за заштитните организации кои имаат вработено инвалидни лица;
- За проектот енергетска сиромаштија;
- Бањско климатско лекување и рекреација;
- Плати и надоместоци за вработените;
- Материјални трошоци, тековно инвестиционо одржување и други исплати предвидени со Буџетот и буџетските планови.

***Управување со човечки ресурси***

Во текот на 2014 година работните процеси во потпрограмата за *управување со човечки ресурси* беше фокусирана на две генерални подрачја и тоа:

1) Персонален менаџмент и

2) Развој на човечките ресурси.

Во доменот на персоналниот менаџмент и јакнење на капацитетите, беа реализирани активности поврзани со вработувањето и селекцијата на потенцијалните кандидати за државен службеник со соодветен степен и вид на образование.

Во текот на 2014 година, беа реализирани 14 постапки за вработување на 29 извршители и тоа:

Вработувањата на извршителите е реализирано во следниве звања:

- Државен советник- три извршители ;
- Раководител на сектор- еден извршител ;
- Раководител на одделение- два извршители;
    - Советник- два извршители;
    - Соработник - пет извршители
    - Помлад соработник– 10 извршители;
- Самостоен референт еден извршител ;
- Хигеничар- курир три извршители;
- Советник ИПА еден извршител.

Во насока на рационално користење на расположливите ресурси, беа направени прераспоредувања (хоризонтална мобилност) .

Во тек е постапка за вработување на 37 извршители, од кои 30 согласно со програмата Д10 во следните звања:

- Државен советник- еден извршител;
- Раководител на одделение- еден извршител;
- Советник- еден извршител;
- Соработник - еден извршител и
- Помлад соработник– три извршители

*Согласно со Д10:*

- Помлад соработник- 15 извршители;
- Виш референт –три извршители;
- Референт –три извршители и
- Помлад референт –девет извршители.

Спроведени се генерички обуки  за различни теми, поврзани со потребите на вработените од различни звања и работни места на следниве теми:

- Меѓународна симулациска вежба СЕЕСИМ (организатор МО), стручни  државни службеници- два извршители;

- Работилница за ревизија на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 (организатор МЛЗ)-18 стручни  државни службеници);

- Стратешко планирање и буџетирање (организатор ГС)-10 стручни државни службеници ;

- Управување со перформанса и 360 евалуација во јавна администрација (организатор МИОА)-раководител на одделение);

- Семинар од областа на социјални статистики (организатор ДЗС)- 12 извршитеки- раководни, стручни државни службеници;

- Барометар за квалитетот на институциите (организатор МИОА)( помлад соработник (2) и самостоен референт (1)  извршител);

- Добро владеење и остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер (организатор Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер)- еден советник и

- Комуникација во јавната администрација (организатор МИОА)- еден соработник.

- Развој на компетенции кај раководни државни службеници, согласно со Рамката за компетенции ( Модул: Стратешко лидерство, лидерство и управување со учинок) – десет (10) раководни државни службеници
- Обука за обучувачи- Имплементација на ЦАФ моделот – еден (1) раководител на одделение
- Обука за Обучувачи-Евалуатор на корисници на ЦАФ моделот еден (1) раководител на одделение
- Обука за обучувачи – Рамка за компетенции еден (1) раководител на одделение
- Стратешко планирање и буџетирање (организатор ГС) - шест (6) стручни државни службеници ;
- Работилница за усогласување на стратешки планови 2015-2017 – двајца (2) раководни државни службеници
- Обука за административно работење – еден (1) државен службеник
- Обука за антикорупциски мерки и етика во државната служба – еден (1) државен службеник
- Обука за изготвување на закони  1 – еден (1) државен службеник

Обука за Управување со човечки ресурси – еден (1) државен службеник

- Обука и работилница за миграција на податоци на ЕНЕР; Предвидени се обуки за обучувачи, обука за владини корисници и работни сесии за миграција за следниве активности*:*
    1. Обука за обучувачи за ЕНЕР – двајца (2) државни службеници
    2. Обука за владини уредници – тројца (3) државни службеници
    3. Работна сесија за миграција на податоци од стариот во новиот ЕНЕР- двајца (2) државни службеници
- Обука за антикорупциски мерки и етика во државната служба – двајца (2)државни службеници
- Обука за запознавање со новите Закони за јавната администрација – двајца (2) раководни државни службеници
- Во рамките на проектот *Барометар за квалитет на институции,* организирана е работилница за соодветно пополнување на прашалниците за евалуација – тројца (3) државни службеници
- Семинар од областа на социјалните статистики за презентација на активностите, резултатите од ЕУ Твининг проектот Поддршка на државниот завод за статистика во градењето на капацитетите и унапредувањето на усогласеноста на статистиките од ЕУ стандардите,- дванаесет (12) државни службеници

***Управување со информациски технологии***

Во текот на 2014 година, шест процеси се ставени во ДМС системот, а 14 дотраени персонални компјутери се заменети.

***Внатрешна ревизија***

Во 2014 година, извршени се 6 ревизии за кои се изготвени и конечни ревизорски извештаи, и тоа:

1. Ревизија на системот на внатрешна контрола во ИПА структурата, за IV компонента во МТСП. Дадена е една препорака за подобрување на системот на внатрешна контрола;
2. Ревизија на регуларноста на јавни набавки во Специјален завод Демир Капија. Дадени се пет препораки за подобрување на процесот на јавни набавки;
3. Ревизија на систем на внатрешна контрола на финансиско работење во 2013 и 2014 година во Националниот сојуз на слепи на Р.М. Дадени се седум препорака за подобрување на системот на внатрешна контрола;
4. Ревизија на системот на внатрешна контрола на финансиското работење во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола. Дадени се седум препорака за подобрување на системот на внатрешна контрола;
5. Спроведена е ревизија за следење на препораки во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола. Од спроведената ревизија е констатирано дека дел од препораките во целост се спроведени, а дел од нив делумно се спроведени и

6. Ревизија на системот на внатрешна контрола на финансиското работење во ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ – Куманово за 2013-та година.

Бројот *на* дадени препораки во ревизорскитете извештаи *во* 2014 година, изнесува вкупно *20* препораки.

***Правни општи и заеднички работи***

Во 2014 година подготвен се правни акти кои се од заеднички интерес на сите органи и сектори, наредби, укажувања за донесени прописи, донесена е интерна процедура за спроведување договори за јавни набавки за канцелариски материјали, тонери и средства за хигиена (февруари 2014 година), а во јуни е донесен Кодекс за однесување и облекување.

**1.12. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2015-2017 ГОДИНА**

**ПРОГРАМИ И ПОТПРОГРАМИ**

**1.12. 1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА– ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

**А: Оправданост и дизајн на Програмата**

**Образложение на Програмата: ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ**

| |
|---|
| **ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА** произлегува од Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2015 година:<br><br>1.Зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот и<br>2.Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото.<br><br>Како и приоритетните цели од оваа одлука:<br>• Политика насочена кон вработување и отворањето на нови работни места;<br>• Натамошно подобрување на деловното опкружување и креирање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници на економските процеси;<br>• Обезбедување на рамномерен развој преку поттикнување на конкурентноста и развојот на планските региони и на општините;<br>• Спроведување на активни политики за вработување и отворање на нови работни места;<br>• Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политики и<br>• Јакнење на владеење на правото. |
| **2. НПАА**<br>• *Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување;*<br>• *Потпоглавје 3.19.1 Трудово право;*<br>• *Потпоглавје 3.19.3 Социјален дијалог;*<br>• *Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд;*<br>• Поглавје 3.02 Слободно движење на работници;<br>• *П1 Заокружување на правната рамка и усогласување со* aquies *во областа на слободен пристап на пазарот на труд;* |

3.**Стратешки приоритети на органот на државната управа (МТСП:**

- Креирање и имплементација на инклузивни закони на пазарот на трудот-усогласени со правото на ЕУ, ефикасни активните политики за вработување,со кои се делува врз знаењето, вештините на понудата на работна сила и подобрување на структуралната невработеност;

**3.1.Цели на органот на државната управа (МТСП):**

- Зголемување на стапката на вработеност;
- Постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство во областа на трудот со законодавството на ЕУ и подобрување на капацитетите за негова имплементација;
- Да се продолжат напорите за интегрирање на секторот на сива економија во формална економија;
- Јакнење на системот за проценка на влијанието на регулативата и
- Зајакнување на администрацијата за користење на претпристапниот инструмент на ЕУ;

| **Назив на потпрограмата**: **Политики за вработување** | **Цел на потпрограмата:**<br>• Креирање и имплементација на ефикасни политики и мерки за вработување, согласно со потребите на пазарот на трудот и усогласување на законодавството со правото на ЕУ и<br>• Поттикнување и развој на функционален и ефикасен социјален дијалог на сите нивоа и поттикнување на колективното договарање. |
|---|---|
| **Показатели за успех на потпрограмата:**<br>-Зголемена стапка на вработеност;<br>- Степен на усогласеност на директивите на ЕУ во областа на трудот и негова имплементација;<br>- Потпишани и усогласени колективни договори;<br>- Број на одржани седници на Економско - социјалниот совет и<br>- Број на формирани трипартитни тела на локално ниво | |

| | | |
|---|---|---|
| **Потпрограмата е:** | ✕ хоризонтална | ☐ вертикална |

| | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Подобрување на стапката на вработеност, намалување на невработеноста. | **Показател за успешност:**<br>- Имплементација на Националната стратегија за вработување, за периодот 2011 - 2015 година;<br>- Зголемување на стапката на вработеност (20-64г) од 1,4 процентни поени годишно за период од 2011-2015 година;<br>- Имплементација на Националниот акциски план за вработување за период 2014-2015 за имплементација на целите од Стратегијата, согласно со интегрираните насоки за политики за вработување од Европската стратегија 2020;<br>-Континуирано следење и информирање за напредокот во имплементацијата од страна на работната група. Број на состаноци одржани и подготовка на извештаи од Работната група одговорна за мониторинг на имплементацијата на Стратегијата и националните акциски планови и<br>-Изработка на Програма за субвенционирање на вработување на корисниците на социјална парична помош. |
| **Резултат 2:** Зголемување на вработливоста на ранливите групи ( жртви на семејно насилство, деца без родители и родителска грижа, бездомни лица, поранешни корисници на дрога, родители на деца на улица, самохрани родители, собирачи на ПЕТ отпадоци, Роми, осудено лице по отпуштање од казнено поправна установа) на регистрирани невработени лица, како и млади лица на пазарот на трудот. | **Показател за успешност:**<br>- Подготвени и имплементирани годишни оперативни планови за 2015, 2016 и 2017 година.<br>- Изработка на шест полугодишни информации за имплементација на годишните оперативни планови за 2015/16и 2017 година |

Б: План за спроведување на Потпрограмата

| | |
|---|---|
| **Назив на Потпрограмата: Трудово право** | **Цел на Потпрограмата:**<br>Имплементација на Законот за мирно решавање на работни спорови |
| **Показатели за успех на Потпрограмата:**<br>Воспоставување на функционален систем за мирно решавање на работни спорови преку промена на институционалниот модел | |

| | |
|---|---|
| Потпрограмата е: ☒ хоризонтална ☐ вертикална | |
| Очекувани резултати (компоненти) од Потпрограмата : | |
| **Резултат 1:** Подготовка на Програма за обука на арбитри и помирувачи | **Показател за успешност:**<br>- Обучени лица за мирно решавање на работни спорови |
| **Резултат 2**. Организирање на обуки за арбитри и помирувачи | **Показател за успешност:**<br>**-**Добиени лиценци за арбитри и помирувачи |

Б: План за спроведување на Потпрограмата

| | |
|---|---|
| **Назив на Потпрограмата: Социјален дијалог** | *Цел на Потпрограмата:*<br>- Поттикнување, развој на функционален, репрезентативен социјалниот дијалог на сите нивоа и поттикнување на колективното договарање. |
| **Показатели за успех на Потпрограмата:**<br>• Одржување на седници на ЕСС; | |

- Формирани трипартитни тела на локално ниво и
- Усогласени колективни договори**.**

| | |
|---|---|
| Потпрограмата е: ✕ хоризонтална ☐ вертикална | |
| Очекувани резултати (компоненти) од Потпрограмата : | |
| **Резултат 1:**<br>Утврдување на репрезентативноста на синдикати и здруженија на работодавачи (социјални партнери | **Показател за успешност:**<br>- Број на одржани состаноци на Комисијата за репрезентативност<br>-Број на донесени решенија за репрезентативност на социјалните партнери |
| **Резултат 2:**<br>Работа на економско социјалниот совет (ЕСС). | **Показател за успешност:**<br>-Одржани седници на Економско - социјалниот совет;<br>- Број на одржани состаноци на работните тела на ЕСС.<br>- Доставени мислења и прерораки од страна на ЕСС до Владата на РМ во однос на закони и стратешки документи; |
| **Резултат 3**: Усогласување на колективни договори | **Показател за успешност:**<br>-Број на усогласени грански колективни договори . |
| **Резултат 4**: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и ЕСС | **Показател за успешност:**<br>-Обуки на социјалните партнери за унапредување и развој на социјалниот дијалог и примена на меѓународни стандарди од областа на трудот;<br><br>-Обуки одржани за јакнење на капацитетите за бипартитно и трипартитно договарање;<br>- Подобрување на техничнко – аналитички капацитети на социјалните партнери во процесот на мониторинг и евалуација на политиките за вработување;<br>- Подобрување на соработката со социјалните партнери во врска со долгорочното планирање на пазарот на трудот;<br>- Обука на членовите на ЕСС и обука на вработените во одделението за социјално партнерство при МТСП на 5 лица |

Б: План за спроведување на Потпрограмата

| | |
|---|---|
| **Назив на Потпрограмата: Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа** | **Цел на Потпрограмата:**<br>- Намалување на повреди на правата од работни односи и безбедност и здравје при работа<br>-Влијание врз надлежните во правните субјекти за подигање на одговорноста, за доследно почитување и спроведување на законите и подзаконските акти од областа на трудовата регулатива |
| **Показатели за успех на Потпрограмата:**<br>- Намален број на повреди на законските и подзаконските акти од трудовата регулатива врз паравата на работната сила;<br>-Зголемена заштита на правата на работната сила на пазарот на трудот од доменот на законските и подзаконските акти од трудовата регулатива. | |

| | |
|---|---|
| Потпрограмата е: X хоризонтална вертикална | |
| Очекувани резултати (компоненти) од Потпрограмата : | |
| **Резултат 1:** Експедитивност во решавањето по повредите на законите и подзаконските акти од трудовата регулатива | **Показател за успешност:**<br>-Спроведени прекршочни постапки во доменот на работни односи и безбедност и здравје при работа во законски предвиден рок;<br>-Бројот на поништени прекршочни одлуки од Управен суд и<br>-Број на извршени правосилни и извршни одлуки од прекршочните комисии |
| **Резултат 2:** Експедитивност преку правниот институт-порамнување со цел исклучување на водење на прекршочната постапка | **Показател за успешност:**<br>- Број на процесуирани прекршочни барања, пред комисиите за прекршоци во МТСП. |

| | |
|---|---|
| **Резултат 3:** Намален број на прекршочни барања во прекршочни комисии во МТСП . | **Показател за успешност:**<br>- Број на решени прекршочни барања од овластени подносители на месечно, квартално и годишно ниво. |
| **Резултат 4:** Број на извршени правосилни одлуки од прекршочните комисии во МТСП | **Показател за успешност:**<br>-Број на доброволно и принудно извршени правосилни одлуки на прекршочните комисии преку УЈП. |

Б: План за спроведување на Потпрограмата

### 1.12. 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**А: Оправданост и дизајн на Програмата-СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ**

**Образложение на Програмата:** **СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ** произлегува од Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2015 година:

1. Зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот;
2. Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото;

Како и приоритетните цели од оваа одлука:

- Обезбедување на сигурност во снабдувањето на потрошувачите со сите видови на енергија и енергенси;
- Унапредување на процесот на децентрализација;
- Обезбедување на рамномерен развој преку поттикнување на конкурентноста и развојот на планските региони и на општините;
- Промовирање на семејството и креирање на политики за поддршка на семејството;
- Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политики;
- Продолжување на реформските процеси во пензиското и инвалидското осигурување и обезбедување на социјална сигурност на пензионерите;
- Јакнење на борбата против корупцијата и организираниот криминал;

- Создавање на систем за заштита и почитување на човековите права и слободи;
- Јакнење на владеење на правото;
- Градење на доверба и взаемно разбирање меѓу заедниците во Република Македонија;
- Интегрирано, ефикасно и модерно работење на администрацијата и обезбедување на услуги целосно приспособени на потребите на граѓаните и бизнис заедницата и
- Создавање на компетентна администрација-сервисно и услужно ориентирана кон одржлив социјален и економски развој на земјата.

2. НПАА:

***<u>Социјалната политика и вработувањето (поглавје 19)</u>***

3.19.6 Социјална заштита

- *Пензиско и инвалидско осигурување*

- ***Поглавје 3.02 Слободно движење на работници***

*-Подрачје 2 Координација на системот на социјална сигурност*

- *П1 Координација на системот на социјална сигурност со земјите членки на ЕУ со кои не се склучени спогодби за социјално осигурување (согласно со член 46 ССА)*

- *П1 Ц1 Заокружување на правната рамка во областа на координацијата на системот на социјална сигурност со земјите членки на ЕУ, со кои не се склучени спогодби за социјално осигурување (согласно со член 46 ССА)*

- *П1 Ц2 Развивање на доволен административен капацитет за спроведување на прописите на Заедницата за координација на програмите за социјално осигурување*

- *П2 Усогласување на правната рамка во областа на социјалната сигурност*

*П2 Ц1 Заокружување на правната рамка во областа на социјалната сигурност*

- *П1 Заокружување на правната рамка и усогласување со* aquies *во областа на слободен пристап на пазарот на труд*

| |
|---|
| - *П1 Ц1 Заокружувањ на правната рамка во областа на пензиското соигурување*<br>- ***Поглавје 3.09 Финансиски услуги***<br>- *Подрачје 2 Осигурување и пензиско*<br>- *П2 Јакнење на капацитетите за спроведување на супервизија врз работењето на субјектите на осигурителниот пазар*<br>- *П2 Ц1 Имплементација на стандардите за супервизија на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС)*<br>- *П2 Понатамошно јакнење на капацитетите за спроведување на супервизија врз работењето на субјектите на осигурителниот пазар*<br>*П2 Ц1 Ефикасно, навремено и адекватно спроведување на супервизија врз работењето на субјектите на осигурителниот пазар*<br>-ЕПП број 2006.0900.08222 |
| 3.Стратешките приоритети на органот на државната управа (МТСП:<br>Унапредување на социјалната сигурност на лицата кои се наоѓааат во социјален ризик и подобрување на животниот стандард на сите категории на граѓани.<br>3.1.Цели на органот на државната управа (МТСП):<br>• Унапредување на системот, правата, услугите од социјална заштита за корисниците и намалување на социјалната исклученост на лицата во социјален ризик;<br>• Подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на граѓаните (во социјален ризик, пензионери, деца, Роми и др.);<br>• Доследно почитување на човековите права<br>• Назор над примената на законите и други прописи од областа на социјалната заштита<br>• Достоинствен живот и социјална сигурност на корисниците на пензија<br>• *Имплементација и продолжување на реформските процеси во пензиското и инвалидското осигурување*<br>• Јакнење на системот за проценка на влијанието на регулативата *во пензиското и инвалидското осигурување*<br>• Надзор над примената на законите и други прописи од областа на пензиско инвалидското осигурување<br>• Поддршка на руралниот развој преку учество во инвестирање во изградба на објекти во системот на заштита на децата, како и отворање на групи во други просторни услови и основање на детски градинки; |

- Креирање на политики за зголемување на стапката на наталитетот, одржлив демографски развој и одржлива стапка на фертилитет во Р. Македонија;
- Креирање политики за подобрување на демографските трендови и развој во Република Македонија и
- Борба против корупција и судир на интереси.

| | |
|---|---|
| **Назив на Потпрограмата: Социјална заштита** | **Цел на Потпрограмата:**<br>-Унапредување на остварувањето на правата и услугите од социјална заштита и социјално вклучување на лицата во социјален ризик;<br>-Остварување и унапредување на системот на социјалната заштита;<br>-Подобрување на квалитетот на живот на социјално загрозени и исклуени семејства и<br>-Спроведување на посебни програми за зајакнување на капацитетите на социјалната заштита. |

**Показатели за успех на Потпрограмата:**

-Спроведување на политики за остварување и подобрување на системот на социјалната заштита ;

- Креирање и спроведување на политики за заштита на деца, посебно од занемарување и злоупотреба, сексуална злоупотреба и педофилија;

- Продолжување на процесот на деинституционализација и трансформација на установите во системот на социјалната заштита на РМ ;

- Креирање и спроведување на политики за социјална инклузија;

- Креирање и спроведување на политики за социјална заштита на бегалци, азиланти, внатрешно раселени лица и повратници од реадмисиони договори ;

- Креирање и спроведување на политики за социјална заштита на лица со ментална или телесна попреченост;

- Креирање и спроведување на политики за социјална заштита на стари лица; и

| |
|---|
| -Креирање и спроведување на политики за социјална заштита на лица со воспитно-социјални проблеми. |

| | |
|---|---|
| **Потпрограмата е:** хоризонтална вертикална | |
| **Очекувани резултати (компоненти) од Потпрограмата :** | |
| **Резултат 1:**<br>Спроведување на социјалната заштита за 2015 година. | **Показател за успешност:**<br>Донесена и спроведена Програма за остварување на социјалната заштита за 2015 година. |
| **Резултат 2:**<br>Обезбедени субвенции за потрошена енергија**.** | **Показател за успешност:**<br>-Донесена и спроведена Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2015 година и<br>-Број на корисници на субвенции за електрична енергија –број на домаќинства. |
| **Резултат 3:**<br>Условени парични надоместоци за средно образование за учебната 2014/2015. | **Показател за успешност:**<br>-Донесена и спроведена Програма за условени парични надоместоци за средно образование за учебната 2014/2015 и<br>-Број на корисници на условени парични надоместоци . |
| **Резултат 4:** Одржување на информативни средби за социјална заштита во рурални средини | **Показател за успешност:**<br>-Број на одржани средби;<br>-Број на иницирани постапки за остварување на права и услуги од социјална заштита и<br>-Број на донесени решенија. |
| **Резултат 5:**<br>Утврдување на степен на попреченост на лицата со инвалидност | **Показател за успешност:**<br>-Број на донесени решенија од страна на ЦСР |

| | |
|---|---|
| **Резултат 6:** Имплементација на Законот за употреба на знаковен јазик. | **Показател за успешност:**<br>-Организирани обуки за изучување на знаковен јазик. и<br>-Зголемен број на толкувачите на знаковен јазик, кои што се ангажираат од страна на глувите лица во сите постапки пред државните институции. |
| **Резултат 7:**<br>Зголемување на бројот на згрижувачки семејства кои ќе згрижуваат деца во ризик. | **Показател за успешност:**<br>-Зголемен број на деца во ризик кои ќе бидат сместени во згрижувачки семејства. |
| **Резултат 8:**<br>Печатење на прирачник за стручните работници од ЦСР за обука на згрижувачки семејства кои работат со деца со воспитно социјални проблеми**.** | **Показател за успешност:**<br>-Отпечатен и дистрибуиран прирачник во ЦСР. |
| **9.** Јакнење на капацитетите за претставниците од ЦСР за групна работа со родители кои имаат деца во ризик . | **Показател за успешност:**<br>-Обуки за претставниците од ЦСР за групна работа со родители кои имаат деца во ризик. |
| **Резултат 10:**<br>Имплементација на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година. | **Показател за успешност:**<br>-Изработка на годишни оперативни планови и извештаи за имплементација на мерките и активностите за спроведувањето на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година. |
| **Резултат 11:** Постепена деинституционализација на лицата со попреченост во менталниот развој над 18 години | **Показател за успешност: -**<br>-Зголемен број на отворени станбени единици за вонинституционална заштита на лица со попреченост во менталниот развој над 18 години и зголемен број на сместени корисници. |
| **Резултат 12:**<br>Подобрување на грижата за децата без родители и родителска грижа | **Показател за успешност:**<br>-Зголемен број на згрижувачки семејства до десет на годишно ниво, за сместување на деца без родители и родителска грижа;<br>-Зголемување на паричниот надоместок за згрижување на деца без родители и родителска грижа за 25%;<br>-Еднократна парична помош за деца без родители и родителска грижа и |

| | |
|---|---|
| | Отворање на нови девет советувалишта за брак и семејство . |
| **Резултат 13:**<br>Подобрување на условите на лица до 26 години кои до 18 години се стекнале со стаус на деца без родители и родителска грижа | **Показател за успешност:**<br><br>-Обезбедено право на домување до 5 лица на годишно ниво;<br>-Обезбедено право на парична помош за лицата кои до 18 години имале сататус на деца без родители и родителска грижа до навршување на 26 годишна возраст (до 10 нови лица на годишно ниво);<br>-Обезбедено право на студирање до 10 нови лица на годишно ниво од оваа категорија;<br>-Програма Д-10 за вработување лица кои до 18-годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа;<br>-Курсеви наменети за децата без родители и родителска грижа и за лицата кои до 18 години имале статус на деца без родители и родителска грижа и<br>-Решавање на станбеното прашање на лицата кои до 18 години имале статус на деца без родители и родителска грижа. |
| **Резултат 14:**<br>Преземање на мерки и активности за превенција и справување со занемарување и злоупотреба на деца. | **Показател за успешност:**<br>-Обучени 60 стручни работници во 30 ЦСР-та;<br>-Спроведена кампања за заштита на деца од сексуална и друг вид на злоупотреба и занемарување и<br>-Отпечатен и дистрибуиран пропаганден материјал-брошури. |
| **Резултат 15:**<br>Преземање на мерки и активности за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија. | **Показател за успешност**<br>-Обучени 30 претсавници на медиумите и<br>-Продолжување на функционирање на ВЕБ страната www.stop-pedofilija.org.mk. |
| **Резултат 16:**<br>Интеграција во општеството на бегалците во Република Македонија. | **Показател за успешност:**<br>-20 бегалски семјства во целост интегрирани во општествените текови, |
| **Резултат 17:**<br>Подобрување на условите за живеење на ВРЛ надвор од | **Показател за успешност:**<br>- Намален број на ВРЛ сместени во колективни центри за 10%, |

| | |
|---|---|
| колективните центри. | затворање на колективните центри во Куманово и<br>-Зголемен број на ВРЛ за 10% згрижени по домаќинства. |
| **Резултат 18**<br><br>Унапредување на вонинституционалните форми на социјалната заштита на социјално исклучени лица ( жртви на семејно насилство, деца на улица, лица во социјален ризик во рурални средини, корисници на дрога) и социјална превенција преку профилот патролна социјална работа. | **Показател за успешност:**<br><br>-Воспоставена патролна социјална работа во општините: Кисела Вода, Битола, Карпош и Штип<br>-Обезбедување на топол оброк во 6 народни кујни во руралните средини на РМ.<br>-Воспоставување на вонинституционална форма за заштита на деца на улица во Гостивар |
| **Резултат 19:**<br>Унапредување и имплементација на политиките за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ и јакнење на меѓуинституционалната соработка. | **Показател за успешност:**<br>- Усвоени годишните оперативни планови за имплементација на Стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ – 2014/15/16 година и<br><br>-Реализирани проекти од Здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. |
| **Резултат 20:**<br>Унапредување и имплементација на политиките за превенција, спречување и заштита од семејно насилство во Р М. | **Показател за успешност:**<br>- Усвоен Протокол за меѓусебна соработка. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Потпрограмата:**<br>**Инспекциски надзор над остварување на материјалните социјални права и услуги од социјална заштита** | **Цел на Потпрограмата:**<br>- Поголема ефикасност во работата на установите од социјална заштита преку континуирани контроли од страна на инспекцијата;<br>- Спречување и санкционирање на повреди и злоупотреби на правата на корисниците и<br>- Доследна примена на законите и другите прописи донесени врз нивна основа од оваа област |
| **Показатели за успех на Потпрограмата:** | |

- Изготвена и имплементирана Годишна програма за работа;
- Спроведени инспекциски надзори и
- Намален број на утврдени неправилности и изречени мерки.

| | |
|---|---|
| **Подпрограмата е:** хоризонтална **x** вертикална | |
| **Очекувани резултати (компоненти) од Потпрограмата :** | |
| **Резултат 1:**<br>Антиципативно предвидување за непречено одвивање на работата на инспекторите. | **Показател за успешност:**<br>Донесена Годишна програма за работа . |
| **Резултат 2:**<br>Спроведени инспекциски надзори и намалување на неправилностите во работењето на Установите за социјална заштита и други правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита. | **Показател за успешност:**<br>Намален број на изречени мерки за надминување на утврдените неправилности во работењето на ЈУ МЦСР од 15% за периодот 2015- 2017 година за 10% . |
| **Резултат 3:** Намалување на бројот на корисниците кои противправно користат социјална парична помош и други парични надоместоци. | **Показател за успешност:**<br>- Бројот на корисниците на правата од социјална заштита со постапките за нивно преиспитување по изречени мерки |
| **Резултат 4:** Вратени средства кои ги примиле корисниците по основа на противправно користење на материјалните права од социјална заштита. | **Показател за успешност:**<br>Вратени средства по извршени надзори од страна на социјална инспекција |

**Б: План за спроведување на Потпрограмата**

| **Назив на Потпрограмата:** | **Цел на Потпрограмата:** |
|---|---|
| **Пензиско инвалидско осигурување** | Примена на прописи од областа на пензиското и инвалидското осигурување;<br>-Афирмација на новиот начин и видовите на исплата на пензиите од задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско |

| | |
|---|---|
| | осигурување;<br>-Регулирање на прашањата од координацијата на системите на социјално осигурување со другите земји,преку склучување на билатерални договори, заради овозможување на движење на лица од земјите договорнички и остварување на нивните права од социјално осигурување;<br>-Обезбедување на редовен трансфер на средства за редовно покривање на дефицитот на Фондот на ПИОМ и транзициските трошоци за поддршка на пензиската реформа;<br>-Унапредување на капитално финансирано-пензиско осигурување и<br>-Имплементација на Проектот на Владата на РМ за бањско климатска рекреација за три години 17.000 корисници на пензии (во периодот од 2015-2017 година) и<br>- Подобрување на животниот страндард на корисници на пензија |

**Показатели за успех на Потпрограмата:**

-Правата од пензиско и инвалидско осигурување остварени во рок, обем и начин утврден согласно со пропишаните закони;

-Донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;

-Редовна исплата на пензии од задолжително пензиско осигурување и зголемување на наплатата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување;

-Склучени се билатерални договори за социјално осигурување;

-Заштита на интересите на членовите на пензиските фондови;
- Едукација на јавноста за капитално финансирано пензиско осигурување;

- Имплементација на проекти за подобрување на животниот стандар на корисниците на пензија и

-Тековна супервизија на друштвата за управување со пензиски фондови

| | | |
|---|---|---|
| **Потпрограмата е:** | **X** хоризонтална | ☐ вертикална |

| **Очекувани резултати (компоненти) од Подпрограмата :** | |
|---|---|
| **Резултат 1:**<br>Контрола над законитоста на работењето на Фондот за ПИОМ | **Показател за успешност:**<br>- Број на предмети на кои е изршена ревизија на наод,оценка и мислење и број на наоди, оценка и мислење на првостепена комисија;<br>- Број на предмети за кои со ревизијата е потврден наодот, оценката и мислењето на првостепената. Комисија и<br>-Дадени согласности на подзаконски акти и подготвени упатства за примена на законите од областа на пензиско инвалидското осигурување. |
| **Резултат 2:**<br>Усвоена иницијатива за склучување на билатерални договори за социјално осигурување. | **Показател за успешност:**<br>-Усвоени иницијативи за склучување на билатерални договори со Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Нов Зеланд, Државата Катар Обединетите Арапски Емирати (Кувајт), Република Азербејџан, Република Узбекистан, Украина, Јужно африканска Република и Израел и<br>-Случени два договори за социјално осигурување со Франција и Албанија |
| **Резултат 3:**<br>Навремена исплата на пензии од задолжително пензиско осигурување. | **Показател за успешност:**<br>-Трансфер на средства од МТСП до Фондот за ПИОМ по основа на дефицит за исплата на пензии до 5-ти во месецот и<br>- Подготвени и доставени квартални извештаи од извршени контроли во ПИОМ. |
| **Резултат 4 :** Спроведена едукација на јавноста за финансиско | **Показател за успешност:** |

| | |
|---|---|
| работење на членовите на задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување | - Број на едуцирани лица и<br>- Број на одржани настани и финансиски едукации. |
| **Резултат 5 :**<br>Обезбедена бањско климатска рекрација на корисници на пензија | **Показател за успешност:**<br>- До 5.500 корисници (годишно) на пензија упатени на користење на услугата за периодот 2015-2017 година. |
| **Резултат 6:**<br>Обезбедување на бесплатен туристички викенд за пензионери | **Показател за успешност:**<br>-До 3.000 корисници (годишно) на пензија упатени на користење на услугата за период 2015-2017 година. |
| **Резултат 7:**<br>Информираност на осигурениците за пензиски стаж "Информирај се за стажот на осигурување" | **Показател за успешност:**<br>-% или број на известени осигуреници за состојбата во вкупниот пензиски стаж и остварени плати (основици на осигурување) или вкупниот број на барања. |
| **Резултат 8:**<br>Обезбеден електронски пристап до податоците за стаж и платен придонес во ФПИОМ. | **Показател за успешност:**<br>-Подготвена и ставена во функција софтверска апликација за електронски пристап за податоци за стаж и плати на осигурениците и<br>-Број на лица евидентирани во системот на задолжително социјално осигурување кои пристапиле за увид во стажот и платениот придонес. |
| **Резултат 9:**<br>Раелизиран проект „Ден за вас"-посветеност на граѓаните и нивните права од пензиското и инвалидското осигурување | **Показател за успешност:**<br>-% или број на осигурени лица кои поставиле прашања и број на поставени прашања и<br>- Број на осигурени лица кои добиле одговор и број на прашања на кои е одговорено. |
| **Резултат 10:**<br>Работа на Советот за социјална сигурност на корисниците на пензија. | **Показател за успешност:**<br>- Одржани најмалку до 6 седници на годишно ниво;<br>-Број на донесени заклучоци доставени до Влада на РМ и<br>- Број на реализирани заклучоци. |

| | |
|---|---|
| **Резултат 11:**<br><br>Поголема транспарентност при сместување во пензионерските домови | **Показател за успешност:**<br>-Подготвен и ставен во функција софтвер за електронско рангирање на корисници на пензија за сместување во пензионерски домови;<br>- Број на електронски поднесени барања за сместување на корисници во пензионерски домови и<br>- Број на потврдени жалби по првостепено одлучување. |

**Б: План за спроведување на Програмата**

| **Назив на Потпрограмата:** **Заштита на децата** | **Цел на Потпрограмата:**<br>• Унапредување на системот и развојот на заштита на децата, креирање на политики, организација и начин на обезбедување на заштитата на децата;<br>• Доследна примена на законите и другите прописи од областа за заштита на децата;<br>• Усовршување на сервисот за заштита на детските права и развој на човечките ресурси и<br>• Надзор, контрола и увид согласно со Законот за заштита на децата и подзаконска регулатива. |
|---|---|

**Показатели за успех на Потпрограмата:**

- Унапреден систем на заштита на децата;

-Заштита на детето, мајката, семејството, согласно со меѓународни норми и конвенции;

- Број на основани нови детски градинки/центри за ран детски развој, нови објекти во наменски и ненаменски простор и групи во други просторни услови;

- Зголемен опфат на деца од предучилишна возраст во јавните установи за деца;

- Број на формирани стручни тимови и советувалишта во јавните детски градинки;

- Обезбеден потребен кадар за вршење на дејноста на установата;

- Зајакнување и унапредување на здравјето на децата од предучилишна возраст;

- Број на спроведени надзори, увиди и контроли и

-Спроведени обуки за градење и јакнење на капацитетите на кадарот во јавните установи за деца и во центрите за социјална работа.

| | |
|---|---|
| **Потпрограмата е:** **X** хоризонтална вертикална | |
| **Очекувани резултати (компоненти) од Потпрограмата : ЗАШТИТА НА ДЕЦА** | |
| **Резултат 1:**<br>-Користење на правата за заштита на децата | **Показател за успешност:**<br>- Вкупен број на опфатени корисници со правата на заштита на децата. |
| **Резултат 2:**<br>-Зголемување на капацитетите за опфат на деца од предучилишна возраст. | **Показател за успешност:**<br>- Зголемување на опфат на децата од предучилишна возраст во детските градинки за 5% годишно;<br>-Зголемување на потребниот број на кадар во новите капацитети за заштита на децата. |
| **Резултат 3:**<br>Постапно обезбедување на стручен и друг кадар, како и функционирање на советувалишта во јавните детски градинки | **Показател за успешност:**<br>- Доекипирање со потребен кадар во јавните детски градинки;<br>-Број на отворени советувалишта за деца и родители во детски градинки. |
| **Резултат 4:**<br>Развој на стручни кадровски ресурси во детските градинки | **Показател за успешност:**<br>-Број на извршени обуки и број на опфатен кадар од јавните општински установи за деца - детски градинки и<br>- Број на стручен кадар стекнати со лиценци за работа. |
| **Резултат 5:**<br>Доследна примена на законите и другите прописи од страна на јавни и приватни детски градинки и детски одморалишта, физички лица и агенции кои вршат одредени работи од дејноста згрижување и | **Показател за успешност:**<br>-Број на дадени мерки за отстранување на неправилна примена на законите и другите прописи . |

| | |
|---|---|
| воспитание на деца од предучилишна возраст | |

**Б: План за спроведување на Потпрограмата**

| **Назив на Потпрограмата:**<br>**Поддршка на развојот на Ромите** | **Цел на Потпрограмата:**<br>Подобрување на интеграцијата на Ромите во областа на:<br>• Вработувањето,<br>• Образованието,<br>• Здраството,<br>• Домувањето и<br>• Социјалното вклучување . |
|---|---|

**Показатели за успех на Програмата:**

- Имплементирање на ревидираната Стратегијата за Роми 2014-2020 и
- Подготвени национални акциски планови

**Подпрограмата е:** **X хоризонтална** ☐ вертикална

| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** | |
|---|---|
| **Резултат 1:**<br>**Зголемување на вработеноста кај ромската популација** | **Показател за успешност:**<br><br>- Зголемено учество на Ромите во програмите за вработување на Владата на Р М; |

| | |
|---|---|
| | - Ангажирани лица Роми во РИЦ<br>- Ангажирани негувателки Ромки во предучилишното образование;<br>- Спроведување на пилот проект за подршка на програми/активности спроведени од НВО - заради зголемена искористеност на активните мерки за вработување од страна на ромската заедница и<br>- Развивање на концептот на медијаторство преку РОМЕД Програмата поддржано од Советот на Европа за ромски медијатори и локални работни групи. |
| **Резултат 2:**<br>**Вклучување на деца Роми во предучилишното образование** | **Показател за успешност:**<br>- Зголемен број на вклучени деца Роми во предучилишното образование. |
| **Резултат 3:**<br>**Подобрување на социјалното вклучување на Ромите** | **Показател за успешност:**<br><br>- Намалување на бројот на Роми коишто не се евидентирани во матична книга на родени и нивно вклучување во системот на социјална заштита;<br>- Правна помош за ромската заедница и<br>- Спроведување на пилот проект-подршка на НВО заради спроведување на активности за намалување на бројот на ученици Роми, кои се вклучени во училиштата за деца со посебни потреби. |

**Б: План за спроведување на Потпрограмата**

| | |
|---|---|
| **Назив на потпрограма**: **Поддршка на демографски политики и борба против корупцијата во социјалната и детската заштита во РМ.** | **Цел на потпрограмата:**<br>• Развивање на акциски планови за миграциски политики и Акциски план за политики наклонети кон семејствата-семејни политики; и<br>• Подобрување на демографската состојба во Република Македонија, преку јакнење на капацитетите за инкорпорирање на популационите динамики, политики и нивните врски со потребите за младите, планирање на семејството, справување со процесот на стареење и |

| | |
|---|---|
| | миграциите. |

| |
|---|
| **Показатели за успех на потпрограмата:**<br>-Одржлива стапка на фертилитет;<br>-Зголемена стапка на наталитет;<br>- Намалена стапка на миграции;<br>-Зголемена стапка на вработеност на младите (15-29г.);<br>-Зголемено учество на младото население во вкупното население во РМ и<br>- Подигање на свеста на граѓаните, за борбата против потенцијалната корупција и судир на интереси, во доменот на социјалната и детската заштита. |

| | | |
|---|---|---|
| **Потпрограмата е:** | **X** хоризонтална | ☐ вертикална |

| | |
|---|---|
